# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дванаесеттото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 февруари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Значи, како што најавив минатиот пет, збор има пратеникот Томе Тромбев, а нека се подготви пратеникот Ванчо Стаменков.

Повелете господине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колешки и колеги пратеници,

Јас, како и другите колеги, да го искажам моето мислење по повод предлогот за донесување на закон за територијалната организација на територијалните самоуправи на Република Македонија, бидејќи сметам дека овој закон е многу значен, со оглед на тоа што со неговото донесување има значајно влијание на севкупниот развој во Република Македонија и затоа сите ние треба да дадеме свој придонес за неговото изготвување, а се разбира и неговото донесување.

Територијалната организација е како технички комплексно и политички чувствително прашање, беше одлагана неколку пати од повеќе причини. Најпрво, од претходната Влада, која немаше политичка волја и храброст да ја спроведе сопствената стратегија или акционен план за децентрализација во 1999 година, а потоа се чекаа резултатите од пописот на што и упатува Охридскиот договор, така

што денес доведени во временски теснец, конечно сме кај предлогот за донесување на закон.

Кога ќе се спомене новата територијална организација на локалната самоуправа оспоруван или неоспоруван, поводот се бара во Охридскиот договор. Но, се заборава дека територијалната организација како искуствена потреба постои многу порано пред неговото потпишување. Уште во 1997 година, во националната стратегија за економски развој, изработена од МАНУ, значи само една година после востановувањето на новата локална самоуправа во Главата 9 - Регионална компонента на развојот, се воочени аномалиите на тогаш новата територијална организација и потребата од изготвување на посоодветна, во насока на економскиот развој, имајќи ги во обзир сите дотогаш применети системи до 1964 година, со 61 општина и 7 околии. Од 1964 година па наваму, па се до 1996година со 30 до 34 општини, се разбора во различни периоди и последната 1996 година со 123 општини, за кои во дел од текстот се вели, цитирам: “Може да се издвојат следните типови општини, општини кои што во дадена етапа не постои критична маса на средства и други услови за автономен развој. Општини во кои што постојат одредени предуслови за саморазвивање, меѓутоа нивното потполно ефектуирање бара помош од страна на државата. Општини во кои што во современата фаза постојат претпоставки за саморазвивање без помош од државата и

Четврто, општини во кои се високи екстерните трошоци на развој, поради економската и општествената нецелисходност на концентрацијата.

Искуството покажа дека ефикасен развој со избегнување на последиците од претерана концентрација во главниот град може да се постигне ако регионалните приоритети и ресурси се локализираат и ефектуираат преку регионите кои имаат критична маса на предуслови за развој, формирани околу средните градови. Во повеќе земји во развој, улогата на метрополските центри и малите градови, се повеќе се супституира со подобрување на развојните перспективи на градовите со средна големина, завршен цитат.”

Како што напомнав, постојната локална самоуправа и територијално разграничување на општините извршено во 1996 година и денес во контекст на темата вистинските прашања се: дали така дефинираната локална самоуправа со сите нејзини ингеренции, како и територијалната организација на Република Македонија по општини со нивниот број и големина, ги исполни целите на постојниот закон. Колку Законот за територијална поделба придонесе за подобрување на

условите за живот и работа на граѓаните и дали сите 123 општини и Градот Скопје имаат капацитет самостојно да ги остваруваат функциите. Општата оценка за ефектите кои се постигнати до сега од постојните закони, може да се искаже како незадоволителна. Не само поради недоволната фискална децентрализација и за онака оскудните надлежности, туку и функционирањето на новоформираните општини преку 34-те стари општихи во кои беа концентрирани подрачните единици на министерствата. Особено сим;птоматично звучи кога слушаме за големата промашеност на концептот на тогашната територијална поделба на Републиката и зошто токму дел од тогашните креатори на тој концепт денес се и негови најголеми критичари, нудејќи нови верзии за нова територијална организација на Републиката.

Пред усвојувањето на постоечкиот закон за територијална поделба на Републиката, беше укажувано на редици слабости и недоследности на таквиот закон, кој за жал воопшто не беа земени во предвид при неговото усвојување. Ќе набројам само дел од тогашните забелешки кои во сегашниот предлог се земени во предвид во самите критериуми.

Како прво, економската сила на Републиката и реално очекуваните инвестициони вложувања за остварување на тој концепт со големиот број на општини, не беа во состојба да го спроведат во дело тавкиот концепт, дотолку повеќе што државата не беше спремна за финансиска интервенција, заради одржување во кондиција на административните и управувачките служби во новите единици на локалната самоуправа. Голем број мали општини го прави речиси бесмислен процесот на планирање и предвидување на идниот развој.

Второ, за остварување на таквиот концепт потребни беа поголеми вложувања, посебно во урбанизацијата на новите центри на општините, со сите атрибути на современас уредени и инфраструктурно опремени населби со патишта, улици, водоводи, канапизации, училишта и тн. и тн. Се разбира, сето тоа за да не се дозвои супстандарно живеење. Ниту поголемиот број новопредвидени општини, самостојно, ниту Републиката во целост, не беа спремни да ја растварат ваквата стратегија за развој ни за еден релативно подолг временски период.

Трето, ревитализацијата на запуштените простори, како што впрочем на сите други простори во Република Македонија требаше да произлезе и да биде резултат на плански насочувања, во зависност од потенцијалите на посматраните простори и можностите за рационална експлоатација на расположивите природни

ресурси и од човекот создадени вредности, а никако да биде резултат на некакви желби и интереси, политички влијанија или демонстрација на моќ.

Четврто, усвојувањето и спроведувањето на така предложениот концепт за формирање на новите општини, без претходна промоција на пошироки просторни согледувања за развојот на Република Македонија во целост, дека може да доведе до натамошна дезинтеграција и на просторен и на економски и на социокултурен план, дотолку повеќе ако не се прифатат укажувањата за потребата од здружување на пооделни општини во поголеми просторни и функционални целини.

Дефинираните критериуми кои што се дадени во законот, како демографската големина на општината и општинскиот центар, економската одржливост на општината, објектите од општествен стандард, инфраструктурната опременост на општинскиот центар, природните и географските услови, културните, историските, еколошките и други услови, втемелени на принципите на просторното планирање, рамномерниот економски развој, фискалното порамнување, контролата на остварувањето на пренесените надлежности на локалната самоуправа, правниот поредок и унатирноста на целата територија на државата, барем за мене се неутрални и објективни критериуми.

Вака дефинираните критериуми и принципи даваат реална формула, која независно која политичка партија или етничка заедница ја применува, доведува до приближно ист број општини. Сосем е ирелевантно дали тој број ќе биде во маргините на 62 општини како што предлага Владата, или 85 општини како што предлагаше опозицијата до пред три месеци. Но, сигурно знам дека тој број не треба да биде ниту 34, ниту 123 општини. Понатаму ќе кажам и зошто така размислувам.

Почитувани пратеници, прашањето за територијалните граници на општините денес добива политички, етнички и други димензии, до степен што може целосно да го наруши процесот на децентрализација. Денес живееме во време кога емоциите, желбите и надежите за опстанување на досегашните општини ја зголеми зачестеноста на локалните реакции. Внатрешната соработка и функционалната поделба на работата во државата станаа покомплицирани. Некои локални самоуправи ги занемаруваат подолгорочните рамки и поширокиот контекст на територијалната организација кои очевидно потешко е да се визуелизираат и да се променат. Со право се нагласува грижата на човекот како темелна вредност и за негово уставно право за учество во одлучувањето и донесувањето на разно разни одлуки и решенија. Но, што се случува кога се работи за прашање од стратешко

значење за долгорочниот развој на државата? Теоретски прецизно не може да се даде вистинскиот критериум за организацијата на земјата со оглед на бројот и големината на единиците на локалната самоуправа. Не е тоа ниту математички, ниту административен изум, затоа што општината е постара од државата и е природен продукт на меѓучовечката комуникација. Ако создавањето развојот и пропаѓањто на најдолемиот број на држави, гледано низ историски цивилизациска ретроспектива, секогаш покрај другото се темелело врз три основни конститутивни елементи: територија, народ и јазик, кои елементи претставувале кондицио сине кванон, за постоење на било која држава, по истата аналогија, создавањето, развојот и пропаѓањето на локалните самоуправи има три основни елементи: територија, население и економски потенцијал што значи ниво на развој. Природно, овие елементи се од национален карактер кога се работи за територијалната организација на една земја.

Од друга страна, реалноста во многу држави, па дури и на неодамнешните системи на локална самоуправа во најголемиот дел од европските држави прифати други причини, историски и традиционални основи на територијалната организација.

Првото европско законодавство по ова прашање во 19-от век само ја утврдува постоечката суштинска состојба, тврдејќи дека општините основани на овој начин се природни заедници на граѓаните од едно место, поврзани со взаемни интереси, потреби, одредена солидарност меѓу нивните граѓани и развој на локалната гордост и патриотизам. Додатен аргумент често се прави во корист на малите општини, каде терминот лопштина се однесува на нешто општо што го поврзува нејзиното население. Но, дали малото е секогаш ефикасно и со самото тоа и целисходно. Често го слушаме и од оваа говорница примерот на Словенија со голем број на аномалии, локални самоуправи кои што слично на примерот на Македонија до 1991 година имаа 62 општини, потоа во 1994 година со новиот закон за територијална организација имаа 147 локални самоуправи и можност во самиот закон за по пат на референдум да се основаат нови локални самоуправи кои што број достигна и до 192 локални самоуправи во Република Словенија. Но, едно се заборава, се заборава дека во овој момент во Република Словенија се води дебата за воведување во Уставот на втор степен на раководење. Па затоа, во овој период како земја апликант во Европската унија, за да го премостат ова прашање, моментално во парламентарна процедура е закон за рамномерен регионален развој

каде што се основаат 14 развојни региони, нешто пандан на таа второстепена самоуправа, бидејќи во овој момент по Уставот на Република Словенија локалната самоуправа е едностепена. Не е исклучена споредбата и со други туѓи искуства, но под услов земјите да се со идентична едностепена самоуправа и без занемарување и потценување на сопствениот менталитет и искуство.

Исто така, кога се вршат компарации со развиените земји во Европа, како во поглед на големината и бројот на жителите во единиците на локалната самоуправа, така и во поглед на нивните физички и општествени структури, би било логично да се споменат и разликите во економската моќ на развиените европски земји од една страна, кои имаат далеку поголеми можности за издвојување на заедничките потреби и цели и од друга страна економската моќ на Република Македонија.

Македонија, од вкупно 123 општини, е со 45 мали општини, под 5000 жители, и без втор степен на локална самоуправа.

Големината на општините е важно прашање. Од гледиштето на демократската теорија, некој би можел да тврди дека колку што се помали општините до толку е поголема демократијата, бидејќи граѓаните би можеле да учествуваат во јавниот живот во поголема мера. Исто така, полесно е да се практикуваат разни форми на непосредна демократија. Но прашањето на големината е се уште важно затоа што општините би требале да имаат на свое располагање потребни ресурси (финансиски, човечки итн.) за успешно задоволување на локалните потреби. На многу малите општини им недостасуваат доволно ресурси за обезбедување на потребните услуги за нивните граѓани. Исто така, нема гаранција дека тие се управувани подемократски од оние кои се поголеми. Многу често моќта може полесно да се фокусира во една група отколку во општини кои се поголеми, поразнообразни и со поголеми ресурси.

За некои ЛС од животна важност е да останат независни општини заради очекуваната поддршка од државата. Како делови на поголеми општини ним би им било многу потешко бидејќи вкупниот износ на државната финансиска помош за поголемите општини е помала отколку ако е поделена на помали општини. Со добиените субвенции, општините можат многу полесно да ја подобрат нивната основна инфраструктура (патишта, цевоводи итн.), но потоа тие се соочуваат со ограничувања, бидејќи најголем број од проблемите со кои се соочуваат ги преминуваат границите на општината или немаат способност да се справат со нив

(човековата околина, развојот, образованието итн.). Кога би направиле корелација со закон за финансирање на ЛС –тука можат да се подведат некои ЛС со мал број жители и мала густина на населеност, па дури до 1 жител на км2. Проблеми на малите општини се ретка населеност, старо население, нема квалификувани кадри, нема стопански субјекти, нема објекти од општествениот стандард, имаат неразвиена техничка инфраструктура.

Немам намера да ги негирам позитивните искуства што некои општини ги остварија, особено во инфраструктурата, но тоа во голема мера беше направено со буџетската поддршка. Попоразителна е сликата ако се погледне финансиската ликвидност на буџетите и фондовите на голем број општини со блокирани жиро-сметки и неможноста елементарно да опстанат. Затоа неодминливо е прашањето на територијалната организација во контекст на вкупните промени со децентрализацијата.

Со предложената нова територијална организација помалите рурални општини ќе се присоединат кон посилните рурални или градски општини. Тоа носи позитивни, но и негативни тенденции. Прво, позитивно е што ќе се намали административниот апарат, со што ќе се постигнат одредени позитивни финансиски ефекти, а втората позитивна тенденција е дека ќе се намали бројот на помалите општини. Но ова носи и негативни тенденции. Ќе се актуализира проблемот со големите општини, познат до 1996 година, и припојувањето на руралните општини кон доминантното градско население. Така може да дојде до мајоризација - надгласување и фокусирање на вниманието и на обврските само кон градските цели и деградација во развојот на руралните населби. Но несмее да се заборави дека носители на прогресот во историјата, а и во денешницата, во светот, а и кај нас, биле урбаните средини. Затоа, во предлогот за донесување на закон направен е баланс помеѓу урбаните и рурални ЛС, да не се прелее финансирањето од градовите во селата, па како последица градовите да ни станат села.

Поголемите општини имаат на располагање поголем обем на различни ресурси (финансиски, човечки, технолошки итн.), но тие се сметаат за помалку демократски и повеќе оддалечени од граѓанското влијание. Меѓутоа, оваа пречка може да се надмине со интерна организација на општината во помали единици на кои може да се пренесат одредени одговорности, што е и дадено како можност во предлогот за донесување.

Една од основните цели и за социо-економскиот развој и за организација на територијата е создавање приближно еднакви услови за живот и работа на населението, односно, оптимални просторни услови за социодемографска и социо-економска репродукција. Најголеми позитивни ефекти од реализацијата на оваа основна цел можат да се постигнат кога социо-економската структура, или “архитектура” на општеството, во најголема можна мерка соодветствува на постојната, но и планираната структура, или “архитектура” на просторот и обратно.

Би приврвшил, со насловот на Законот, имено, во членот 3, алинеа 1, од Уставот на Република Македонија, е дефинирано: “Територијата на Република Македонија е неделива и неотуѓива”. Одтука, терминот “територијална поделба”, којшто во јавноста, а за жал и во ова собрание, често се употребува, не е во согласност со Уставот. Доволно е да се потсетиме на се уште присатните дилеми дали со овој Закон се делиме, или организираме како држава за нејзино поефикасно функционирање. Од тоа, логично е произлезен и насловот на Законот,: “Закон за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија “. Ваквото дефинирање на насловот на Законот во себе содржи и поширoки општествени, политички, па и меѓуетнички импликации._Тука лежи и одговорот на дилемата која се пласира во јавноста децентрализација или федерализацијата. А одговорот е еден – децентрализација.

Почитувани пратеници,

Еден од принципите на Охридскиот договор е мултиетничкиот карактер на државата и сите треба да го прифатиме тоа и да работиме во тој правец, од државниот врв па до граѓаните. За нас имплементацијата на Рамковниот договор е многу важна бидејќи е клуч за иднината на земјата и за влегување во ЕУ. Заеме дека пред почнување на преговори за прием во Унијата се бара исполнување на критериумите од Копенхаген и повеке од јасно е дека за нас Рамковниот договор е основниот политички критериум. Не можеме да ги одделиме имплементацијата на Рамковниот договор од европската перспектива на земјата. Затоа многу е важно, ова прашање од Рамковниот договор да биде изгласано во парламентот. Треба да го изгласаме, но и да го имплементираме.

Од тие причини, потребата за нова територијална организација на Република Македонија, на овој или оној број општини, не претставува цел само за себе, туку, таа треба да биде ставена во функција на ефикасна организација на државата, заради поуспешно задоволување на потребите на граѓаните.

Ви Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Повелете господине господине Стојановски, реплика од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ;

Јас сакам самоо да искажам само демант на некои невистини кои што беа искажани ид страна на претходниот дискутант, а се однесуваат на следното.

Дека критериумите биле почитувани ќе го демантирам со тоа што нека види вом Предлогот на законот ќе види дека има најмалку пет општини кои што имаат под 5000 жители. Еден од критериумите ви е 5000 жители на општина. Значи критериумите не се почитуваат.

Второ, Општинските центри треба да имаат најмалку 2000 жители. Тоа е друг критериум.Исто така имате најмалку пет општински центри кои што имаат под 2000 жители.

Понатаму, имате примери кога досегашни општини,или големи населени места, како што се Зајас со11605 чители, Осломеј со 10425 жители, Велешта со 8156 жители, Лабуништа со 8935 жители, Василево со12122 жители, каде што не остануваат општини, а исто така имате општински центри , како што е случајот со Могила, која што со 4536 жители се припојува кон Кукуречани, кое што е многу помало, или случајот со Градско кое се припојува кон Росоман.

Во однос на економската моќ Вие кажавте дека територијата, населението и економскиот потенцијал треба да ја создадат општината и на тој начин направивте компарација со територијата, народот, јазикот со државата. Економскиот потенцијал тука не го спомнавте што претставува еден добар фактор за да може една држава да опстои. Мегутоа сакам да ви кажам следното:

Секоја општина за да може да опстои целта е граѓаните да можат да ги остваруваат своите потреби на најнепосреден начин. Имено, улици и канализации, водоводи прават селата и тоа беше случај во претходниот период и се виде дека успешно функционираше тоа. Електрификацијата се вршеше по иницијатива и со учество на жителите на селата. Приоритетите за вложување на средства најдобнро може да бидат одредени од самите жители на населените места, многу подобро отколку тоа да го прави службеник од некој голем и оддалечен центар.

Трето, контролата и согледувањето најнепосредно на објектите и другите цели кои што се остваруваат со трошењето на даночни седства, со што се создава дисциплина во плаќањето на даноците и таксите и се гради чуство на лојалност и припадност и кон општината и кон државата.

И последно, на овој начин се спречува миграцијата село град која што беше многу присутна во претходниот период која што видовме какви се последици создаде и во градовите и во селата. Значи со овој предлог воопшто не се почитувани ниту критериумите, ниту пак се водело сметка за почитувањето за остварување на најнепосредните потреби на граѓаните, жители на овие општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Има збор господинот Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ;

Јас во мојата дискусија ги напомнав критериумите и кажав дека тие според мене се објективни и неутрални. Јас не споменав дали се почитувани, или не почитувани во самиот Предлог на закон. Меѓутоа, од аспект на просторното планирање овие се објективни критериуми кои што законодавецот би требало да ги почитува. Меѓутоа не секогаш може и да ги почитува, бидејки и во самата елаборација на министерот кажа дека демографската, критериумот со демографскиот фактор и големинат на општините е принцип земен, бидејки таму има и други критериуми кои што можеби во одредена ситуација преовладуваат.

Во однос на структурата која што е изградена по одредени локални самоуправи јас кажав дека иницијативата можеби е тргната од локалните самоуправи, мегутоа финансирањето е од буџетски средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас би сакал да дадам едно појаснување за пратениците, од неколку пратеници беше покренато и од господинот Стојановски.

Би сакал да истакнам дека во образложението на законот демографската големина и на општината и на седиштето е дадена во еден облигаторен однос. Критериумот во делот на демографската големина е општината во принцип да не е

помала од 5000 жители, седиштето во принцип да не е помало од 2000. Образложението мислам дека е грешка, недоволно образложено. Ваквиот дел на критериум од страна на експертите и на министерството е прифатен врз основа на одредени меѓупартиски разговори кои се водеа меѓу најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и врз основа на нивните укажувања критериумот демографска големина на општината и седиштето е изменет и затоа во предлогот кој е пред Вас, кој во основа е на моето излагање во делот на едно целосно согледување на сите критериуми, не можат да бидат идеално земени, имаме пет општини со 5000. Тоа не значи дека во дискусијата ако исполнуваат одредени општини одреден друг критериум, не значи дека нема да го продолжиме тој дел.

Би сакал да укажам дека демографскиот критериум, 5000 да е општината, или 2000 седиштето не облигаторен, но е еден од критериумите.

Се извинувам што во образложението е малку поинаку кажано.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дин Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На пожитуваниот господин Тромбев би искоментирал некои негови кажувања за да не дојде до забуна во јавноста.

Мојата интервенција е да не даваме во јавноста информации, да не испаднат дезинформации дека територијалната поделеност има врска со децентрализацијата. Ама апсолутно нема никаква допирна точка едното со другото, и ако го донесовме Законот 1996 година ние на општините при трансферот на власта не им дадовме сигурни извори на финансирање. Многу е лошо да се поврзуваат нештата, територијалната распределба да значи децентрализација на власта. Значи апсолутно нема ништо заедничко, затоа што тука зборуваме за окрупнување на општините, Што значи нова централизација ќе правиме.

Втора работа, за да не се прави забуна во јавноста, со Рамковниот договор ама апсолутно нема ништо обврзувачко за териториајлната распределба. Во Рамковниот договор децидно стои:РЕдефинирање, што не значи дека е тоа обврзително, како што знаеме дека и референдумите не се обврзителни, иако се прават референдуми. Да не оперираме со термини и да правиме забуна во јавноста.

Она што стои отворено, со што се согласувам, сите се повикуваме на Уставот, ако сакаме да направиме децентрализација како што треба да биде во Македонија, сигурно дека треба да го смениме Уставот и да направиме двостепена, или тростепена локална самоуправа. Тогаш да направиме и нови општини да го исподелиме и Градот Скопје на многу нови општини, да ги исподелиме и големите центри , во најмалата клетка, во месните заедници да има една независност, бидејќи во трансферот на власта и сега пренесуваме надлежности, и сега дискутираме при носење на Законот за фискална децентрализација. Не се договоривме и не обезбедивме сигурни извори на финансирање, затоа што сите забелешки беа на она што ќе значи 1% од ДДВ и 3%

од персоналецот. Не се сигурни извори и за овие општини што ќе доаѓаат и окрупнети, затоа ако сакаме да работиме како што налага теркот на Европа и светскиот тренд има да водиме таква политика не да му даваме, или да не му даваме власт, ќе двоиме локална управа, а не им даваме сигурни извори на финансирање. Затоа и со Уставот локалната самоуправа треба да биде четврта независна власт. Вака секогаш постои антагонизмот, и ќе постои. Никогаш Парламентот нема да се наметне на извршната власт и никогаш извршната власт нема да му трансверира толку независност на локалната самоуправа. Кога овие работи ќе ги избалансираме тогаш можеме да зборуваме не само за локална самоуправа, туку треба да збориме за локална управа. На граѓаните треба да им овозможиме сигурни извори на финансирање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Јас ќе одговорам само на првите две прашања, бидејќи другото беше дискусија од г-нот Даневски.

Околу потребата дали територијалната организација е дел од децентрализацијата или не. Јас го убедувам дека е, а тоа ќе биде доказ и доколку се прифати нашата апликација. Во самиот прашалник кој ќе ни го достави ЕУ има еден дел кој што се обраќа токму на територијална организација и децентрализацијата. Значи, територијална организација е дел од децентрализацијата и тоа е содржано во стратегијата и акциониот план уште од 1999 година, како што кажав на претходната

Влада. Дали е дел од Рамковниот договор, па нека го прочита Рамковниот договор. А вчера госпоѓата Самоиловска го демантира господинот Даневски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, имате реплика.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Рековте дека економски е подобро општините да се покрупни и дека притоа она што ќе се губи во поглед на децентрализацијата, односно на приближувањето на власта кон граѓаните, ќе се надокнади со интерна поделба во општините. Тој принцип на размислување сеуште е недемократски, покровителски и туторски. Тој принцип на работа е идеолошка оставштина. Јас тврдам дека подобро е да се направат најмали општини што можат да опстојат, а за функции кои што можат да бидат заеднички за тие општини, да се оставaт општините по пазарни услови сами да се договорат по принцип на плаќање. Тоа го бара новиот економско - политички систем кај нас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски, министерот, било кој министер, има право како предлагач секогаш да земе збор. Ако ние неговото право да дообјасни нешто го користиме да му се реплицира, ние нема никаде да стигнеме со ова. Ние потпишавме една заедничка изјава дека сакаме оваа работа да држи. Тоа е прва фаза. Министерот сака да дообјасни и ќе дообјасни и дообјасни дека во принцип тие бројки што се кажани таму, критериуми се. Сега јас не знам зошто вие сакате на тоа да реплицирате? Ова е веќе злоупотреба и тоа го кажувам. Препорачувам така да не се однесуваме. Земете збор, кажете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Не ми беше целта воопшто да правам опструкција, туку целта ми беше во однос на тоа дека бев спомнат и сакав да му одговорам на министерот, односно да барам дообјаснување, а се работи за следното. Зошто како прилог на овој закон добивме само преглед на општините според бројот на жители и процентот на етничка припадност во тие општини. Зошто не добивме комплет за сите критериуми поодделно колку која општина ги исполнува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер за локална самоуправа, почитувани колеги пратеници,

Денеска на дневен ред е новиот закон за територијална организација на општините во Република Македонија, закон кој што предизвика големо внимание во јавноста, а еве гледам и во Парламентот, бидејќи се дискутира повеќе денови за овој закон, а како што стојат работите ќе потрае изгледа уште доста денови ќе говориме за законот. Ова е нормална работа за еден закон кој што го осуди целата јавност да предизвика и таква дилема во Парламентот, односно да не наиде на поддршка од пратениците. Гледајќи ги и слушајќи ги дискусиите во Парламентот се наметнува еден одговор дека Владата, односно министерот за локална самоуправа треба да го повлече овој закон од собраниска процедура, бидејќи не гледам многу разлики во мислењата на пратениците за тоа дека овој закон не е добар закон. Овој закон е единствено добар за министерот за локална самоуправа кој што упорно настојува да го одбрани. Ниеден тука друг освен можеби пратениците од албанскиот блок кои што кажаа некои позитивни зборови за законот, не слушнавме од ниеден друг пратеник нешто позитивно. Значи, најдобро е министерот за локална самоуправа да го повлече законот, а да се изготви или одредена измена на законот за територијална организација постоечкиот, или пак да се предложи нов закон во кој што ќе се опфатат посебно забелешките од оваа седница, како и од јавното мислење на граѓаните на Република Македонија, еминентните стручњаци од оваа област, професори на факултети итн. За да не си го губиме времето понатаму и едноставно да не трошиме државни пари безпотребно, сакам да кажам дека ќе направиме една добра работа ако се повлече законот, бидејќи она кое што упорно го тврди министерот за локална самоуправа дека има аргументи за да се донесе овој закон, изгледа дека никој ги гледа аргументите, само тој ги гледа, никој друг не гледа дека овие аргументи навистина постојат како што е аргументот обврска од Рамковниот договор дека треба да донесеме ваков закон. Очигледно е и се разјасни тоа дека немаме таква обврска во Рамковниот договор да се донесе нов закон за територијална организација, или пак обврска да се намали бројот на општините. Никаде во Рамковниот договор не пишува дека треба да извршиме окрупнување на

општините во Република Македонија. Да, треба да се изврши ревизија на постоечките граници и има населени места кои што со право сакаат да преминат од една општина во друга општина, бидејќи сметаат дека во таа општина подобро ќе си ги остваруваат своите законски права на самоуправување на локална самоуправа. Тоа постои, дури и постои можност сигурно некаде некоја општина да биде и укината, постои можност и да биде направена некоја општина нова, како што е да речеме Драчево, еве, се повеќе се наметнува како варијанта која што би требало да влезе, на новите избори да излелзе како општина, односно со свој градоначалник. Има такви можности и никој не е против тоа, сигурен сум во државата, да се ревидираат општинските граници таму каде што има потреба за тоа. Да речеме исто позитивно е мислењето за ревизија на општинските граници во делот на одделување на одредени села од постоечките градови. Имаме села кои што останаа во состав на одредени градови кои што би требало да не припаѓаат таму, туку да се издвојат и да влезат во руралните центри. Тоа е нормална работа и сите тоа го знаеме добро дека така треба да биде. Бидејќи овие  села во изминатите 7 години, еве веќе осма година почна, едноставно од овие градски центри не беа земени и не беа развивани како што треба. Додека таму каде што имавме рурален центар, тој се грижеше и за сите населени места во општината. Така што постои можноста за измена на општинските граници, само треба да ја видиме која е вистината и да се насочиме во таа насока да ги средуваме работите. Инаку значи, окрупнување не постои во Рамковниот договор, нема таков збор дека треба да ги окрупниме општините и да направиме такво нешто.

Вториот аргумент на господинот министер, значи надлежностите кои што ќе ги преземат новите општини со новиот закон за локална самоуправа, исто така еден важен столб на кој што се потпира неговата теорија дека треба да ги окрупниме општините. Надлежностите се дефинирани со Законот за локална самоуправа кој што се донесе во 2002 година и во тој закон и јас лично учествував доста околу изработката како член на постојаниот Комитет на ЗЕЛС и знам кои надлежности ќе припаднат, добро ги дискутиравме и кои се тие надлежносит кои што треба да ги имаат општините за да едноставно се приближи власта до граѓаните. Кои надлежности ги баравме тогаш, јас бев градоначалник ги баравме како ЗЕЛС од државата и кои ги добивме.

Локален и економски развој, министерот го потенцираше доста тој локален економски развој, општините се грижат за него, со право го бараа општините тоа и

добија ингеренција да се грижат за него. Сега значи, еден од главните аргументи е баш овој локален економски развој за кој што министерот во својот говор зборува дека општините не можат да се грижат за него и не можат да ја развиваат економијата на локално ниво, бидејќи немаат капацитет за тоа. Ајде да го погледнеме сега сегашното ниво на економски развој на општините кој е, дали ние со ова ќе нарушиме некој развој кој што е толку висок и од такво ниво што ќе направиме штета. Ако го погледнеме тој локален економски развој сега ќе видиме дека освен некој развој што имаме тука во Скопје и во околината на Скопје, можеби и Куманово, Тетово, Гостивар, а во останатите делови во државата не да имаме развој, туку имаме огромно назадување во економијата. Невработеноста посебно во источна Македонија ја надминува границата од 60%, иако на ниво на државата зборуваме за бројка од 40%. На пример во Кочани веќе доаѓаме до бројка од 66%. Тоа покажува дека државата воопшто не се грижела за тој локален економски развој, посебно за рамномерен економски развој во државата. Сега како може ние да направиме штета со тоа што оваа надлежност ќе ја префрлиме на локално ниво кога имаме една надлежност која што пропаѓа во изминатите години. Значи, ако добро се разбираме секој би сватил дека не држи овој аргумент, дека општините нема да се грижат за економскиот развој. Инаку јас знам многу добро што се направи за овие 7 години во општините и какви предуслови се создадоа посебно во овие рурални средини за економскиот развој. Така што сето она што се направи како генерални урбанистички планови, детални урбанистички планови, сето тоа е еден добар предуслов и показател дека во овие општини ќе имаме баш прав локален економски развој и тоа од страна на локалните власти. Тој веќе е започнат. Ние со овој закон само можеме да го прекинеме. Започнат е, ако сте ги посетиле како министер општините за оваа година и неколку месеци, ќе сте го забележале тоа, но изгледа ги немате посетено, бидејќи јас немам такви сознанија дека имате посети посебно во овие рурални општини кои што сакате да ги укинете, за да го согледате тој развој кој што е направен во изминатите седум години.

Втората надлежност, образованието и културата. Да видиме во која состојба ни е образованието во државата, во која состојба е основното образование, културата, во која состојба се наоѓа тоа во државата. Ќе видиме разрушени училишта во кои што многу тешко може да се изведува настава, застарени наставни планови, едноставно не функционира како што треба, или како што би требало да функционира образованието во Република Македонија. Сите тоа го знаат во

државата, само изгледа Владата не го знае тоа, бидејќи исто нагласува дека и оваа надлежност овие општини нема да можат да ја извршуваат како што треба. Како може да биде нешто полошо од најлошото, од оваа состојба што е сега во образованието, мислам дека не постои полошо и не може да биде полошо ако оваа надлежност ја преземат овие рурални општини и се грижат за тоа основно училиште, или тие училишта до четврто одделение за кои што треба да се грижат. Така што секако се наметнува одговорот кој што вели дека Владата и по ова прашање нема аргументи, односно министерот за локална самоуправа единствени аргументи му се зборовите без факти, без подлога. Јасно ни е на сите нас како пратници, дека е тоа така, јасно и е и на македонската јавност. Едноставно мора нешто да се каже и се зборува и тоа во што не се верува едноставно.

Примарното здравство, аргумент, или надлежност која што нема да може да ја извршуваат овие мали општини и затоа ги укинуваме. Во овие мали општини функционираа амбуланти, во некои има општа амбуланта со стоматолошка ординација, лекар еден, или двајца, аптека има и да ви кажам, бидејќи јас бев градоначалник на една таква општина добро знам како работи таа амбуланта и какви проблеми има сега. Никој не се грижи за таа амбуланта, никој едноставно не ги прашува тие лекари кои што работат таму, односно тие лица кои што се вработени таму, дали нешто им треба и што е она што неопходно за да си ја извршуваат својата работа. Тие се веќе оставени на распаѓање на забот на времето без никакви инвестиции, без едноставно некој да им обрнува внимание. Сето она што како опрема постои таму е толку многу застарено и ако добијат нешто, ќе добијат нешто кое што е веќе расход во медицинските центри. Сигурно ако локалната самоуправа почне да се грижи за овие амбуланти, нема да бидат на овој степен на распаѓање, туку сигурно ќе тргнат напред, бидејќи има можности да се обезбедат донации за овие амбуланти, само треба да има луѓе кои што ќе се погрижат за оваа работа. Така што и оваа надлежност не е како што треба извршувана досега, па сега да почнеме ние да зборуваме дека новите општини нема да можат да ја извршуваат.

Урбанизмот и просторното планирање, тука се најголемите грешки во изминатиот период од страна на државата и тука се најголемите проблеми во државата. Гледаме проблемите се дивоградбите, ги гледаме проблемите со узурпација на земјиште, ги гледаме проблемите за добивање на дозвола за градба, процедури кои што траат со години, со месеци, корупција, мито. Едноставно не создавање на услови и за оние инвеститори кои што сакаат во оваа држава да

донесат некои средства, да изградат некои фабрики, некои погони, некои објекти од општ интерес да успеат по легален пат на чист начин да дојдат до парцела на која што ќе можат да го изградат тој објект. Кога државата ќе вмеша прсти, сето тоа потсетува само на корупција и на мито.

Не можеме да дадеме позитивна оценка за оваа надлежност во изминатиот период, туку можеме да ја оцрниме можеби најногу од сите други надлежности кои ги имаше државата. Јас го имам согледано тоа дека токму оваа надлежност беше една кочница на развојот на државата, токму доделувањето на градежно земјиште, начинот на кој се правеше тоа, општините беа надлежни да ги изработат деталните урбанистички планови и генералните урбанистички планови, а државата требаше да изврши лицитација на земјиштето по претходно подготвена документација од општините. Сето тоа беше толку погрешно и една огромна кочница за доделувањето на градежното семјиште, што има еден голем удел во развојот на државата, на ифраструктурата и другите сегменти.

За социјалната заштита, исто така, проблемите се забележливи. Имавме различни решенија, ќе гледаме по броилата за електрична енергија и незнам какви други критериуми, се измислуваа разно разни други работи. Знаеме дека локалните власти се тие кои најдобро ги познаваат проблемите и тие знаат кои се тие граѓани кои навистина треба да добијат социјална помош, на кои треба да им се помогне, кои навистина се во тешка материјална состојба. Сигурно и овде ќе добиеме многу подобар квалитет и поправеден начин и избор на оние корисници на социјална помош.

Еден од најважните може да се каже аргументи, на кои се потпира мислењето на министерот дека овие надлежности не можат да ги извршуваат малите општини е економската моќ на општините. Тој смета дека овие општини нема да имаат доволно пари за да ги извршуваат едноставно овие надлежности. Ова би требало да произлегува од актуелниот закон за финансирање на општините, а првата фаза на законот помина во Парламентот и многу брзо ќе дојде и втората фаза. Во говорот на министерот не можев да најдам ниедна конкретна бројка со еден конкретен пример за некоја општина колку пари ќе собира според новиот закон за финансирање на општините, а колку пари се потребни за да опстои како општина со сите надлежности. Едноставно една реченица нема за финансиската моќ, се е без број, без аргументи, без конкретни показатели дека навистина тие општини нема да имаат доволно пари.

Инаку, ако ги погледнеме бројките кои произлегуваат од Законот за финансирање, еве, јас ќе се погрижам со мојата математика да помогнам во овој дел - ќе видиме дека општините навистина нема да добијат многу пари за финансирање на општината. 3,1% од персоналниот данок на доход и 1% од ДДВ, првиот е изворен приход, бидејќи ќе се прибира во зависност од тоа колку вработени има општината, вработени и пријавени за кои се плаќа персонален данок. На ниво на држава се работи за помалку од 8 милијарди денари вкупно. Инаку, една општина со 1000 вработени, колку би имале овие мали рурални општини вработени, би прибирала околу 30 - 40 илјади денари месечен приход по овој основ, или на ниво на годината околу 400 илјади денари односно помалку од 500 илјади денари, во зависност од просекот на платите што се земаат во таа општина. Или по основ на ДДВ, знаеме дека во државата се прибираат околу 20 милијарди денари. Еден процент се 200 милиони денари, кои е се распределат по критериумите што ќе ги изготви Владата, а во законот е спомнат еден критериум, а тоа е бројот на населението. Затоа, може да се очекува еден износ од 200 до 300 илјади денари за овие помали општини кои би ги добиле по основ на овој данок. Гледаме дека останатите изворни приходи кои беа и до сега со стариот закон, заправо немаше закон за финансирање на општините туку тоа беше вградено во Законот за локална самоуправа, комуналните и административните такси, данокот на недвижност, данокот на подарок, данокот при пренесување на недвижности си остануваат, така што разговараме за многу мали износи на средства кои ќе дојдат како изворни приходи на општините во наредниот период. Основната функција на општините ќе се покрива со блок дотации, така е во ова решение на законот за финансирање на општините. Блок дотацијата е трансакција која Владата ќе ја врши според потребите што ги има општината токму спрема овие надлежности што се додадени. Значи, образованието, здравството, социјалата, тоа се тие надлежности што ќе ги финансира државата од државниот буџет со блок дотации. Значи колку сега имале плати луѓето, или колку им требале пари на луѓето во едно основно училиште, повторно ќе добиваат толку пари со блок дотации. Исто така во таа амбуланта што работела во едно село платите ќе бидат обзбедени со блок дотација, социјалната заштита и социјалната помош ќе биде обезбедена со блок дотаици. Затоа, како може да се каже дека општината нема да може со средствата кои ги има како изворни приходи да ги извршува надлежностите кои се даваат со новиот закон за локална самоуправа. Едноставно кажано, немаме вистинска децентрализација. Ние имаме само декларативна децентрализација,

бидејќи кога си зависен од државата на финансиски план, не си самостоен во работата. Едноставно нема можност локалната власт сама да се ангажира на полето на прибирањето на даноците, едноставно во оние региони каде што сега имаме сознанија дека воопшто не се прибираат некои даноци или многу малку се прибираат, тие градоначалници таму да се ангажираат и заедно со останатите локални власти да успеат да го подобрат процентот на наплата на даноци. Инаку, ние не можеме да ја развиваме државата ако еден огромен дел од населението гоопшто не плаќа даноци или многу малку ги плаќа, а ги користи сите благодети, како што се во овие сфери образование, здравствена заштита, социјална заштита. Не може да го запоставуваме овој проблем. Овој проблем требаше да биде вграден токму во овој пакет закони за децентрализација и од тука сметам дека ќе направевме еден голем чекор кон решавање на овој проблем, бидејќи кога локалните власти директно се засегнати со финансиски средства кои се прибираат по основ на даноците, тие ќе се ангажираат и сигурно ќе ја подобрат наплатата, бидејќи добро ги познаваат луѓето кои ги избегнуваат овие давачки и прво ќе ги лоцираат, потоа ќе ги натераат да си ги плаќаат, бидејќи овие пари директно ќе влегуваат во општинската каса. Сметам дека тука правиме грешка, но можеби во оваа фаза како решение е подобро, можеби не треба да се брза. Сметам дека многу брзо треба и ова решение да дојде и да биде целосна самостојноста на општините во Република Македонија, воопшто да не зависат од државните власти.

Уште еден аргумент кој министерот цела година го кажува како пакет закони за децентрализација, дека и овој закон е составен дел од пакетот закони за децентрализација. Не гледаме врска на окрупнувањето со децентрализацијата. Не може да ги зголемуваме општините и да зборуваме за децентрализација. Со самото зголемување власта ја одалечуваме од граѓаните и едноставно во поголема општина граѓанинот потешко може да си ги остварува своите права. Факт е дека еден градоначалник многу полесно ќе биде во контакт со граѓаните ако неговата општина е помала, бидејќи еден човек треба да разговара со многу луѓе и едноставно да ги решава проблемите на многу. Помала општина има помалку луѓе и градоначалникот ќе може да им помогне на тие луѓе сигурно многу подобро и да ги решава проблемите. Ова решение посебно што се нуди со окрупнување на општините не е во насока на децентрализацијата, туку со ова само ќе ја оддалечиме власта од граѓаните, односно тоа е во насока на централизација на власта во државата.

Тоа би било општо по аргументите кои се спомнати во говорот на министерот и сите пратеници кажуваат дека не вредат, не држат и дека фактите зборуваат друго дека овој закон треба да се повлече од Собранието на Република Македонија.

Конкретно би зборувал за Кочани кое 1996 година беше поделено на пет општини и тоа: општина Кочани, општина Оризари, општина Зрновци, Облешево и Чешиново. Пет општини под една гломазна општина произлегоа и сметам дека тоа беше најдоброто решение кое се направи во тој момент, а во практиката се покажа дека тоа е така, бидејќи она што е направено во овие пет општини, еве, и градот Кочани, не е направено од 1945 година наваму. Се изградија сите општини, но не сакам да потенцирам некоја како посебна дека е повеќе или помалку изградена, се развија и живеат, едноставно ги извршуваат сите оние законски обврски од Законот за локална самоуправа. Министерот за локална самоуправа може да ги посети и да го вити тој развој, па сигурно ќе го смени мислењето и ќе го смени она што како решение сега го нуди во новиот закон, да останат само две општини и тоа градот Кочани и општина Облешево. Тоа е погрешно и со тоа едноставно сето она што е инвестирано во изминатите седум и во воаа како осма година ќе го уништиме, ќе го оставиме забот на времето да го уништи и ќе го сопреме тој навистина силен развој на овие општини. Се изградија иљадници километри канализација и водовод, километри  на патишта и улици, се направија нови детални и генерални урбанистички планови и сега има недовршени објекти кои треба да се дофинансираат. Сето тоа треба да го оставиме времето да го уништи, бидејќи знаеме дека посебно градските средини воопшто не се заинтересирани за селските средини. Тоа е и факт бидејќи градот Кочани во кој останаа некои населени места во изминативе седум години воопшто нема ништо инвестирано во тие седум години, како што се Грдовци, Горни и Долни Подлакт, Мојанци и тн. Единствени населени места во кои во изминативе седум години ништо не се инвестираше се оние кои останаа 1996 година во градот Кочани. Во сите други населени места од таа Кочанска котлина имаше огромни инвестиции. Заправо, и во градот Кочани малку е инвестирано, не знам како и за што ги трошат парите, но и таму едноставно нема нивестиции. Една фабрика за вода се гради последниве 13 години и тоа е единствената инвестиција, која може да се забележи. Сигурно дека требаше да биде завршена многу порано, но не сакам да навлегувам во работите на локалната самоуправа на Кочани. Слушам сега како даваат изјави дека другите општини немаат капацитет и дека треба да бидат укинати, дури и шеговито има натписи во

некои локални весници. Тие не си ги средиле своите работи и уште седат на бироа од 1945 година, така што зборуваат за капацитети и финансиска моќ. Инаку, ако се укине да речеме општина Оризари, тогаш градоначалникот на Кочани треба да се префрли во Оризари, бидејќи општинските простории во Оризари се толку многу подобри и подобро опремени, што сигурно таму подобро ќе ја извршува функцијата.

Ова е оној притисок кој министерот за локална самоуправа го има од градот Кочани и општинските власти да се прошират и да бидат поголема општина, бидејќи некој сака да биде градоначалник на многу поголема општина, оваа му е мала, се средил во неа и сега треба да средува и понатаму надвор од тие граници. Мислам дека тоа не е вред, да се прекине еден силен развој на општини кои седум години, заедно со своите граѓани, се бореа да остварат каков таков еден нормален живот, да постигнат едно ниво на живеење кое иако е далеку од земјите во развој, барем може да се каже дека е нормален, да имаат водовод, канализација, улици и наеопходна инфраструктура која ја заслужиле, бидејќи и тие се граѓани на државата и тие во изминатите 50-60 години извојувале за оваа држава и заслужуваат нормални услови за живот.

Инаку, конкретно, како се развивала територијалната поделба во држават.

За време на постоењето на поранешна Југославија и за време на постоење на самостојна Македонија, направени се повеќе административно територијални поделби.

Јас ќе зборувам за Кочани и Кочанската Котлина, како оваа територијална поделба се развивала овде.

Според мислењето на компетентни лица од оваа проблематика, најсоодветна поделба, територијална, на Република Македонија е онаа од 1952 до 1954 година. Според неа постоеле 205 општини, организирани во 18 околини и 27 градови.

Во 1965/66 година бројот се намалува на 53, со што почна процесот на емиграција на населението кон градовите и напутање на селата. Причина за тоа беше, пред се одземање на функции од голем број на населени места кои претходно беа општински центри, отсуство на институционална инфраструктура, стимулација на населението со високи детски додатоци, без работа и индустриски центри. Таква судбина ја снајде и општината Оризари. Истата беше укината 1965/66 година, а беше создадена во 1948 година, за прв пат и за прв пат бележи некаков напредок. Составена е од сегашните населени места во 1948 година и тоа Оризари, Брници, Речани, Косин Дол, Набојани, Главовица, Прибачево, Пресека, Безиково и Ново

Село, вкупно 10 населени места и во 1948 година брои 4.524 жители. Така формираната општина ги презема следните поголеми активности: изградба на пат, главна улица на влезот во населеното место Оризари, пробивање на повеќе улици, изградба на два моста на Оризарска река и Масалница. Првиот во 1950 година кон Црквата, со што се поврзува Горно и Долно Оризари, бидејки реката го дели Оризари на два дела. Вториот пут го поврзува Горно Оризари со Витоша. Изградено е училиште во село Пресека, Безиково и Горнацел. Изграден е задружен дом во село Оризари. Тоа е сегашниот културен дом кој се реновираше во изминатите години, инаку беше една разрушена зграда. Овој задружен дом е изграден 1949 година. Со тоа се удрени темелите на културно-забавниот живот. Тогаш било формирано пеачко и културно-уметничко друштво кое и ден денес опстојвуа и го негува изворниот фолклор. За тоа време работела и АФЖ организација, преку која се собирало храна и облека за сиромашните кои настрадале од војната. Во истата година била формирана задругата, значи земјоделска задруга. Заедно со општината оваа задруга се викала “Зелен Вир” и овие две се носители на електрификацијата во Оризари. Во тоа време, за успешно функционирање на општината биле вработени претседател на општината, секретар, благајник, референт за земјоделие и градежен техничар. Инаку да ви кажам уште стои таа општинска зграда која е специјално изградена. Таму сега живеат некои социјални случаи. И таа е оставена на забот на времето, едноставно се уништува, која е посебно изградена зграда и направена е за намена на општината.

Овој успешен процес на развој на општината се прекинува со укинувањето на општината и нејзиното припојување кон градот Кочани.

Во 30-ет годишно функционирање, од 1966 -1996 година, кога територијалната организација се прави на мошне крупни територии, 32 општини, силни општини, со сите нишани во чии центри неконтролирано и непландски се одвива интензивна концентрација на економската, општествената , социјалната и политичката моќ. Тоа предизвикува енормно разместување на населението во правец село - град и од планинско-ридскиот дел кон рамниците. Оваа грешка резултираше со иселување и опустошување на голем број села, па и цели региони. Оваа грешка беше мотив, науката и пред 1996 година, да ги потенцира потребните принципи и критериуми за дефинирање на административно-територијалната поделба на Република Македонија .

Врз основа на примена на економско-функционалниот концепт, низ обемни истражувања на населените места во Република Македонија , се дефинирани, државен центар Градот Скопје, регионален центар Битола, околиски центар Тетово, Штип, Прилеп и Охрид, општински центар Кочани и други градски општини, локален центар, селски центри, меѓу кои и општина Оризари.

Според анализата на стручњаци, една територија за да може да се прогласи за општина треба да има центар во кој може да се обавуваат секојдневни, делумно снабдителни потреби, како што се , можност за набавка на животни продукти, задолжително основно образование, примарна здравствена заштита, потребите од месни канцеларии, ПТТ услугите, услуги и можности за кооперација со земјоделските задруги и дополнителни потреби од културно забавен живот , угостителство и туризам.

Во Оризари се исполнети овие критериуми, постои можност за снабдување за разновидно мешовита стока, текстил, обувки, облека, железарија и сл., автосервиси и бензиски пумпи, мотел или хотел, така да како центар и со својата големина од околи 4000 жители, сигурно дека ќе ги исполнува потребите на граѓаните, бидјеки малку имаме населени места со таква големина од 4000 жители.

Сите овие критериуми кои ги дефинираат општинските центи, општина односно населба Оризари ги има, а и условите кои ги пропишува Законот, правецот на новата територијална организација, во член 6 и 7, општина Оризари во целост ги исполнува. Од тие причини општина Оризари според член 6 и 7, да се прогласи за град. Друг критериум според кој една територија да биде општина е физичко-географскиот критериум. Според овој критериум општина Оризари треба да остане со селата од ридско-планинскиот регион, бидејки прави географска целина и го опфаќа сливното подрачје на река Масалница во кое подрачје се сместени сите 10 населени места и населба Оризари. Претставува центар на сите населени места кои се во блиска комуникација и се поврзани. Од овие 10 населени места сите се од ридско-панински предели освен село Прибачево и населба Оризари, кои се низински. Од самата ваква место положба, општина оризари има предностза организирање на откуп на секаков вид земјоделско и сточарско производство, бидејки во полските села, вооколината има услов за рано-градинарско производство, а во плаинскиот дел, на надморска височина од 1000 до 1200 метри, има услови за развој на сточарството и земјоделието. Во целост, во овие предели може да се произведува еколошки здрава храна.

Бидејки општина Оризари се протека на надморска височина од 350 до 1700 метри, на овојпростор освен што успеваат земјоделските производи, има услови за сточарство, има богатство од шуми, пасишта, како и минерално богатство.

Демографските критериуми утврдуваат колкав број на население е потребно за да се организира посебна општина.

Веднаш ќе кажам дека за општина Оризари вака изгледа демографската состојба од 1951 година до денес. Имено 1951 година Оризари брои 5.089. 1961 година брои 5.277 жители. 1971 година брои 4.960 жители. 1994 година брои 4.724 и 2002 година, сонајновиот попис 4.403.

Бројката од последниот попис од 2002 година е многу чудна и дискутабилна за жителите на општина Оризари, бидејки во единствениот избирачки список, за референдумот кој се организираше сега, во јануари 2004 година, стои дека во Оризари има 4.036 гласачи односно избирачи. Ако во  општина Оризари ма 4.403 жители, а од нив 4.036 се гласачи, произлегува дека само 367 жители на Оризари се негласачи. Ова дефинитивно се коси со бројката од пописот, бидејки само во основното училиште “Крсте Петков Мисирков”, во населба Оризари има 437 ученици и ако на тоа се додаде бројката на забавишната група од 35 ученика, како и генерациите од 1 до 6 години и они од 15 до 18 години, би се добила нова бројка која би била  далеку над 5.000.

Ако ја погледнеме ретроспективно демографската состојба на Оризари, во различни периоди, ќе видиме дкеа бројката не варира значително цели 40 години, но сега во 2002 година имаме нагло опаѓање. Тоа е еден од показателите дека бројката од пописот 2002 година не е реална и не е точна. Општина оризари го исполнува демографскиот критериум на опстанок и има над 5.000 жители.

Традиционален критериум.

Од аспект на  времето на постоење на Оризари, кое постои пред градот Кочани, би можеле да зборуваме за некакви традиции, или традиционални критериуми. Имено во претходно изложеното за постоењето на општина Оризари како општина во 1949 година кога почнало да се  посветува внимание на културниот живот, со пуштање на кино сала, се формира и културно-уметничко друштво и пеачко друштво. Тоа друштво сеуште ја негува и одржува традицијата за овој крај, сега како фолклорен ансанбл “Љупчо Сантов” и постигнува резултати надалеку познати и признати држави, негувајки го изворниот фолклор. Инаку Оризари е богата и со архиелошки локалитети и тоа:  локалитет Грамада, Римска населба; локалитет

Селиште, Римска населба со ранохристијанска црква и друго. Во период од 4 до 6 век пред нашата ера се наодите на голмите кнежевски Тумули, меѓу кои спаѓаат и Тумулите од село Оризари.

Економско функционален критериум.

Овој главно се поистоветува со институционалната инфра структура во населените места и нивните функции од услужно снабдително ниво. Културно образование, здравствено социјални и слични потреби. Со оглед дека тие претставуваат централни критериуми, при определување на хирархијата на населените места кои веќе се елабурирани овде, нема да ги повторувам, а неминовно ќе бидат земени предвид при дефинитивно определување на центрите на нивните општини.

Економско потенцијалниот критериум.

Република Македонија, поради разни несоодветни плански и неплански развојни текови , се најде во една мошне комплицирана и проблематична демографска состојба. Од една страна се јавуваат простори со енромна густина на население, од друга страна се јавуваат простори со енормна ретка населеност. Но и едните и другите располагаат со одредени природни ресурси кои можат да бидат ставенио функција на стопанскиот развој на државата. По конкретно станува збор за демографско напуштени простори, но богати со геолошки, хидролошки и пелолошки ресурси, шуми и пасишта и т.н. Ваквиот тип на природни ресурси, обично е подалеку од погусто населените простори. Тоа не значи дека не треба да се искористуваат. Од тие причини треба да се задржи постојниот број на општини. Ова би била својавидна надеж, невработените лица работно да се ангажираат, да се дислоцираат, или повторно да се вратат на просторите кои ги напуштија во 60-тите години. Станува збор за организација на работата каде во делови на развиена линиска инфраструктура, работната сила не се придвижува кон природните ресурси за нивно искористување, кое нешто е присутно како неорганизирано и во нашата општина каде поголем број на луѓе од градот Кочани се враќаат кон старите огништа, иако тоа се пред се пензионери или граѓани , прогласени за технолошки вишок. Сепак тие , во тие краишта остваруваат одреден приход и си го наоѓаат своето место. Тоа го прават со одгледување на земјоделски култури, или со занимавање со сточарство , рибарство или пчеларство. Да се постигнат уште подобри ефекти многу посоодветно е да се оставаат поголем број на општини, или

сите 123 . Со тоа би се постигнала поголема грижа за просторот и поголем развој на ова подрачје.

Инфраструктурниот критериум, опфаќа два типа на инфрастуктура и тоа институционална и линиска. Институционалната главно е елаборирана во контекст на економско-функционалните критериуми. Линиската инфраструктура е важен елемент кој мора да се има предвид при одредување на идните центри на општините.

Во услови на Република Македонија линиската инфраструктура, а особено мрежата од локални патишта, скоро да е заокружена со изградба на локални , модернизирани асфалтни патишта, а за разни други потреби се пробиени повеќе релации, како земјени патишта. Соодветно на тоа може да се констатира дека скоро сите простори односно населени места кои поседуваат барем локален херархиски ранг, поседуваат појдовни, линиски инфраструктурни услови, т.е. фундамент преку кој локалната самоуправа ќе се активира за изградба на разни други инфраструктурни системи до и во населените места, со цел за подобрување на условите за живеење воселската средина и во економски неразвиените простори. Ова може да се постигне само со постоењето на сегашните 123 општини. Во спротивно, поголем број на селата , особено во ридско-панинските региони, наполно ќе бидат напуштени.

Стратегиски критериум претставува неодминлив критериум од економски, политички и безбедносен аспект. Економските, од причина за водење на економска политика, на порамномерен регионален развој, што значи реактивирање на поголем број региони кои засега се во многу тешка економска ситуација, иако има природни ресурси и потенцијали.

Стратегиски безбедносниот проблем кој е тесно поврзан и со административно територијалната поделба, што значи од организацијата на општините и нивните центри зависи развојот на одредени просторни целини, како и опстанокот на голем број населени места во Република Македонија, кои според бројот и старосната структура на населението се во мошне незавидна демографска состојба.

Инаку би кажал нешто иза развојот на општина Оризари во последните 7 години.

Почитувајки ги претходно наведените критериуми, ќе се обидам да го поткрепам сето напред кажано, со развојот на општина Оризари.

Според Законот за новата територијална поделба на Република Македонија и определвуањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа објавен во "Службен весник на Република Македонија " број 49 од 1996 година, се утврдени ново формираните општини со населените места кои произлегуваат од поранешната општина Кочани.

Во составот на општина Оризари се населените места: Оризари, Брнинци, Безиково, Пресека, Речани, Ново Село, Небојани, Косин Дол, Главовица и Прибачево.

Општина Оризари се наоѓа во подножјето на Осоговските планини, по течението на Оризарска река, Масалница. Граничи со територијата на општина Кочани, Македонска Каменица, Виница и Зрновци. Општина Оризари опфаќа територија од 127 километри квадратни со просечна густина од 36 жители на км2 и брои , со овој спорен попис од 2002 година, 4.403 жители. Што е направено:

Конституирање на органите наопштината во далечната, не многу далечната 1996-1997 година, се пристапи кон изградба на стратегија за развој на општината. Потоа се покажа како основ за развој на општината.

Се пристапи кон изработка на Детален урбанистички план и можам слободно да ви кажам дека Оризари е првата општина во Македонија што доби ДУП според новиот Закон за урбанистичко и просторно планирање во 1998 година. Значи, се формира Комунално јавно претпријатие "Масалница" , што и ден денес работрти, со основна дејност изнесување на смет од домаќинствата, чистење и одржување на јавните површини и улици.

Со донесувањето на ДУП се отпочна со решавање на инфраструктурата во општината, што во однос на големината на населбата Оризари не беше воопшто решено. Во 1997 година во населба Оризари се отпочна со изградба на канализација, фекална канализација, бидејќи до тогаш во населба Оризари немаше никаква канализација, не постоеше.

Беа изградени двата колектори од левата и десната страна на Река Масалница. Потоа се премина на втората фаза-изградба на улична канализација, што е изградена во должина од околу 17 км. Останува за реализација уште 1800 метри. Со тоа се остава простор и за реализација на третата фаза - изградба на пречистителна станица, за која, според извори на општинското раководство е поднесена апликација и се чека.

За ваше сознание да кажам дека градот Кочани нема колекторски систем. Фекалиите се испуштаат внатре во градот. Значи, допрва треба да го гради тој фекален систем. А, да не зборуваме за пречистителна станица, бидејќи без колекторски систем неможе да се изгради пречистителна станица.

Во тек е изградба на канализација во селото Прибачево. Половина од активностите се реализирани. Остануваат уште половина. Сето ова немаше да се реализира до колку Оризари не станеше самостојна општина. Бидејќи искуството со матичната општина Кочани се влоши, едноставно од 1965 до 1996 година старата општина Кочани за ниту едно населено место, не само за Оризари, нема ништо направено.

Изграден е локален пат, односно уште е во градба од населба Оризари до село Пресека. Со градба се отпочна 1998 година и се гради на фази, со вкупна должина од 16,3 км. На истиот е пробиена целата траса, завршени се земјените работи, поставени се бетонски пропусти, направени се канатки и се асфалтирани околу 5 км , со што е остварена побрза врска со населените места Пресека и Безиково. Тука доаѓа и Главовица, а ќе треба да се изградат уште 5 км, да се поврзе и со тоа населено место, како и со општина Каменица и преку населеното место Цер.

Улична мрежа во општина Оризари се гради во изминатите години. Во поглем дел е завршена. А, за останатиот дел од активностите се во тек. Направени се кејски улици, асфалтирани површини над 8750 квадрати, тротоари над 2000 квадрати, улично осветлување, канделабри или вкупно се асфалтирани и други улици над 7000 квадрати или севкупно 18000 квадрати асфалтирани улици. Што значи во последните 7 години направен е напор каков што не е направен за 50.

Изградени се мостови, два моста, еден за моторен сообраќај, другиот за пешаци. Изградени се огромен број водоводи во ритско-планинските подрачја. Водоводи во место викано Кацарица , Костин Дол, место викано Лозиште, Костин Дол место викано Фарлариште , Речани, Калајџии, Лажовци, Цер и Качукаро, Пождево, Врнинчани, Шутевци , Соколовци итн.

Зградата, Домот на културата во која е сместена општинската управа беше реновирана уште во 1997 година бидејќи немаше основни услови за работа. Во 2002 година беше извршена целосна санација на зградата и салата за манифестации што се наоѓа во состав на општинската зграда. Беа ставени во функција пет канцеларии,

сала за Советот и уште три канцеларии што во овој момент стојат неискористени, односно непополнети.

Инаку, објектите од јавен интерес што мора да ги има една општина се :значи има осмогодишно училиште во аселба Оризари и три подрачни четиригодишни училишта. Примарна здравствена установа, аптека во Оризари, Пошта, Дом на културата, уредени детски игралишта и тревнат фудбалски терен односно стадион каде може да се играат натпревари од првата Македонска фудбалска лига, два пливачки базени и развиен бизнис, мало стопанство. Едноставно огромен број, повеќе од стотина малостопанственици кои во изминатите години направија свој бизнис и работат.

Инаку, морам да спомнам уште еден момент за општина Оризари што немаше сега да биде во сегашните граници ако Владата во 1997 година не донесеше еден закон со кој што ја промени катастарската граница меѓу Оризари и Кочани. Тој спорен закон што го скриши Законот за катастар, го донесе 1997 година на барање на општина Кочани за промена на катастарската граница и на утврдување. Инаку сега ќе имаше многу повеќе индустриски капацитети, ќе имаше едно средно училиште, средното машинско и електро насочено училиште што беше до тогаш во границите на Оризари. Во границите на Оризари беа многу индустриски капацитети кои гравитираа кон Оризари, па Владата направи едно друго кршење на Законот од 1997 година, со тоа што прво направи една техничка грешка во Сл. Весник дека промената ја врши по Записник од 1996 година, каков што не постои, а потоа направи една исправка дека се работи за записник од 1990 година, што навистина постои, но не е валиден, бидејќи Законот за катастар е јасен и дека е точно дека Владата може да направи промена на границите, но по претходно направен записник од страна на Комисија формирана од општините, односно катастарските општини за кои се однесува и од Владата. Таков записник не е направен. Едноставно , навлезено е во правниот систем на Република Макединија и прекршен е законот. Со тоа катастарската општина Оризари е намалена.

Сметам дека ова ќе придонесе пореално, со бистра глава да се погледаат работите, без никакви политички или други претензии, да се менува територијалната организација во државата.

Инаку, морам да спомнам и за општина Зрновци. Ќе зборувам и за општина Чешиново, но во друга прилика. Ќе кажам нешто и за Зрновци.

Општината Зрновци е исто оформена со Законот од 1996 година, со број на население според пописот од 1994 година со 3344 жители. Населените места Зрновци, Мородвис и Видовиште, се инфраструктурно поврзани, асфалтиран пат со општинскиот центар и со можнот за приклучување кон општината Зрновци и населените места Теранци, Кучино, Бурилчево и Грдовци.

Општинскиот центар Зрновци имаат 2230 жители. Инаку, тоа што го спомнав во Кочани, постојат населени места што треба да се приклучат кон овие рурални средини. Тоа се Грдовци, потоа Мојанци, Горни и Долни Подлог, Тркање Што сега се во општина Кочани а треба да се издвојат од неа. Општина Кочани да остане со планинскиот дел и со село Бели што е нешто поблиску до градот Кочани. Тоа е правата територијална поделба што треба да се направи.

Инфраструктура: канализационата и водоводната мрежа во Зрновци се веќе реализирани над 80%. Додека над 90% од улиците во општината се асфалтирани. Општината Зрновци со Кочани е поврзана со регионален пат од 8 км. Додека со Виница е поврзан со регионален пат од 4,5 км. За населеното место Зрновци е изработен ГУП, ДУП, и ДУП-Зона за мало стопанство. Додека за населените места Мородвис и Видовиште урбанистичка документација за населени места.

На подрачја на општина Зрновци има едно основно училиште и две подрачни со 330 ученици. Основното училиште во Зрновци е реновирано во 2002 година со средства од Владата на Република Макединија , додека подрачното училиште во с. Мородвис е реновирано со средства донирани од Швајцарската амбасада. Со средствата донирани од ИОМ, ЦБИ канцеларијата во Кочани се реконструирани Домот на културата во Зрновци, Видовиште и Мородвис, а во Зрновци постои амбуланта што ја опслужува еден општ лекар, еден стоматолог и три медицински сестри.

Постои и автоматска телефонска централа со над 500 приклучоци, Истото го има и во Оризари но сад 1000 приклучоци. Низ Н.Зрновци тече Река Зрновка со уредено речно корито и водите на оваа река се богати со фауна и флора, а во својот горен тек нуди можност за развој на туризмот и речниот риболов, бидејќи во неговите води егзистираат речниот рак и пастрма поточарка.

На спортски поглед општината Зрновци има ФК “Зрновка” кој успешно се натпреварува во Третата Макеоднска фудбалска лига Исток. Во Зрновци постои добро опремена кино сала што добро функционира во склопот на Домот на културата.

Еколошкото друштво “Јавор” и ликовно друштво “Кукла” од Зрновци исто така добро функционираат. Покрената е постапка за формирање водни заедници. Капацитети - три конфекции “Мотекс 96” со 200 вработени “Лава” со 65 вработени “Венда-текс” со 60 вработени, АД “Руен” ковачница Зрновци со 30 вработени. Поранешна земјоделска задруга”Зрновка” сега приватизирана со 40 вработени и тренд за зголемување на вработувањето.

Трговски дуќани, продавници 22 со исто толку вработени. Угостителски обвјекти, ресторан “Зрновка” со 350 столови и со 12 вработени. Кафе ресторан “Минта” со 120 столови и со 4 вработени, кафе бар “Рио” со 60 столици и 3 вработени. “Нимекс” погон за преработка и конзервирање на градинарски култури со капацитет од 1200 тони со над 100 вработени и сезонски работници. ДОЕЛ “Дрвопром” село Мородвис со 8 вработени, производство на фина и дрвена браварија. Струмица-Табак, погон во село Видовиште со поставени сушари за сушење на зелен тутун од соретата “Вирџинија” 120 сушари со тренд на зголемување на бројот на сушарите, со 12 вработени и 30 вработени на одредено време. Со тренд на зголемување на борјот на вработените.

Хидроцентрала во Зрновци со годишно производство од 5,5 милиони квч, и со 12 вработени. Обработлив земјишен фонд од 1700 хектари од кои 300 се во државна сопственост. Со шумски ресурски од над три илјади хектари, сточен фонд од над 1000 грла, овци, над 700 броја кози, 800 грла крави и над 5000 броја живина.

Во општината, од 2002 година е конституирано јавно претпријатие, комунално “Илинден” што со успех го спроведува комуналниот ред во општина Зрновци. Во завршна фаза е изградбата на сопствен водовод од водите на реката Зрновка што се предвидува да се пушти во употреба во април-мај 2004 година. Во тек е реализација на проектот за селектирање на цврст комунален отпад во општина Зрновци, донација од 120 илјади евра од УСАИД. Инаку, тука има и Студија за одржлив развој на Зрновци што министерот може да ја добие, несакам да ја елаборирам. Може да му се достави. Тука се сите показатели, критериуми што се направени. Ова е вредна работа и луѓето се потрудиле да ја направат. Оваа стратегија сигурно ќе доведе до развој на општина Зрновци, ако остане општина. Инаку , сето ова ќе падне во вода , целиот тој труд на граѓните од Зрновци и нивното раководство во изминатите години, ќе биде уништено.

Така што има простор за размислување за промена на границат,да, во насока на зголемување на овие рурални општини со некои населени места и што треба да

се додадат од градот Кочани. Тоа е правата стратегија што треба да се направи и нема да се згреш, бидејќи ниту еден жител на овие населени места што сега припаѓаат на градот Кочани нема да заплачат за градот Кочани. Ниту еден граѓанин од тие населени места не сакаат да бидат со градот Кочани. Тоа е факт. Тоа можеме да го провериме на референдум и да кажам, кога сум веќе кај тој референдум неможе а да не се почитува волната на народот. Не смее никој во оваа држава да оди против народот, оној кој го избрал да биде овде во парламентот, во Владата, да не го почитува неговото мислење. А, неговото мислење е јасно кажано на референдум. За пример, во Оризари, 88% од населението излезе на референдум. Од нив 98% гласаа за останување во општина Оризари во сегашните граници. Истото се случи и со другите населени места во Република Макединија , односно другите општини.

Прво, имаме обврска да ја почитуваме Европската повелба за локална самоуправа каде што јасно е кажано дека промена на општинските граници може да се изврши само со претходно, ако се прашаат граѓаните кои живеат таму со референдум. Никако поинаку, иако во нашиот закон е пропишано дека се врши со закон. Закон што ќе биде врз основа на претходно земено мислење од граѓаните на референдум. Ако го знаеме мислењето на граѓаните на референдум кое е , ние треба овој закон да го прилагодиме спрема тоа мислење.

Ако некој мисли да оди против народот, да не го земе предвид мислењето што е поддржано од 98% на населението, значи и од гласачите кои гласале за сегашното мнозинство во парламентот, ќе направи голема грешка и ќе покаже дека е далеку од демократијата, далеку од демократските процеси и далеку од тоа да води една држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Стаменков, ама навистина ви благодарам и бидејќи ми дадовте причина да дадам еден предлог, односно задоволството да се зборува за микроелементи од своите општини, ќе го споиме со корисното. Му предлагам на г. Гештаковски да му предложи на неговиот колега , министерот за образование да на директорите им каже по географија и по историја да го гледаат Парламентот бидејќи толку брз курс ќе ги надокнадат овие две-три недели што се изгубени.

Ги разбирам сите тие кои сакаат за своите општини, но да зборуваме за две сестри во болници или за 3 км. Асфалт, мислам дека ..

Повелете, имате право на реплика, ова беше моја реплика, а вие повелете на контра реплика.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Јас на овие избори претседателе го претставувам народот. Ако народот ми дал документи и спремил нешто тука да го изнесам во Парламентот, тоа јас морам да го направам. Ако вие не сметате така, тогаш во ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа го дадов јас и предлогот за училиштата да ги гледат овие седници по географија и по историја.

Повелете господине Ќуркчиев, а нека се подготви господионот Ѓорге Паљошковски.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници,

Јас ги следев дискусиите на претходните колеги, а со внимание ја следам и јавната дебата, која на еден или на друг начин, преку една или друга форма, актуелна е во државата повеќе од два месеца.

Кажани се многу работи, изнесени се многу аргументи за и против, во оптек се вртат повеќе тези и мој впечаток е дека работите со одредена намера, или пак случајно се прилично измешани или замрсени. Тоа и не е така негативна работа, со оглед дека се работи за доста важно, дефинитивно многу чувствително прашање, меѓутоа, сега е важно, земајќи ги предвид реалните состојби и потреби, ние пратениците да направиме проценки на сите наши сознанија, на сите аргументи, на сите кажани работи и да донесеме одлука.

Првата работа на која што сакам да се осврнам е всушност и клучното прашање, дали на Република Македонија во овој момент и е потребна или пак не нова територијална организација на локалната самоуправа. Гледам има доста дилеми и различни размислувања околу ова прашање и би тргнал со ред. Ние имаме конкретен предлог во кој Владата дава образложение и оценка за состојбите во државата на тој план и ги објаснува причините заради кои смета дека треба да

биде донесен овој закон, кажува врз кои начела се заснива предлогот и преку една нацрт содржина дава предлог како и на кој начин да се уредат односите на кои се однесува законот. Интенцијата на владиниот предлог е намалување на сегашниот број на општините во Република Македонија од 124 на 71, односно окрупнување на постојните општини со првенствена цел во Република Македонија да се формиаат реални општини, кои ќе можат ефикасно да одговорат и да ги извршуваат надлежностите и функциите кои им се пренесуваат со процесот на децентрализација на власта.

Наспроти предлогот на Владата, како од собраниската расправа, така и од пошироката јавна расправа веќе се дефинираат главно и две други стојалишта. Од една страна се вели не, на државата не и треба нова територијална организација и бројот на општините треба да остане во рамки утврдени со законот од 1996 година, односно да се задржат постојните 123 општини.

Од друга страна, додуша во последно време со помал интензитет се поддржува враќањето на старите 34 општини.

Почитувани колеги пратеници, лично сметам  и убеден сум дека сите дилеми од овој тип се апсурдни, не логични би рекол и апсолутно безпредметни. Затоа што во Република Македонија прашањето дали треба нова територијална организација е затворено. Несериозно и смешно е допрва да се дискутира и да се преубедуваме на таа тема,  особено не во Собранието. Не е ова шега, па во зависност од позиција од која настапуваме, да си играме еднаш треба, еднаш не треба. Ги слушам колегите од опозицијата во нивните долги говори и искрено не можам да се изначудам. Да беше пред 20 или 30 години, ајде и да заборавивме. Меѓутоа, нема ни цели 4 години кога вие почиувани колеги од опозицијата промовирајќи се во исклучително реформска власт, меѓу другото утврдивте дека системот на локалната самоуправа во Република Македонија таков каков што го имавме неполни три години не чини и дека треба да се реформира. Владата што вие ја, почитувани колеги од опозицијата ја поддрживте, како парламентарно мнозинство тогаш и учествувавте во нејзиното рботење, сеедно, како министри или нешто друго во 1999 година ја донесе стратегијата за реформа на системот за локална самоуправа, а во 2001 година, како континуитет на тоа, донесе дури и план на акции за имплементација на реформата на локалната самоуправа. Токму во тие документи стои, вие сте напишале, дека треба да се донесе нов закон за локална самоурпва, дека треба да се донесе закон за финансирање на општините, дека треба да се прекрои картата на општинските

граници во насока на укинување, или намалување на постојниот број на општините.

Затоа, да не ги искривуваме работите, да не го третираме овој предлог како да сегашната Влада немала што друго да прави, па и текнало да направи нов предлог на територијална организација во Република Македонија.

Овој предлог не е ништо друго туку континуитет на правците кои вие колеги од опозицијата  пред три-четити години ги утврдивте на ниво на стратешки државен интерес и како такви ги промовиравте долж и попреку државата, а уште повеќе, верувајте ми пред меѓународните институции.

Од тие причини, не фаќаат  место дилемите што сега ги протежирате, те да се вратиме на досегашната бројка од 34, те да останеме на сегашната бројка од 123 општини во Република Македонија. Претпоставувам дека знаете дека ова прашање не е прашање на моментно политичко рассположение или пак волја, која зависи од дневните потреби и интереси на власта, или од позицијата, сосема седно.

Понатаму, во делот на потребата за донесување на овој закон и за расправата, евидентни се и обидите да се шпекулира за сметка на Рамковниот договор. Демек ќе го читаме и токлуваме, како што ни одговара во моментот и за одредена потреба и ќе тврдиме дека не ни треба нова територијална организација од причини што во таа и таа точка, во тој и тој член стоела обврска да се преиспита сегашната територијална поделба, арно ама тоа не значело дека треба да се носи и нов закон.

Почитувани колеги, веќе стана обичај кога некој сака да се пофали со знаење, веднаш да се повика на искуствата од развиените европски земји, или пак да цитира одредби од европската регулатива. Кога пак намерата е да се создаде фама, да се направи збрка, тука е Рамковниот договор. Затоа да расчистиме. Рамковниот договор не ја третира изолирано територијалната организација, туку комплексно гледа на вкупниот систем на локалната самоуправа во Република Македонија. Значи, упатува или обврзува на отпочнување на процес за децентрализација на власта, на нормативно регулирање на финансиската, фискалната автономија на општините. Во согласност со тоа всушност, како последица на промените на односите и работите во тој дел произлегува потребата од нова територијална организација, односно окрупнување на општините.

Затоа, да не се залажуваме меѓу нас и да не ги лажеме граѓаните. А можеме да ги оставиме на страна  и Европа и светот. Новата територијална организација е

потребна првенствено заради нас самите и ние овој закон треба да го донесеме. Се друго е шпекулација. Ова шпекулација е смислена првенствено, се разбира од дневнио политички намери и претпоставувам, заради додворување пред граѓаните, особено од причина што годинава, меѓу другото е изборна година.

Понатаму, второто клучно прашање е каков треба да биде овој закон. Прво и основно народот не попусто кажал: “Лесно е кога се дава, тешко кога нешто треба да се земе”. Во нашиот случај состојбата е токму таква. Кој што сака нека каже, кој што сака нека се повика на што сака, меѓутоа, не постои идеален концепт или модел за територијална организација. Едноставно нема модел, нема формула, која сите ќе ги направи задоволни. Од тие причини понекогаш ќе имаат право и тие што го критикуваат законот, понекогаш нема да имаат до крај право и оние што сакаат да го пофалат овој закон. Меѓутоа, никогаш без исклучоци, никогаш никој во ова Собрание нема право да ја игнорира фактичката состојба, да ги искривува аргументите и за сметка на интересите на граѓаните и се разбира државата да злоупотребува ваква значајни проекти, ставајќи ги во функција на општинските интереси. За жал, тоа се случува. Прво се протажира тезата дека овој и ваков закон не чини и не е добар за Република Македонија, затоа што  наводно, водел конферeдализација на државата. Оваа теза, која воопшто не е нова, имавме прилика и во Собранието да ја слушаме во повеќе верзии и таа секогаш или редовно се дообјаснува со епитети од типот, предавство, курбани, продавање, тесно партиски договарања и така натаму. Во името на оваа теза, без никаква совест, се прејудицираат егзодуси, поделби и раселби, па дури под знак прашалник се доведува и територијалниот интегритет и суверенитет на државата.

Почитувани колеги, која е смислата на вака апсурден начин да се престрашуваат граѓаните, да се алудира на неможноста од соживот, да се поттикнува меѓуетничката нетолеранција. Никој не е наивен и сите се свесни дека ваквиот приод, ваквите тези имаат и те како употребна вредност во политиката и целите што таа ќе си ги постави. Но нели зборуваме за локална самоуправа и локлна демократија што ќе им биде достапна на сите граѓани и нивните потреби. Нели зборот ми беше дека преку децентрализација на власта всушност, сакаме да моделираме современо општество, држава која сакаме да ни биде како сите модерни европски држави, нашата држава да се развива и да оди напред. Патем, постојано цитираме членови од европската поделба за локалната самоуправа. Ако е така, толку ли е тешко навистина, да се биде објективен. Зошто се премолчува дека

државата не може да се федерализира преку фнкциите што се надлежност на локалната самоуправа и дека од тие причини оваа и ваквите тези, воопшто не држат место. Зошто се премолчува фактот дека Република Македонија е мултиетничко општество, а двојазичноста е уставна категорија. Тоа е реалност, чија што суштина, ама баш никој, не може ниту да ја подобри, или влоши со овој закон.

Друга работа е ако во меѓувреме, од било кој причини на некој му текнало, или се предомислил, па смета дека мултиетничкиот концепт на Република Македонија не чини или не е добар. Ако е така, тогаш во ред, ама нека стане и јавно нека го каже тоа, па да знаеме со кого и за што всушност дискутираме. Навистина вака повеќе не може, или не оди, едно да се декларираме, друго да се мисли, а сосема трето да се прави. Од такви позиции со такви убедувања и предрасуди, ограничени од партиските етнички или би рекол, локал бирократските интереси, колку и да е добар или лош предлогот за кој се дискутира, невозможно е да се каже ништо паметно и корисно. Дискусиите можат да траат со денови. Добро ама, што фајте ако дискутираме, а гледам дека повеќето дискусии се такви, се зборува генерално, или пак само за една или друга општина, а всушност единствената идеја најважната мисла е дали градоначалникот на таа и таа општина ќе биде Македонец, или Албанец. Дали со укинувањето на една или на друга општина шансите за градоначалнички мандат стануваат помали или поголеми. Каков ќе биде политичкиот аспект, или структура на ново предложената концепција, или концентрација на населението, во смисла дали новите општини ќе бидат наши или нивни, како од етничка така и од партиска гледна точка и така натаму.

Почитувани колеги, никој во оваа сала не е имун и не е без чувство и без разбирање за граѓаните, кои по природа на нештата живеат токму во подрачјата на општините од западниот дел на државата. Токму заради мешаниот состав на населението многу поизразени се интересите и проблемите и тензиите од етничка природа. Затоа мислам дека покрај сите шпекулации и црни предвидувања добро е да направиме еден објективен осврт и на ова прашање. Сите го знаеме одговорот, но фали и тоа многу искреност и реалност и речиси секогаш, кога јавно треба да се одговори, кога и по кој повод станаа модерни делбите и раселувањата, сите знаеме дека никогаш причина за делбите, несогласувањата, раселувањата, не била етничката припадност, или етничкото потекло на некој градоначалник, никогаш тоа не била работа поврзана со надлежоста на локалната самоуправа. Сите знаеме

дека е тоа така ама упорно секој ја тера на својата би рекол, повеќепартиска, отколку национална воденица.

Дами и господа пратеници, конфликтите станаа актуелни ама не заради водовод, комунална хигиена, канализација, инфраструктурен објект или било што друго врзано со локалната самоуправа. Нив не ги мотивира границата на подрачјето на некоја општина, ниту пак било кој аспект или функција на локалната самоуправа.

Се знае, таквите нешта произлегуваат кога на некој сеедно дали во антимакедонски, или пак во антиалбански правец ќе му се воспали умот, па ќе почне да блада за одовде и отаму Групчин, за таканаречени големи и мали македонци, за таканаречени големи и мали албанци, за размена на територии, населенија и да не набројувам. Јас мислам дека, како држава и како граѓани, расчистивме со таквите апсурдни, погубни проекти и идеи. Контролата на таквите ретроградни процеси од рацете на индивидуи и групи, кои милуваат да ги менаџираат овие работи, е префрлена дефинитивно во институциите и органите на државата и тоа е веќе сериозно отпочнат процес. Затоа, би сакал сите да бидеме сериозни и овој предлог да не се злоупотребува за плашење на граѓаните и поттикнување на меѓуетничка нетолеранција. Толку сме навистина колку што сме и македонци и албанци и турци и роми и власи и бошњаци и да не набројувам. Дискутирав за тоа во колкав број на општини и како најдобро да ги организираме нашите граѓани за да можат успешно да си ги задоволат своите локални потреби и интереси, а не за да имаме повеќе или помалку припадници на една или на друга националност.

Претпоставувам дека секој пратеник без оглед на политичката припадност чувствува одговорност и пред непосредните избирачи и со право сака посебно да се заложи за една или повеќе општини. Според суштината на мислењето искажани до сега, предлогот за намалување на бројот на општините не се подржува главно од колегите од опозицијата. Некоја сериозна алтернатива или пак аргументирано оспорување на критериумите според мене, според кој е изготвен предлогот за жал не слушнав. Во меѓувреме, во над 30 општини од постојните во Република Македонија се одржаа референдуми и граѓаните го искажаа својот би рекол автентичен став и желба за тоа дали треба постојната општина да остане или да се припои кон некоја друга. За разлика од некои колеги пратеници кои настојчиво повикуваа на членот 5 од Европската повелба за локална самоуправа и покрај тоа се разбира сите во оваа сала знаеме дека резултатите од референдумот или референдумското изјаснување за ова прашање дека не се задолжителни, јас сум

убеден дека Владата на Република Македонија најсериозно ќе ги земе во предвид аргументите на сите овие општини и ќе изврши одредени корекции до следната фаза. Меѓутоа, поентата ми е во нешто друго. Зошто укинување на општини. За да можам навистина да изградам еден објективен став како пратеник по ова прашање, се обидов малку да ги разлистам документите за периодот од последната територијална организација, значи од 1996 година па до денес. Во 1996 година кога имавме 34 општии и тенденција за уситнување на тие општини, стручниот тим кој што вршел подготовки сугерирал да се формираат плус нови 40 општини. Владата на Република Македонија излегла со предлог од 77 нови општини, додека пак Собранието на Република Македонија со усвоило законот со кој се формираат уште 90 нови општини, со што бројот на општините во Република Македонија од 34 е зголемен на 124. И понатаму, нема да спомнувам имиња затоа што се работи за лица кои не се присутни, меѓутоа, станува збор за универзитетски професори кои имаат искуство како стручни лица од 1996 година па до денес, а слушам и читам некои нивни изјави во овие изминати месец, два. Сретнав неколку верзии на овој закон. Во една од нив подготвена се разбира, се предлага 40 од општините да бидат укинати. Во друга се предлага укинување на 35, во трета се предлага укинување на 39 општини.

Во четвртата верзија пак, изработена од истиот тим на стручњаци, меѓутоа, официјално потпишана  и од претходната влада во 99-та година, се предвидува укинување на 34 општини. За сите тие верзии, како впрочем и за верзијата за која што денес дискутираме, очигледна е намерата од која се тргнува, а таа е заедничка за сите нив. Повторувам, укинување а не задржување на истиот број или зголемување на бројот на општините, а заедничка цел на сите нив е да се изгради стабилна, долговремена и реална територијална организација; да се направи профил и мрежи на општините во Република Македонија  кои ќе даваат добри резултати на планот на имплементацијатна законот за локалната самоуправа и ќе овозможат посилен се разбира социо - економски развој, како на општината, така и на државата.

Значи, заедничко за сите овие верзии кои што ги набројав е тоа што се предвидува намалување на сегашниот број на општини. Никаде и никој не се изјаснил дека постојнава територијална организација од 123 општини е добра и оправдана, тук, напротив, сите се со цврст став дека бројот на општините во Република Македонија под итно треба да се намали.

Понатаму, интересен е податокот дека, во сите верзии,со мали исклучоци или со 99% прецизност, нема разлики во однос на тоа кои од пос-тојните општини треба да бидат укинати и, кон која општина треба да се припојат. Оттука, земајќи ги во предвид дека и во претходните 4 - 5 години се размислувало и се работело на оваа прашање, се предлагало укинување на општини, тезите против владиниот предлог кои сега ги слушаме, едноставно не држат.

Па господа пратеници, земете ги претходните верзии, споредете го тоа што тие го предлагаат со овој предлог на Владата и ќе видите скоро сите општини кои сегашната влада ги предлага да бидат укинати, всушност се ист таков предлог за укинување и на претходната влада и на експертите кои и помагале во тие напори на таа влада.

Според тоа, колеги од опозицијата, ако вие мислите дека територијалната организација и локалната самоуправа во Република Македонија е толку безначајна работа што мо1е ставовите во врска со тоа прашање да се менуваат во зависност од тоа дали сме на власт или опозиција, тоа не значи дека и навистина е така. Тоа си е ваш проблем, меѓутоа, не очекувајте тогаш другите да го следат тој ваш дисконтинуитет. Велите се водело сметка за гласот на народот, сте биле подготвени да ја испочитувате волјата на граѓаните, да ги пресметате ризиците и да ги претпоставите штетните последици. Ако е така, зошто ништо од оваа што сега го говорите не е содржано во документите што кои што токму вие ги носевте?
Зошто законот за локална самоуправа од 2002 година што го иницирaвте и предложивте, не содржи ни ,,мало г,, од грижата што сега ја манифестирате. Зарем не можевте навремено кога на голема врата и со фанфари се предлагаа и промовираа реформите во локалната самоуправа да претпоставите дека, на граѓаните од повеќето општини во Република Македонија нема да им биде драго да го изгубат статусот општина. Зошто ја испуштивме можноста на времето кога требаше,кога се фундираа основите би рекол на реформата, да бидете великодушни спрема граѓаните како што сте впрочем и сега и,на пример,да предложите и усвоите поинакви правци, поинакви критериуми од оние што сега важат и значат законска обврска токму зо законот што го донесовте вие во 2002 година. Да направевте така, автоматски сега на сите друг ќе ни беше муабетот. Оли пак, можеби вие, однапред имавте намера реформата да не ја истуркате подалеку од владина процедура, подалеку од нивото на декларативност,па затоа и законот за

локална самоуправа е таков каков всушност што е. Џабе е сега да се декларира некакво сочувство или пак да се ставаме по секоја основа на страната на граѓаните.

Најпосле апсолутно нема ни потреба од тоа. Законот се предлага за да биде подобро, а не полошо во локалната самоуправа. Меѓутоа, по се изгледа стравот е поголем ако се успее, а не ако не се успее.

Понатаму, уште еден битен момент би спомнал.

Што навистина правиме со граѓаните и зошто реално не зборуваме пред нив и со нив за вистинските аргументи. Еве да тргнеме од најелементарната работа. Направел ли некој анализа на сегашните општини од аспект на нивниот персонален административен и стручен капацитет. Треба ли да знаат граѓаните дека, децентрализацијата на власта, претпоставува во најмала рака стручен административен капацитет од минимум 20 до максимум 60 вработени во општината. Треба ли да знаат граѓаните дека, платите за тие вработени се на нивен товар, дека зафаќаат, односно дека се значаен дел налокалните даноци и такси и дека ќе влијаат на нивната висина.

Како по оваа прашање размислуваат граѓаните од опќтините кои досега имаа по еден, двајца или тројца вработени, вклучително градоначалникот и техничкото лице. А знаеме дека бројката на ваквите општини во Република Македонија е 55.

Слушнавме и дискусии, да неречам приказни преку кои се правеа обиди да се убедиме дека токму постојнава територијалната организација на општините овозможила да се случи невиден инвестиционен бум, препород на општините. Тоа е всушност случај би рекол кај помалите општини, особено во пасивните делови на државата е делумно точно. Навистина се изградија објекти од сферата на елементарната инфраструктура: пат, водовод и, горе - долу, толку. Нешто помагаше државата, нешто меѓународните институции, нешто програмите на странски влади или амбасади, меѓутоа,
тоа се многу ограниЧени средства и зафати, како по обем, така и по рок почитувани колеги да не бидам погрешно сфатен, таквите средства и понатаму се добредојдени и ќе ги има. Но, не значи дека клучен услов за нивно користење е да по секоја цена треба да се биде општина.

Исто така, да не заборавамe во контекст на вкупните капацитети на локалната самоуправа во контекст на реалните потреби и проблеми на граѓаните,

сето тоа е далеку од она што во 2002 година преку новиот закон за локална самоуправа е дефинирано како надлежност на општините.

Императив на граѓаните во Република Македонија не е повеќе само асфалтот, не е се повеќе само чешмите, водата и да не набројувам. Нив, едноставно мора да ги има без разлика била некоја општина или средина ќе биде општина или не. Сега сме обврзани да дискутираме и да креираме законски решенија кои ќе одат во прилог на, локален социо - економски развој, посериозно уредување и планирање на просторот; квалитетна заштита на Животната средина и природата; високо и квалитетно ниво на комуналните услуги, здравство, образованието, културата и тн. Сите овие работи треба да бидат раководени и во иднина во најголемиот дел финансирани од општината и од самите граѓани.

Затоа, ако навистина се почитуваат граѓаните и се држи до нивните потреби и желби, нема место за двоумење или за два ума: едно за позиција, а друго за позиција на опозицја.

Бидејќи ова е сепак прва фаза, претепоставувам ќе следува една сериозна јавна расправа после ова, добро е граѓаните реално да согледаат, пред нив реално да проговориме, што за нив навистина значи реформата на децентрализацијата на власта, новите закони и како тие ќе можат најефикасно да ги користат придобивките од сето ова за што ние зборуваме овде во Парламентот.

За жал до сега, за суштинските работи се разбира многу малку зборувавме.

Да не должам многу. Јас сум на мислење и со убедување дека законот треба да се донесе, предлогот на Владата ќе го поддржам со сугестија по затварањето на оваа собраниска расправа, предлагачот сериозно да поработи на сите предлози, да ги разгледа аргументите доставени и сите барања итаму каде што има реални услови, навистина да се направат одредени корекции.

Македонија е мала земја и со овој закон ниту се дели, ниту се продава, ниту пак се менува нејзиниот уставен карактер. Јас сум навистина убеден и верувам дека овој собраниски состав има капацитет да носи добри и корисни за граѓаните и државата одлуки и убеден сум дека ќе го направи и овој пат тоа.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам.

Реплика господинот Коце Трајановски. Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Би сакам да му реплицирам на господинот Ќуркчиев, нашиот колега, мислам дека воопшто не е нешто невобичаено. Мислам дека и на претходните негови говори беа слични, со еден напад на опозицијата. Целиот говор му беше практично анализа на нашите говори, ништо не кажа за предлогот на законот. Практично и сака малку да ја заплаши опозицијата, меѓутоа, сакам да му кажам дека не е само опозицијата различно  да размислува од господинот Ќуркчиев, незнам како ќе му објасни на пратеникот од Кичево и на пратеникот од Струга, кој вчера јавно кажаа дека не се согласуваат со овој предлог. Дали тие се лицемерни, едно зборуваат а друго прават, дали и тие не ги слушаат граѓаните, а ги слуша само господинот Ќуркчиев, мене просто не ми е јасно, знаејќи дека и од неговата партија или од неговата коалиција на власт исто така се погласни се негодувањата по овој закон, особено за луѓето кои доаѓаат од тие средини кои што се вака најпогодени со овој закон.

Од аспект дека едно мислиме а друго правиме, самата ваша партија господине Ќуркчиев ги намали општините на 34, од 34 направи 123, па сега ги смалува Мислам дека, кога бевте во право, кога беа 34 или сега кога се 123 или сега кога ги смалувате.

Од аспект на тоа дека раселувањето не било по етнички карактер, би ве упатил да ги прашате раселените од Матејче, од Арачиново, од Радуша, од Тетовско, дали и што мислам тие. Дали се по етнички или не се по етнички основ раселени и дали може да се вратат назад.

Инаку, што се однесува до Законот за локална самоуправа, како што рековте во 2002 година, тој е донесен конзенсуално, значи, ние сме имале доволно доблест да да ја консултираме и тогашната опозиција и единиците на локалната самоуправа и ЗЕЛС и граѓаните. Мислам дека нешто слично требаше да направите и вие сега. Вакви процеси не се донесуваат за неполна година, барем требаше да причеката или да сугерирате да се направат референдумите, па тогаш, меѓу другото, да се земат предвид и резултатите и мислењата од тие референдуми. Јас толку имав.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Г-дин Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Колегата Трјановски не ме рабрал добро, или не сакал да ме разбере добро, но ако не сакал не можам да му помогнам.

Што се однесува до предлогот на Владата, кој што навистина ќе го поддржам и добар дел на колегите пратеници, посебно би рекол од мојата пратеничка група, имаат право да ги дадат сите забелешки, за кој што ценат дека треба да бидат кажани. Воопшто, она што го спомнавте во форма на реплика, би рекол дека или не сте ме разбрале или не сте сакале да ме разберете. Ако некој пратеник во основа не сфати дека целта на носењето на новата територијална организација, треба да биде врз основа на реални и објективни критериуми, кој што треба ние да ги согледаме, тешко дека ќе можеме да успееме да се договориме, заради тоа што сите навистина се повикуваме на Совет на Европа, Европски совет итн.

Не може да имаме два критериуми, еден за дома,а другиот за надвор. Ако не ги усогласиме односите помеѓу човекот и природата на начин кој што ќе обезбеди подобро организирање на животот на граѓаните во локалните самоуправи, ние не сме направиле ништо.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-динот Илија Србиновски беше, па Марија Којзеклиска, Оровчанец, Блаже Стојановски, Џевдет Насуфи, Лалчевска, Бонева, Драго Шајновски, се надевам дека се по ред.

Значи прво Илија Србиновски. Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам.

Ми тече времето потпртседателке. Запрете го времето.

Може.

Би сакал да реплицирам излагањето на колегата Ќуркчиев во неколку точки и тоа нормално на оние точки кои што се однесуваат или јас барем така ги сфатив на делот од Законот кој што го третира општина Кичево и идната територијална организација на идната општина Кичево. Сакам да нагласам дека во ниедна стручна анализа од еминентни професори, сегашни и бивши, во ниедна јавно печатена или издадена брошура, во ниедна верзија, пред ниедна Влада, општините Зајас,

Осломеј, Дргугово и Врнешница во пакет не се додаваат на општина Кичево. Ако има некој било каков документ што ќе го демантира тоа нека повели јас тврдам дека тоа е единствена верзија е оваа сегашна што е предложена од Влдата. Значи она што го кажа г-динот Ќуркчиев за тој дел за општина Кичево не се однесува.

Втората работа на која што сакам да реплицирам, имавме во делот од излагањето, се обиде г-динот Ќуркчиев да ни укаже или да ни каже, малку и лекција да ни даде веројатно за тоа дека проблемот бил кој ќе биде градоначалник на општината итн. итн., и дека ги плашиме граѓаните. Јас уште еднаш повторувам она што го кажав во неколку те мои досегашни настапи, сите што мислат дека е така, нека повелат во секое време во Кичево, да дојдат нека бидат гости во градот, нека ги консултираат сите оние граѓани кои што не се симпатизери или членови на опозицијата и нека го чујат нивното мислење, ако е тоа такво како што тие сметаат тогаш нека го послушаат тоа мислење.

Друго, дека градоначалникот бил важно од која партија или од која националност или етничка група ќе биде, и дека практично на тоа се сведува она што го збориме. Сега зборувам само за Кичево. Бидејќи тоа ме интересира, нормално од таму доаѓам и тоа ме интересира.

Во Кичево не е важно од која етничка група или од која национална припадност ќе биде градоначалникот. Апсолутно не е важно. Може да биде и албанец, македонец, турчин и ром. Меѓутоа, важно е кој ќе го бира него, а него ќе го бираат граѓаните на Кичево, не на Другово, не на Ќафа, не на Зајас, не на Осломеј, не на Врнешница. Тие ќе си ги бираат нивните градоначалници. Тоа е суштината. И, за илустрација во Кичево досега градоначалник бил, Емин Камлага, турчин по националност, Абдула Топал, турчин по националност, и многу други градоначалници. Или лица од различна етничка припадност бидејќи во локалната самоуправа функциите беа порано поинакви, па имаше секретари на општини, па така натаму, биле и албанци, и потпретседатели итн.

А, соживотот без навреда навистина колегите кои што доаѓаат сепак од етнички чисти средини, најмалку имаат право да ни држат лекции за соживот и етничка толеранција нам кои што сме се родиле, живееле, нашите претци и поколенија, идни ќе живеат заедно со албанците, со турците, со ромите, со србите со власите, со сите етнички групи што живеат во Кичево, и тој соживот се гради секојдневно тоа е традиција што се пренесува од колено на колено и така не се кажува овде со зборови, таа се гледа секојдневно и затоа повторно и затоа за да го

поткрепам ова што го кажувам сите што мислат поинаку, нека повелат да ни бидат гости во Кичево и да видат како е тоа и како тоа изгледа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господинот, нема реплика на репликата. Следен е госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе се осврнам на кратко политичкиот дел од говорот за територијалната организација на локалната самоуправа на г-динот Ќуркчиев, и само да му кажам во однос на прејудицирањето и црните предвидувања кој ги кажуваше во својот говор, да му кажам дека ние имаме искуство со таквите прејудицирања, пред се во поглед на децидното одредкување на лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, г-динот Бранко Црвенковски и сегашен премиер, дека нема се исвинувам јас реков дека ќе зборувам за политичкиот дел од говорот на господинот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам. Рековме имаме договор, неприсутните да не се спомнуваат.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Тој е претседател на Владата госпоѓо потпретседателке. Па тој не може да биде присутен.

Значи децидно одрекување на г-динот премиер дека нема да прави Влада со терористи. Значи прејудицирањето и црните предвидувања доаѓаат од ова наше искуство, тоа е во првиот дел.

Во вториот дел, рече г-динот Ќуркчиев дека сакаме јавно да продискутираме за одредени работи. Е, сега ако веќе јавно продискутираме само да го потсетам г-динот Ќуркчиев дека г-динот Шаќири во овој момент како пратеник во Собранието на Република Македонија ако не е присутен не го оправдува неговото отсуство, се декларира упорно, посебно по овој закон за територијалната организација како демократ. По законот за тетовскиот универзитет исто така демократ. А, само да се врати малку порано во 2001 година се декларираше како терорист. Тоа е во политичкиот дел.

И трето, што е најважно некому г-дине Ќуркчиев, некој можеби се додворува на граѓаните ама со ваквата територијална организација на локалната самоуправа некој му се додворува на врховниот командат на ОНА Али Ахмети.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колешке, мислам дека ги измешавме сите работи, овдека не зборуваме во тие категории, овде сме колеги пратеници, така што . . .

Колешке, амнестијата помина во поранешниот состав на Парламентотне е работа наша на овој состав така што, ве молам, ве молам, овде зборуваме во категории, пратеници, во . . .

(уфрлувања од место).

Меѓутоа не со имиња, не со имиња, добро.

Ве молам. Во ред. Одиме понатаму. Одиме понатаму.

Господинот Никола Ќуркчиев, реплика на реплика.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Обично репликите се од место, меѓутоа, ќе ми дозволите да кажам два збора, на колешката заради тоа што мислам малку ја претеравме работата. Иако бидам прегруб ќе ми простите однапред.

Прво, сето она што го кажавте апсолутно нема никаква допирна точка со она што јас го зборував.  Апосолутно.

Втората работа всушност, го потврдувате она што јас го кажав. Дека сте воделе сметка за гласот на народот, дека сте биле подготвени да ги испочитувате сите нивни желби, волји итн., да ги пресметате ризиците кои што во тој период постоеле, меѓутоа, да ве прашам, дали сте го прочитале Законот за локална самоуправа кој што го донесовте токму вие 2002 година. Ако сакате да зборуваме за членови ќе ви го кажам следново.

Во вашата дискусија се повикавте на член 5, и јас нема да кажам на што меѓутоа еве јавно од оваа говорница како изгледа ве повикувам да кажете дека знаете да направите разлика што е Совет на Европа, а што е Европски совет. Ако тоа го кажете јас јавно ќе гласам за се она што вие ќе предложите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дин Ќуркчиев.

Може малку да се смириме.

Ве молам немојте од место.

Г-динот Насуфи, повелете три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодрам г-дине претседател.

Неколку пати актуелната Влада се повикува на предлогот на бившата Влада, што се однесува до реформите за локалната самоуправа. Јас ќе ви кажам една виситна.

Кога во 1998 Владата во која учествуваше Демократската партија на албанците, се инсталира и Министерството за локалната самоуправа за прв пат и тоа Министерстсво го менаџираше токму оваа партија со една многу јасна порака. За да се дојде до рамноправноста на албанците во Македонија преку локалната демократија.

Вие г-дине Ќуркчиев во 1996 ја направивте територијалната поделба за жал, важи да се квалификува таа поделба, повелете на општините да им дадеме многу,но не и надлежности. Ова се потврди и ова е една ноторна вистина. Велам, за жал, вршите територијална поделба според едно сосема друго начело. Можеме да им дадеме надлежности но не и пари. Ова се потврди со законот кој го донесовме пред неколку дена што се однесува до финансирањето на општините.

Треба да знаете г-дине Ќуркчиев, актуелната Влада на која и припаѓате како СДСМ, со оваа теиторијална поделба, вршите уште една поделба, која не е во функција на етничката рамноправност. Земете го градот, на пример, Маврови Анови, Јегуновце и некои други општини во Западна Македонија, кои се прекинуваат на неприроден начин на нивната комуникација помеѓу граѓаните, конкретно на албанските граѓани, а ова не го вршите во другиот дел на Македонија.

Затоа, и територијалната поделба што ја вршите, зборуваме конкретно за територијалната поделба, не зборуваме за друга политика, бидејќи оваа Влада има мисија да го спроведе Охридскиот договор. Охридскиот договор ја бара оваа поделба, но не тоа да биде во функција на продолжението на неправилностите кои се евидентирани во Македонското општество.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван господине Ќуркчиев, пред мене е вашата верзија на Законот на територијална организација, за волја на вистината, ќе ми дозволите да ги прочитам општините што предложивте вие да бидат укинати. Вие предвидовте во вашиот предлог закон да се укинат 30 општини. Почнувајќи од Арачинова, Старавина, Извор, Блатец, Миравци, Вруток, Србиново, Сопотница, Конопиште, Вранешница, Пласница, Зрновце, Оризари, Чешиново, Житоше, Кукуречани, Добрушево,

Клечовце, Орашец, Босилово, Косел, Зелениково, Злетово, Подареж, Градско, Кондово, Студеничани, Вевчани, Куклиш, Џепчиште и да не набројувам. Овој закон е потпишан токму од вас. Навистина, ме изненадува зошто токму во овој момент и како може да не ги изнесете оние работи кои што веќе сте ги напишале внатре.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Ќуркчиев.

Имаме време за една реплика и контрареплика.

Следниот е г-динот Блаже Стојановски, три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодрам, претседателе,

Сакам да му одговорам на г-динот Ќуркчиев од истото место на кое што тој му одговаа на репликите на нашите пратеници на следниот начин. Господине Ќуркчиев, наместо вашата партија и вие со реализацијата на обврските од Рамковниот договор да го зголемите степенот на интеграција на Република Македонија, вие ја мотивирате дезинтеграцијата. Која е причината, без почитување на критериуми и стандарди да се прави територијална кројка на Република Македонија, освен ако не се работи за дефинитивна реализација на заложбите за федерализација на Македонија. Заради, не ја почитувата волјата на граѓаните, заради обврските кои ги имате преземено, со цел да ја зачувате власта по секоја цена, заради тоа што вашата Влада зависи од Али Ахмети.

Дали сметате дека оваа кројка одговара за македонците во Кичево. Дали сметате дека е случајна одлуката на Советот на општина Липково за поделба на Куманово на источно и западно по национална припадност. Мислите ли дека со овој пазар што го правите со Ахмети се оди во правец на зајакнување на унитарниот карактер на државата, дека нема да се случи загрозување на интересите на македонците во овие општини.

Вие г-дине Ќуркчиев, со ваков закон создавате политички термин на Западна Македонија. Со ваков закон од Република Македонија единствено што се прави, тоа е Вавилонска кула со ваков закон не се почитува демократското право на граѓаните да одлучуваат за нивната иднина. Со ваков закон вршите закана врз кревкиот мир и создавате многу ризици за иднината на Македонија.

Одговорете ми зошто кога албанците стануваат мнозинство во Кичево, во Струга или на друго место, го бојкотираат и не учествуваат во референдумот за иднината на оптштината, а кога се работи за општини каде веќе има постојно

мнозинство на албанската заедница, како што се Тетово или Гостивар, досегашните помали општини, во кои што мнозинство била албанската заедница, кои се припојуваат кон тие општини, прават референдуми и таму сакаат да опстојат како општини. Не е ли тоа етничка логика, не е ли тоа етнички принцип кој што го застапува албанската етничка заедница и кој што вие го прифаќате и го имате договорено со вашиот коалиционен партнер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ќуркчиев, една минута.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван колега Стојановски, всушност, потврдивте дека навистина зборувате за дневна политика и за политика која што ја практикувате или сакате да биде практикувана. Зборувате за некакви договори, па јас ве повикувам на аргументи и критериуми зошто или не треба некоја општина да го задржи својот статус.

За федерализацијата јас кажав неколку збора, меѓутоа, ќе ми дозволите нешто и да цитирам, но, во следната реплика. Така што, апсолутно не држат сите овие работи кои што беа кажани, ниту пак водат онаму каде што треба да бидеме со децентрализацијата на власта.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Тука правиме пауза.

Само да прочитам кој уште има реплика. Тоа се: Караџоски Жарко, Лалчевска Ристана, Оровчанец Ѓорѓи, Србиновски Илија, Драго Шајновски и Бонева Силвана. Бонева Силвана е прва после паузата.

(По паузата)

(Седницата започна со работа во 15,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Ќуркчиев помеѓу другото во неговиот говор кажа дека новата територијална организација е потребна заради нас самите. Се друго е шпекулација

заради додворување на граѓаните заради избори, алудирајќи нормално на опозицијата.

Според тоа што го кажавте во вашиот говор г. Ќуркчиев очигледно дека новата територијална поделба ја правите точно поради вас самите, бидејќи не не убедивте дека ја правите оваа територијална организација врз основа на објективни и реални критериуми. Помеѓу другото вие како претставник на власта кажавте направил ли некој анализа на стручно администритивен потенцијал на општините и дека платите се на грбот на граѓаните. Смешно е вие тоа да го кажувате дали некој направил анализа. Ние со денови бараме вакви анализи за да можеме аргументирано да зборуваме дали некој општини да опстанат или не. Вие заборавате кој е тој што го предлага ваквиот закон за територијална поделба со кој што се укинуваат одредени општини, или се припојуваат и дека вие сте тие кои што треба да дадете конктретни анализи кои што ќе кажат зошто тие општини вие ги укинувате или ги припојувате една кон друга.

Понатаму, во вашиот говор заборавивте да кажете дека не се буни опозицијата само заради изборен маркетинг, туку го слуша и го застапува гласот на граѓаните кои што го кажаа своето мислење на референдум и тоа пред ние да ги застрашиме како опозиција, бидејќи кажавте дека сме ги престрашиле со нашите говори, а повеќе од 30 општини г. Ќуркчиев се спротивставија на вашиот предлог кој не ја почитува досега воспоставената локална традиција на мулти етничко живеење, значи пред воопшто ние да зборуваме овде во Парламентот. Вие сте против мирното мулти етничко живеење штом не ја почитувате волјата на народот и традицијата која што е воспоставена и предлагате една ваква територијална поделба.

Во однос на вашето гледање на мулти етничкото живеење презентирано преку ваквата територијална поделба, која што вие кажавте дека ја поддржувате не дај боже сите од вашата партија на тој начин да го сваќаат мулти етничкото живеење во Република Македонија дека луѓето можете да си ги третирате како експериментални глувци во вашата лабораторија, на кои што вие можете да им давате повеќе или помалку етничка, градска и селска боја, а тие пак да молчат и да бидат среќни. Тие времиња поминаа, ако тоа вие не сакате да го чуете ќе ве потсетат граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам такви споредби како експериментални глувци мислам дека не се во ред.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навикнати се претседателе граѓаните на ваков вокабулар, така да не треба да се загрижувате толку многу.

Се надевам дека има повеќе репликанти, ќе бидам многу краток.

Велите дека фалат анализи и јас сум повикал на тоа и зошто ние и Владата не понудила доволно анализи за да се види дали навистина законот кој што е понуден држи или не.

Ако не можете да ги прочитате анализите колешке на предлагачот тогаш пробајте да ги прочитате вашите анализи, кои што ги направивте вие до 2002 година и ќе видите дека се исти, апсолутно и не се разликуваат.

Што се однесува до капацитетот на општините во Република Македонија точно е дека 55 општини имаат по еден, двајца, тројца или четворица вработени и ќе кажам дека 30 општини во Република Македонија се со еден, двајца или тројца, пет општини се само со четворица вработени. Тоа ли е капацитетот кој што навистина ќе овозможи развој на локалната демократија и локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Ќуркчиев, поставивте прашање на опозицијата, до нас пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да ви објасниме што е Совет на Европа а што е Европски совет. Јас ќе го поставам прво тоа да ви го одговори колешката Марија Којзеклиска во три очи, а јас би ве прашал вас почитуван Ќуркчиев дали вие разликувате што е Европска повелба за локална самоуправа од европска поделба, бидејќи кога зборувавте цело време зборувавте за европска поделба на локална самоуправа. Мислев дека тоа е лапсуз, меѓутоа кога три пати го повторивте тоа сватив дека очигледно не ја правите разликата.

Инаку, би сакал да ви се заблагодарам на тоа што потсетивте во јавноста дека ВМРО-ДПМНЕ кога беше на власт го покрена процесот на децентрализација, и

тоа е така. Тоа значи дека тоа е процес кој треба да почне и да заврши, меѓутоа децентрализација не значи еден ваков предлог или децентрализација не значи окрупнување на општините, но тоа е и тоа што сега дискутираме.

Во вашата дискусија цело време г. Ќуркчиев избегнувавте да дадете образложение за етничкиот концепт и политичкиот концепт кој е апсолутно присутен во овој Предлог на закон. Тоа го правдавте со некои ваши видувања, меѓутоа факт е во сето она што го зборувавте по однос на тоа како треба да се живее во локалната самоуправа и дека таа не значи поделба на Македонија или нешто слично, во никој случај не може да најде оправдување она кое што е најсуптилно прашање, а тоа е Кичево, Струга, Маврови Анови итн. итн, каде што е изразито јасен етичкиот принцип на основање на овие локални самоуправи. Значи, не станува збор за она што вие цело време го зборувате, а  го занемарувате дека тука е токму доминантен етичкиот принцип да се поставува прашањето зошто тоа и се прави. Или можеби целта токму на целиот ваков проект е токму тој концепт за да се постигне волјата и желбата на некој коалиционен партнер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Ќуркчиев:

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Да тргнам со ред, иако е кратко, навистина не знам на колегите на кој јазик треба да им се каже работите кои што се кажани да бидат разбрани. Ова навистина испаѓа кажав што кажав, кој разбрал разбрал, кој не навистина не можам да му помогнам.

Што се однесува до она што го кажав од говорница во репликата, ако колешката знае да каже што е разлика помеѓу Совет на Европа и Европски совет јас навистина, навистина повторувам јавно ќе гласам за сите предлози кои што ќе ги понуди таа, меѓутоа во четири очи, или во шест како што вели почитуваниот колега надвор во холот ми беше кажано дека такво нешто не постои, или не постои разлика. Постои и тоа е разлика колку земја и небо.

Советот на Европа е меѓународна организација што се наоѓа во Стразбург и која обединува повеќе демократски држави во Европа, додека Европски совет е редовен состанок најмалку два пати годишна на шефовите на држави и влади на Европската заедница со цел да се планира политиката на заедницата.

(Реакција од место на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, ова можете надвор од салата да го расчистите, овде не. Си има документи, се знае што е што.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас со внимание го ислушав обраќањето на г. Ќуркчиев, не затоа што даде некои важни видувања или забелешки на предлогот кој е денеска на дневен ред, туку од проста причина што прво ме изиритира во неговиот прв дел од говорот, затоа што некако се состоеше во два дела кои беа контрадикторни еден на друг.

Во првиот дел г. Ќуркчиев се потруди својски да ја искритикува опозицијата со своите ставови и видувања. Јас не знам кој му го дава таквото право затоа што јас лично верувам дека пратеникот се обраќа на Парламентот, а не на опозицијата. Тоа е прво.

Второ, опозицијата ниту е предлагач на овој предлог ниту треба да го брани предлогот. Предлагачот е добро познат. Тоа е околу првиот дел.

Господинот најмногу се задржа околу етничкиот критериум. Толку долго што јас заклучив дека основен критериум по кој се правел овој Предлог е токму тој. Очигледно дека и колегата пратеник тоа го забележал, па толку долго му обрна внимание на овој критериум.

Во вториот дел, за мое изненадување сосема контрадикторно на првиот дел го повика министерот да ги земе во предвид сите забелешки, а самиот не даде ниедна на Предлогот. Последниот дел каде што се прашува дали некој направил анализа го потврди токму тоа што сега јас го говорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Се јавувам со неколку забелешки.

Прво, да не знаев дека сум во овој мандат на ова Собрание, слушајќи го господинот Ќуркчиев ќе мислев дека сме барем една деценија или две назад,

односно дека јас сум во некој времеплов околу демагогиите кои што овде беа презентирани.

Ова го кажувам од проста причина што тој се осуди овде и не знам кој го овласти за тоа да каже дека ние ги лажеме пратениците, дека ги искривуваме фактите итн. Требаше да одговори на мојот говор ако имаше доблест и да каже за кои факти зборува.

Понатаму, околу нашата определба како опозициај за децентрализација и законот за локална самоуправа. Господине Ќуркчиев јас учествував во креирањето на тој закон, јас го стопирав околу два месеци тој закон околу надлежносите на здравството. Во координација за таа работа беше и претставник на СДСМ господинот Ѓорѓи Спасов, кој што тогаш беше генерален секретар и на крајот кај претседателот Трајковски и вашиот партиски лидер господинот Црвенковски даде согласност на тој закон и тој закон овде е донесен со консензус. Тоа е знак дека се работело и се изработило нешто. Меѓутоа никој не треба да манифестира дека идеален закон ќе донесеме, меѓутоа обврска ни е да донесеме оптимален закон, а овде тоа не се прави. Донесувањето на овој закон, ова што овде го имаме пред нас воопшто не е поистоветување со децентрализација и мислам дека таа разлика не е суптилна, драстична, треба да ви биде јасно, а она што овде го имаме како презентација на закон, тоа е практично само законска надградба на наредбата на Али Ахмети од 28 март 2001 година до 120-тата девизија за освојување на овие територии кои што овде се апострофирани.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Таман помислив дека ќе слушнам нешто ново и нешто поизменето, меѓутоа навистина тешко ни оди. Ќе прочитам нешто што еден ваш колега и ваш член има напишано во својата книга која се однесува токму во делот на територијална организација на Република Македонија 1996 година. Тој вели: “По линија на партиско маркетиншкиот и пропаганден интерес реакциите се состоеја во нападот за Предлогот на законот. Со него се распродавала Република Македонија дека таа се федерализирала дека Предлогот го помагал создавањето на така наречена Илирида итн”, за да на крајот каже истиот ваш член “И на крајот има основа да се верува ако воопшто беше отворена некаква Пандорина кутија по повод процесот на утврдување на овие општини со нивното востановување и активирање

таа пак се затвори”. Дали после овие наши расправи овде некој ќе има доблест да каже дека тоа навистина е така.

Ова е ваш член и вие добро го знаете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Драго Шајноски има три минути за реплика.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Господине Ќуркчиев, точно е дека ВМРО-ДПМНЕ покрена постапка за децентрализација на власта пред 4 години, а СДСМ жестоко се спротивстави на таков демократски процес бидејќи диктатурата ви е стил на работа. Тоа се гледа и од вашиот настап. Застрашувачки е кога човек ве слуша како говорите. Човек во еден момент помислува дека или времето се вратило назад во 1949 година или навистина диктатурата владее кај нас. Начинот на кој говорите е одлика на еден недемократ кој го убедува народот и самиот себе дека се што ќе каже е конечно, општо познато и нема што друг понатаму ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, по кој став реплицирате Вие.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

По неговиот говор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не знам, реплицирате по начинот на говорење.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Вие сте уморен претседателе, не пратите.

Тоа е одлика на луѓе од едно изминато време познато како станилизам.

Господине Ќуркчиев кога ви е сеедно дали градоначалникот е наш или нивни, како што вие се изразивте тогаш зошто не ви е сеедно дали градоначалникот ќе биде од СДСМ или од ВМРО-ДПМНЕ. Дали ова не ја открива намерата од вашата потсвест и ја потврдува уште еднаш дадената изјава на премиерот дека со секого би коалицирале, дури и со црниот ѓавол, но не со ВМРО-ДПМНЕ.

Не ве разбрав и барам уште еднаш да ми објасните зошто инсистирате да се реорганизира општината Струга, Кичево и Скопје на начин кој очигледно народот не го сака.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Ако досега не си разбрал, тешко ше разбереш понатаму. Меѓутоа, почитуван колега немој навистина да се плаши од моите говори. Плаши се од она што си го направил, или во иднина ќе го правиш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овде завршуваме со репликите.

Има збор господинот Ѓорѓе Паљошкоски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министер, при изготвувањето на законот за територијалната организација и локалната самоуправа Владата на Република Македонија тврдеше дека ќе се раководи според аргументирана и издржана методологија на локалната децентрализација. Но, се поставува прашањето за издржаноста на ваквите тврдења. Со оглед на тоа дека фактите кои говорат за одредени општини кои со предложениот закон се укинуваат. Притоа се искажува и едно огромно незадоволство од граѓаните и поради фактот што не се консултирани при прекројувањето на општинските граници. Имено, со законот како овој од таков приоритет за населението неминовно е граѓаните да го искажат својот став за што е потребно и доследно почитување на Европската повелба за локалната самоуправа. Во Република Македонија егзистираат општини со градски и рурален карактер. Треба со посебно внимание и третман да се пристапи кон целосно анализирање на постојните состојби во општините. Населението кое живее во руралните општини својата перспектива ја гледаат во стопанската развиеност во своите населени места. Тие општини мора да признаеме покажуваат евидентни резултати во своето функционирање во смисла на тоа дека започна со изградба на позитивна децентрализација. Ако одредени општини со рурален карактер се припојат со општини со градски карактер секако дека рамнотежата како од економски, така и од демографски аспект ќе се наруши. Владата на Република Македонија посебно става акцент на успешното егзистирање на општините со новиот пакет закони кои ја опфаќаат и децентрализацијата од

финансиски аспект. Аргументите кои ги презентира Владата се крајно неосновани. Имено, многу општини можат да опстанат како самостојни општини со целокупниот финансиски, фискален и локален управувачки дијапазон на надлежности. Ова мое излагање би го концентрирал токму на тоа, би ги изнел аргументите на општината Василево и Муртино кои сами по себе ја побиваат тенденцијата на Владата да ги укинат постоечките општини.

И би почнал со општина Василево. Првиот аргумент кој говори за одржливоста на општина Василево, историскиот и правниот. Во 1922 година општина Василево е формирана како комуна со територијална поделба од 1954 до 1955 година комуната Василево е основана како комуна што говори дека тогаш фактите го поткрепиле статусот на општината. Во 1962 година општината Василево го задржува истиот статус кога се укинати многу комуни од струмичкиот регион за во 1965 година да биде укината со таканаречената стопанска реформа. Во 1996 година со Законот за територијална поделба Василево го добива својот заслужен статус општина со 18 населени места, но без Добрејци, Вељуса и Порсениково.

Вториот аргумент кој говори за позитивно функционирање на општината е територијалниот момент. Општината се наоѓа на прекрасна местоположба во струмичко Радовишката котлина, односно северозападниот дел на Струмичкото поле. Територијалното зафаќање на општината е 220 км2, аграрната површина на општина Василево изнесува 16091 ха од кои 6773 ха, или 42% се обработливо земјиште, 1082 ха или 11,2% се пасишта, додека 7516 ха, или 46,7% се шуми.

Третиот аргумент за перспективите на општина Василево е популациониот момент. Имено, општината Василево има 18 населени места во кои живеат 12.122 жители според последниот попис. Кога ќе се спореди со податоците од последниот попис јасно ќе се увиде дека населението е во пораст. Младата популација и работоспособното население што е многу важен услов за развиток на секоја општина, структурата на населението е следна: македонци 9958, односно 82,15%, турци 2095 односно 17,28%, роми 5 односно 00,4%, власи 1 односно 00%, срби 4 односно 00,3%, бошњаци 1 односно 00,1%, значи вкупно живеат 12.122 жители. Да го погледнеме и инфраструктурниот момент. Општината Василево ја карактеризира исклучително добра местоположба. Таа е отворена кон другите општини и е поврзана со патишта. Магистралниот пат М-6 кој поминува низ територијата на општината овозможува поврзување на сите населени места со центарот на општината и со општина Струмица и општина Радовиш. Локалните патишта кои во

вид на коловоз изнесуваат 123 км овозможуваат лесна комуникација помеѓу сите населени места. Со асвалтен пат се поврзани скоро сите населени места со исклучок на Чанаклија, Седларци, Висока маала и Едерниково за кои што се изработени проекти и нивната вкупна должина изнесува околу 10 км. За периодот од 1996 година до денес се асвалтирани повеќе локални патишта.

Водоснабдувањето исто така е квалитетно решено. Организирано е водоснабдување во повеќе населени места во општината и тоа Радичево, Дукатни, Владивци, Сушово, Ново Маало, Чанаклија, Едерниково, Седларци, Трибичино и Пиперево. Во тек е изградбата на нов водовод за Доброшинци и Ново Маало во кое се инвестираат околу 60% од вкупната вредност. Новите системи за водоснабдување се контролирани од Јавното комунално претпријатие формирано од советот на општината и кое ќе стопанисува и управува со истите што претставува цврста сигурност и одржливост на овие системи.

Фекалните отпадни води засега граѓаните го решаваат индивидуално со септички јами во населеното место. Сушево во тек е изградба на фекална канализација во која се инвестирани 80% од вкупната вредност. Исто така, изработен е заеднички проект за фекална каналзација за Василево, Градофорци, Ангелци. Општината Василево е целосно покриена со електрична мрежа. Изградени се 30 трафостаници како целосно би се подобрил квалитетот на електричната енергија. Улишното осветлување е доволно распространето во сите населени места. Општината Василево располага со нова ПТТ мрежа која што постои во Василево, Доброшинци и Владевци и Радичево.

Да го погледнеме и здравствениот момент. Општина Василево е составена од три амбуланти лоцирани во Василево, Владевци и Доброшинци каде граѓаните ја користат примарната заштита. Лекарствата се набавуваат од приватни аптеки во Василево, за редовна грижа за здравствената состојба и за спречување на болести и епидемии. Во Василево постои и ветеринарна станица.

Образовната сфера исто така е момент кој има позитивни карактеристики. Образованието е претставено преку девет забавни групи сместени во училишта, основно образование кое се одвива во две основни училишта и придружни училишта во сите населени места. За сите ученици постои организиран превоз од местото на живеење до училиштето. Библиотечниот фонд во училиштето е на задоволително ниво и ги подмирува потребите на образовниот процес во општината. Исто така, општината располага и со домови на културата и тоа во неколку населени

места. Домот на културата во општина Василево е обновен, во него постои библиотека со адаптација и други културни домови ќе се обезбеди поефикассен развој на културата. Исто така општината Василево има и стопански потенцијал. Во општината постојат повеќе стопански субјекти кои се занимаваат со разновидни дејности кои вработуваат голем број граѓани од општината, како стопански субјекти со разгранета стопанска активност би ги навел АД Струмичко Поле, Земјоделско индустриски комбинат кој се занимава со производство и преработка на грозје кој од неодамна е приватизирано и отвора можност за нови вработувања. Земјоделската задруга Гоце Делчев која поседува големи површини со лозов насад каде работат голем број граѓани. Советот на општина Василево изгради стратегија за локален, економски развој кој опфаќа изградба на индустриска зона составена од мали и средни индустриски капацитети за преработка на дрво, галантерија, работилници за чевли, текстил. Тука се работи посебно за истакната фирма "Хелена" која е шивачка работилница од странски капитал со 450 вработени. Би ги навел претпријатијата кои егзистираат во општината Василево. АД ЗИК Струмица, ДОЕЛ 11 Септември, НИКОВ, Земјоделската задруга Гоце Делчев, Амбасадор, МТ Промет, Хелена, Дизајн, Класик, Дукат, мали стопанственици и останатите земјоделски производители. Земјоделието во општина Василево исто така е перспективна гранка. Самата местоположба го чини овој регион каде поголемиот дел на општината е обработливо земјиште. Голем број на домаќинства се занимаваат со градинарство и раноградинарство. Постојат два системи за наводнување, системот Турја и Водоча. Ридско планинскиот дел е богат со пасишта и нуди широка перспектива за развој на сточарството. Шумите се исто така ресурс кој отвора можност за регионален развој на општината. Општината Василево располага со нова општинска административна зграда која е изградена во 1997, 1998 година која ги задоволува потребите и на административното функционирање на општината. Новата административна зграда е со површина од 253 м2, има сала за состаноци, шест канцеларии, кујна, санитарен јазел. Согласно новиот закон за локална самоуправа постојните управни и административни згради се организирани во општината, администрација со одлука донесена на советот. Оваа одлука како организациони облици на општинската администрација се образуваат три одделенија и тоа: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, Одделение за општествени дејности, Одделение за правни, финансики и општи работи. Бројот на вработените во општината и администрацијата

е во постојан пораст согласно со нараснатите потреби на општинското функционирање. Во општината има вработено 7 поединци кои редовно вршат континуирана едукација како посета на семинари, работилници, форуми и други форми на обучување со што персоналниот квалитет за спроведување на децентрализацијата е позитивен и успешен.

Одржувањето на хигиената и заштитата на животната средина на општина Василево е сегмент за кој е задолжено јавното претпријатие Турја. Во изминатиот период Јавното претпријатие Комуналец од Струмица немаше позитивни активности и резултати на територијата на општината. Но, сега со формирањето на Јавното претпријатие Турја од страна на советот на општината тие активности и покрај првобитните финансиски проблеми се вршат на завидно ниво. Тоа се извршува низ еден добро организиран облик на тенденција е и Јавното претпријатие Турја да се грижи и за водоснабдувањето на населението со изградба на регионалниот водовод.

Од наведените аргументи, карактеристики и состојби во општината Василево јасно може да се види дека општината ги задоволува сите основни критериуми за опстанок како единица на локалната самоуправа. Општината ги исполнува сите апсекти како економски, здравствен, заштитен, едукативен, културен инфраструктурен и административен. Со карактеристиките на општината Василево може да се потврди дека нема никаква опасност општината да не го сноси товарот на децентрализацијата. Напротив, аргументите го говорат токму спротивното. Затоа почитувани пратеници желба на граѓаните на општина Василево е тие да останат во рамките на својата општина и во неа да живеат и работат. Тоа го потврдува и општиот консензус на граѓаните без разлика на нивната партиска определеност и етничка припадност. Припадниците на сите политички партии членови на советот искажаа едногласна поддршка на референдумот спроведен за понатамошно опстојување на општината во постојните граници. Доколку Василево би се припоило кон Струмица би се направило неправда и би се нарушил континуитетот на општината и традицијата и интересите на граѓаните. Струмица има урбан градски карактер, а општината Василево е од рурален карактгер, а таа разлика неминовно води кон конфликт на нивните приоритети како средина. Руралните општини имаат свои специфики, а градските свои. Токму затоа и нивниот статус треба да е изедначен. Градските општини не смеат да имаат предност над руралните општини, со тоа се зголемува и опасноста од губењето на суштинскиот сегмент на државата. Развојот на регионалната политика базирана врз развивање пред се на

земјоделието како основна стопанска гранка, искрено се надевам дека нема да дозволиме во општина Василево да биде извршена неправда, раководејќи се според интересите на граѓаните и регионалниот развој ја оставаме општината Василево самостојно да одлучува и да раководи со својата перспектива и иднина.

Сега ќе се осврнам на општина Муртино. Да го проанализираме предложениот закон и неговата импликација во однос на конкретната општина Муртино, со новиот Предлог-закон...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да ве потсетам, по Деловникот можете вашиот пишан материјал да го придружите кон стенографските белешки или да го дадете на пратениците.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Господине претседателе, тоа е барање на граѓаните од општините за кои што излагам.

Со новиот Предлог-закон се предлага оваа општина да се припои кон општина Босилово. Би ги навел аргументите кои се контрааргументација на предложениот закон за територијалната организација. Општина Муртино има свои посебни карактеристики, што значи дека спаѓа во категоријата на општина со специфичен карактер. Оваа општина се наоѓа на јужниот дел на Струмичката котлина на 41 км2, живеат околу 7000 жители. Во самите четири населени места општинскиот центар Муртино, населеното место Моноспитово, населеното место Банско и населеното место Сачево. Во населеното место Банско освен македонско население живее и турско население. Населението во општина Муртино претежно се занимава со земјоделие, односно со земјоделие се занимаваат околу 89% од вкупниот број на работоспособно население.

Со посебен акцент на раноградинарството, на другите индустриски, трговски и услужни дејности опфаќа 11% од работноспособното население. Образоваието во општина Муртино се одвива во две осумгодишни училишта, во Муртино и Моноспитово и училиштето до четврто одделение во Банско, Сачево, Бруево, кои ученици во оваа учебна година се вкупно 830.

Здравствените услуги се даваат во двете здравствени станици, Муртино и Моноспитово, каде што покрај лица од општа медицина работи лекар стоматолог и

аптека во Моноспитово, каде што работи лекар од општа медицина, каде што се згрижуваат пациенти од соседните населени места како што е Бориово.

Општина Босилево, бидејки постојат термалните води во Бања-Банско, чија температура изнесува 72 степени, изградени се повеќе хотелии угостителски објекти. Во едниот од нив е “Цар Самоил”, постои единица за физикална терапија каде што се рехабилитираат лица не само од Струмичкиот регион туку и од цела Република. Територијата на општина Муртино е релативно мала општина поповршина, но факт е дека оваа општина располага со позитивен економски потенцијал. Имено, финансиските приходи општината Муртино ги обезбедува благодарение на своите изворни приоритети и специфики, што се на завидно ниво. Да ги разгледаме и тие економски потенцијали. Општина Муртино ја има таа бенефиција да обезбедува средства од: таксата за уредување на градежно земјиште, од таксата за издавање локации за изградба на објект од времен карактер, од надоместок за изградба на нови објекти, издавање на деловен простор, такса за поврзување на мрежата со водоводите, од вредноста на потрошена вода, вредноста на топлата вода, таксата од користење на одводни канали, таксата од користење на речните води, такса од користење на паркинг простори, такса од посета на археолошки локалитети, посебно Римската терма вода, туристичка такса и издавање на земјоделско земјиште под концесии, искористување на Моноспитовскиот Ѓол, привлеквуање на спортски екипи, спортисти од земјава и странство и развивање на рекреативен туризам.

Со оранжерискoто производство пропагирана е здрава храна како на регионално и републичко ниво, така и за извоз во странство.

Од горе наведеното може со сигурност да се утврди дека економската перспектива на Општина Муртино е солидна и постои одлична економска основа да се развива самостојно како општина. Секако, тоа може да се потврди и со анализата на постојната инфраструктура од стопански, здравствен , комунален, образовен, сообраќаен, комуникациски, културен и туристички карактер. На територијата на Општина Муртино постојат повеќе стопански претпријатија, Фабрика за производство на полиестерско платно, во село Муртино, оранжерии во село Банско, 800 земјоделски семејства кои се занимаваат со рано и касно земјоделско производство. Производството на земјоделски производи се следните во количини: пиперки се произведуваат околу 4.500 тони, краставици 2.300 тони, домати 3.600

тони, зелка 2.800 тони, праз 300 тони, лубеници 2.500 тони, како и други земјоделски култури, пченка, кикирики, црни патлиџани и компир.

Општина Муртино располага и со изворно туристички капацитети. Имено, во Банско постојат 4 хотели со преку 120 вработени. Тие хотели се: "Цар Самоил", "Дукат"-Банско, Хотел "Спиро Заков" и Хотел "Термица". Општина Муртино располага со нова административна зграда, со Јавно претпријатие "Хигиена" за комунални дејности, кое егзистира 5 години. Исто така е формирано ЈП за стопанисување со топли води.

Општина Муртино го реновира културниот дом и зградата на ЈП "Хигиена". Има изградено водовод со водоводна мрежа од 45 км., така што населеното место ижителите се снабдуваат со здрава и чиста вода за пиење.

Образовната инфра структура е претставена со две основни училишта со 830 ученици и тоа во Муртино и Моноспитово и има настава од прво до четврто одделение. Исто така, има 110 деца кои се згрижени со дневен престој.

Да ги погледнеме иготовите проекти со кои располага Општина Муртино. Главен проект за фекална и атмосферска канализација за Муртино, Главен проект за патот Р-608 со Р-605, Главен проект за водоснабдување на населеното место Моноспитово, Главен проект за водоснабдување на населеното место Банско, Главен проект за канал за атмосферски води во населеното место Моноспитово, со интегрирани геотермички води во Банско, Проект за спортска сала во населеното место со Проект за шестоаголна автобуска, Проект за рибник на Моноспитовскиот Ѓол.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Од она што досега го презентирав како факти за Општина Муртино може да се заклучи само едно: Дека Општина Муртино ги има потребните потенцијали самата како општина да се развива во духот на регионалната политика, како главен носител на стопанската стратегија на РМ.

Територијалната поставеност на општината, поврзаноста со Градот Струмица, поврзаност со Република Бугарија, поврзаноста и комуникацијата на сите населени места со асфалтирани патишта, учеството во регионалниот развој, постоењето на силна инфраструктурна мрежа, се создава реална можност за неопходен опстанок на општината по сите можни основи.

Општина Муртино започна да го гради својот локален развој во позитивна насока, започнат е сериозен процес и напредок на општината, која може да послужи

и како пример како функционир аопштина базирана врз потребните стандарди за децентрализација на локалната самоуправа. Секако, потребно е уште да се работи на постојните проблеми, но капацитетите, плановите и готовите проекти даваат доволно ветување дека општината ќе ги исполни своите зацртани цели.

Населението во оваа општина е трудољубив народ, кое се бори со сите неповолни економски услови во кои се наоѓа РМ. Тие луѓе мора да бидат подржани од нас како пратеници и претставници во нивните напори , работа и труд, бидејки со тоа ќе ги поттикнеме во зачувувањето на основните регионални економски интереси. Населението од оваа општина има основно право да живее во општината која ќе ги задоволи и подобри нивните животни активности и за нив важат фундаменталните човекови права на самоодлучување и избирање на начин на кој ќе создава своја иднина. Можеме само да претпоставимекакви последици ќе има ваквиот предлог закон за нивната егзистенција. Се разбира, тие се неповолни и крајно загрижувачки. Со таквисоздадени проблеми населението ќе биде принудено да ги напушта своите вековни домови кон борба за подобар живот, а со нивното напуштање ќе изумре и селото како основна клетка на стопанскиот развој на секоја земја, бидејки во Република Македонија оваа појава на напуштање и изумирање на селата е загрижувачка. Ние како пратеници и секако Владата на Република Макеоднија не смее да дозволи уште пвоеќе да помогне во тој процес на разградување. Должни сме да ги заштитиме општините од рурален карактер, посебно општините како Муртино, кои покажуваат позитивни резултати во своето функционирање и осамостојување. Затоа, потребно е да се стави  базичен акцент на социолошкит епоследици кои ќе анстанат со донесувањето на ваков Предлог на закон. Зборувам дека секој пратеник би се согласил дека треба да ги заштитиме селата од рурални општини и негативните влијанија во нивниот опстанок. Каква ќе биде иднината на Република Макеоднија зависи од нас, во време кога се инсистира на стабилна економија едноставно недопуштено е да се разградува процесот на децентрализација во постоечкит еопштини, бидјеки секој удар кон нив дефинитивно значи уназадување на економската политика на РМ , а со тоа и иднината на државата, егзистенцијата и благосостојбата на народот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Паљошковски.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго, а нека се подготви пратеникот Абдулаким Адеми.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, господине министре, другарки и другари,

Како што гледате, овој закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија уште не беше мастилото исушено предизвика голем интерес кај граѓаните на Македонија во политичките партии, во многу институции, во пишанит еи електронските медиуми. Не е законот тежок како закон, тешка е материјата која се обработува во законот и во воведното излагање минситерот Гештаковски кажа дека нема идеален закон, нема закон кој ќе ги подмири сите потреби на граѓаните. Меѓутоа, може да се направи и да се предложи поприфатлив закон за граѓаните на Република Макеоднија. И токму затоа се потребни вакви расправи, да се слушнат најразлични мислења, најразлични ставови. Без никој тоа да го побара, граѓаните на Македонија го искажаа својот став и мислење на разни облици, начини и форми. Меѓутоа, тоа го направија и по најприфатливиот и најсакан метод, преку референдумите.

И денес кога расправаме тука, мораме да расправаме со разум, без големи говори, фрази и напади, туку да настојуваме да предложиме најдобри решенија кои би биле прифатливи од сите субјекти во државата. Дека овој проблем е многу сложен, тежок, чувствителен, компликуван, комплексен, тоа не е само сега изразена една таква манифестација. Тој проблем и кога живеевме во еден друг систем исто така беше многу јасно, гласно и со многу расправии третиран во тогашните парламенти. Јас се сеќавам, ми се чини тоа беше 1965 или 1966 година, кога требаше да се намалат општините, а вие знаете дека тогаш постоеше една партија, чии заклучоци, ставови и одлуки беа задолжителни за, тогаш се викаа делегатите на Собранието, а денес пратеници. Меѓутоа, нешто се случи тогаш, за прв пат дотогаш во македонската историја од 1945 година пратениците во Парламентот не го прифатија законот, преку 70% се изјаснија негативно, само затоа што волјата на граѓаните на едн аопштина, таа се викаше Пробиштип, не беше испочитувана. Тогашното високо раководство во државата наложи, предложи таа општина да се спои со општината Штип. Граѓаните рекоа, ако тоа мораме да го правиме и да се укине општината, ќе се споиме со Кратово. Имаме заедничка историја, заедничко огромно рудно богатство, од секој пат сме биле под таа општина и се дигнаа како

еден. Тогаш Владата мораше да го повлече законот и да предложи општината да остане како самостојна општина.

Не го кажувам случајно овој пример , затоа што и овде во Парламентот веќе јасно се искажаа многу пратеници и од едната и од другата страна. Не е точно дека само едната страна не го прифаќа законот. Имаше икај многу пратеници од другата страна и кај пратеници кои учествуваа во власта да искажат резерва по оделни решенија во законот. Убеден сум дека на крајот тие, доаѓајќи од своите средини каде што живеат, каде што опстојуваат, каде што ги градат своите домови, семејства, фамилии и т.н. ќе мораат да го послушаат гласот на нивните гласачи, на тие што ги избраа тука во Парламентот.

Според тоа, ние ќе имаме една нова ситуација тука во Парламентот, според моите согледувања, доколу Владата остане тврда на своите ставови на непослушност, ако тоа можеше 1965 година, кога ја немавме оваа демократија за која сега зборуваме и еве и претседателот рече да ја ставиме еднаш на дневен ред, а кога веќе зборувам за таа демократија, Черчил има речено дека демократијата не е најдобар облик на управување и владеење. Таа само е најдобра затоа што не постои друг облик подобар барем за сега од неа.

Според тоа, овој проблем не може да се гледа тесноградо и овој закон не смее да има во себе етничка основа, судари на етникумите во Македонија. Законот треба да биде и демократски, ама демократијата се огледува и во тоа вие да владеете во интересот на граѓаните на Македонија. Ваквите промени не се својствени само на земјите кои се во транзиција. Тие се сложени проблеми и кога се менува законот за локалната самоуправа и во најразвиените и најдемократските земји. Таму се води голема партиска битка за секоја улица, за секоја зграда, за секој реон. Од партиски интерес каде ќе припадне еден реон, една улица, една зграда и т.н., за да се сочуваат интересите на партии, затоа што тие знаат кои гласачи од кои регион, од кој реон гласаат за партијата.

Скоро тоа, тоа не е нешто што се случува само во нашиот Парламент. Тоа се случува и во тие земји каде е долга традицијата на локалната самоуправа. Таму и те како се води сметка за тоа како ќе се изјаснат граѓаните.

Јас имав прилика да прочитам, а и слушав на радио, еден експерт од Европа, од Советот на европа, по име Овен, ми се чини Мастерс се презиваше, кој рече , а голем експерт во Советот на Европа, Владата е должна да ги ислуша граѓаните, а

јас би додал да ги послуша граѓаните, на оние 30 општини кои со референдум се изјаснија, каде фрапантни се бројките, 98% , 96%, 95%. Имаше и граѓани кои излегоа на тој референдум, веројатно еден дел од нив не се за позитивниот дел на тој референдум, некои не излегоа, веројатно затоа што не беа тука, од оправдани или неоправдани причини итн. Меѓутоа, овој господин понатаму вели дека Македонија е должна да ја почитува  Европската повелба за локална самоуправа, незнам дали добро го реков тоа затоа што овде некој рече имало уште некои повелби. Јас го кажувам тоа што тој го кажа на Радио Слободна Европа. И ако сме ние должни, а сакаме во Европа да влеземе, нели, ќе аплицираме веднаш после кога ќе престанеме со овие расправи тука, заправо ако одлучиме да аплицираме, ќе престаниме да расправаме. Сите наши желби се да влеземе во таа Европа, дали за 10, 15, 20, 30 или 50 години, ќе видиме, тоа зависи од нас, јас не сум голем оптимист. Ние тогаш мораме тие укажувања, а често пати, не сакаме да ги прифаќаме, ако не се во интерес на некој меѓупартиски договор, на некои трули, така да кажам,  компромиси, на некои лични интереси итн. Тогаш тоа нас не одалечува од таа Европа. Тогаш ние зошто толку сакаме со големи зборови да дојдеме во Европа, а со практични примени се одалечуваме од таа Европа. Значи на сите ни треба доволно разум , на сите ни треба една логика. Ние сега зборуваме за предлог закон за територијална организација, воопшто не зборуваме за она што значи трансфер на надлежностите, за фискалната децентрализација. Тие се дебело врзани со овој закон.

Ако ги имаме предвид, а треба да ги имаме предвид, тука расправавме за нив, тогаш сосема поинаку би се однесувале во однос на формирањето на општините. Критериумите во законот се дадени, за тоа и восвоето уводно излагање зборуваше и г. Гештаковски и наброени се и надлежностите кои  ќе  ги има локалната самоуправа иможе лесно да се види колкав апарат ќе биде потребен за секоја општина, за секоја самоуправна единица. Многу лесон може да се направи таа математика и тогаш, еден збор од сега ќе кажам, таму каде што нема шанса една општина економски да опстојува, таму каде што нема економски ресурси, таму каде што неможат да се обезбедуваат приходи со законот, кој тука го расправавме во Парламентот, за фискална децентрализација, изворите на финансирањето. И кога ќе се седне да се раговара со тие општини, за нивните желби, да бидат општини и кога ќе се види дека и покрај напорите што ќе ги вложува државата, нема да бидат во состојба да функционираат според критериумите и стандардите кои се градат со

овие три заеднички закони и дека ќе им биде многу подобро да се приклучат кон еден многу побогат регион каде има средства, каде има кадри, каде постои професионална организација и администрација и од каде тие можат многу полесно да ги решаваат своите проблеми, тогаш таквите општини сигурно е дека ќе ја прифатат објективноста, реалноста. Тоа недостасува сега во овој момент кога се носи овој закон, една таква анализа. Меѓутоа, не е доцна, бидејќи го носиме во повеќе фази. Предлагам такво нешто да се направи и да се седне во тие општини и да им се изнесат, реално и објективно состојбите. Нашиот народ е паметен народ. Нашите луѓе сакаат да ги задоволуваат своите потреби на најендоставен и најобјективен и реален начин. Тие се заинтересирани да имаат влијание на политиката во една општина. Тие се заинтересирани за својот стандард, за можностите на своето вработување, вработување на нивните семејства, за нивната духовна слобода, нивниот мир, нивната егзистенција. Тука се нашите проблеми што ние до крај не ги студираме работите. Ние тука во Парламентот саом меѓусебе се караме, држиме големи говори, можеби и јас спаѓам меѓу тие, со многу фрази, а немаме конкретни понуди. Ние, таму каде што имаме одлуки на референдуми во 30 општини, не смееме да го наметнеме решението, како Парламент. По закон имаме право . Кога ние ќе ја доведеме во прашање имплементацијата на законите, на трите овие клучни закони за локалната самоуправа, ние можеме да доживееме и граѓанска непослушност. Ние ќе создадеме големи незадоволства. Сето тоа мораме да го проучиме.

Овој господин во својот говор вели, не е веќе само Владата одговорна, каков закон ќе донесе, кој нема да ги штити интересите на граѓаните и кој нема да биде по волја на граѓаните, туку се одговорни и пратнеициците. Значи и ние сме веќе ставени, со тоа што тука раcправаме, со тоа што не ги нудиме најдобрите решенија, исто така сносиме дел од одговорноста и морална и секаква друга одговорност.

Јас право да ви кажам, ние бевме пратеници со г. Гештаковски 1996 година, кога се носеше законот, тогаш, за територијалната организација на Република Макединија . Постојат документи, пишани, записници итн. Јас тогаш укажував на големиот број општини кои се предлагаат и дека е тоа бесмислена работа , ама бев во власта, мојата партија на која јас и припаѓам, беше во власта, беше во власта и Либералната партија, не беа овие од левата страна, тука напред. Нив ги излажа Гошев, па не излегоа на избори. Меѓутоа, тогаш , со силни аргументи, со силни

говори и докази, се оправдуваше да има 123 општини. Јас мислев дека е тоа навистина, бесмиксленa работа.

Сега ние сме исправени пред три работи, да го прифатиме законот, така како што се предлага и да предизвикаме крупни проблеми во државата и да ја доведеме во прашање неговата имплементација. Друга форма е, да ги прифатиме овие референдуми, 30 општини, па да ги зголемиме општините на 90, или да останеме на постоечкиот закон, мислам на територијалната организација, не на законот како локална самоуправа.

Според тоа, јас би ја замолил Владата, министерот Гештаковски, да ги има предвид сите овие укажувања, сите овие предлози, но најмногу да ги има предвид укажувањата , референдумите, изјаснувањата на граѓаните на Република Македнија и да се предложи еден закон кој ќе ги задоволи чувствата на сите граѓани и кој ќе го донесеме тука, како и монгу пати, ваквите закони, со консензус, за тој да успее и да можеме да ја организираме така нашата држава, да живееме подобро, да живееме побогато да ги развиваме на ист начин сите региони, со тоа што мораме паралелно со тоа да донесеме фонд за развој на неразвиени општини, а посебно да донесеме фондови за развој на руралните општини. Таму каде што ќе нема, тука мојот почитуван колега зборуваше за Словенија, за големиот број на општини. Да, ама Словенија го разви своето село. Нема село во Словенија во кое нема примарно земјоделско производство, во кое што нема преработувачки капацитети, на база на тоа примарно земјоделско производство и во кои што нема преработувачки капацитети од областа на индустријата. Ако ние го имавме тоа ниво на развој на Словенија и ако го развивавме до сега нашето село, како што требаше да го правиме, ние денес немаше да имаме големи проблеми, да се согласиме и таму во некои општини, во кои има и 4000 и 5000 и 3000 жители, да формираме локална самоуправа. Меѓутоа имајќи го предвид нашата голема економска ерозија, нашата огромна економска авазија, ние сме исправени да мораме да донесеме територијална организација на локална самоуправа на Република Македнија , на претпоставки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Иванов.

Збор има г. Абдулаки Адеми.

АБДУЛАКИ АДЕМИ:

Почитуван министер, почитувани колеги,

Веќе неколку ден адискутираме за децентрализација воопшто. Денес зборуваме за територијална организација на локалната самоуправа.

Законот за територијална организација, кој и понатаму е во сила, усвоен е во 1996 година. Се сеќавам на тогашните дискусии и ангажмани на политичките партии, тогашни. Секој се сеѓава на тогашните дискусии, ги слушаат денешните дискусии и истовремено ако се обиде да направи анализа, научна или политичка, може да стигне до констатација, зависно од тоа во каква позиција се наоѓаат политичките партии, во моментот на усвојување на законот, такви ќе бидат и оценките за територијалната организација.

Кога се усвои актуелниот Закон, тогашната позиција која за среќа и сега е позиција, беше против, со разни образложенија. И по 8 години фунционирање на локалната самоуправа и по констатации дека некои општини, од некои причини се нефункционални, како и имајќи предвид и поголемите надлежности што ќе имаат идните општина, доаѓаме во скитуација, истите, значи опозицијата се спротивставува на територијалната организација која се предлага од Владата и се ангажира да остане организацијата од 1996 година. Сега се поставува прашање, кога имала право позицијата, во 1996 година, кога била против тогашната поделба, или денес кога ја подржува територијалната организација на локалната самоуправа која е усвоена во тоа време. Одговорот ќе беше и тогаш и сега, ги даваат значи и тоагш и сега погрешните оценки, мотивирани со политичка позадина. Или , ова ќе значи дека нивните оценки не се засновани врз факти или добро анализирани. Меѓутоа, од сета оваа врева што се прави е само за политички маркетинг и ниски политички мотиви.

Кога се дискутира за територијална организација на локална самоуправа, секогаш треба да се имаат предвид и критериуми за територијална организација и тоа што е најзначајно е да имаме предвид закон за финансирање на единиците на локалната самоурпава каде и се дефинираат изворите на финансиите, закон што ние во прва фаза веќе сме го усвоиле. Ова го велам, имајќи ги предвид поголемите надлежности што ќе ги имаат идните општини и квалитетните услуги што треба да има се понудат на граѓаните.

Децентрализацијата е еден од главните услови за демократизација на државата и со овој процес се прави пренос на одлучувањето на пониски нивоа,

значи да биде што поблиску до граѓанинот. Ова е со цел да граѓаните имаат можност за процесите што се случуваат околу нив, да можат и да влијаат, се разбира со демократски начини. Целиот овој процес треба да биде транспарентен и секогаш во интерес на граѓаните.

Кога говориме за децентерализација не треба да се раководиме од предрасуди и моментални политички придобивки. Тоа што ме вознемивува во овој момент е двојниот пристап кон овој процес од страна на некои политички партии, пропаѓирајќи и манипулирајќи со граѓаните дека со новата територијална организација ќе се случи федерализација, ќе имаме измена на етничкиот состав во неколку општини и тн.

Најопасната теза што во овој момент се појавува е дека во општините во Западна Македонија ќе имаме таков етнички состав на населението, со мнозинство албанско и дека во тие општини ќе имаме претседател, градоначалник на општината албанец, како резултат на ова ќе имаме отселување на македонците од овие општини.

Кои се тенденциите на овие тези. Во прв ред е заплашување на населението, посебно на македонското население во тие општини, второ е всадување на омраза. Ова го докажува и изјавата на претседателот на опозицијата во Тетово, каде дава погрешни оценки, не сакам да ги коментирам.

Во оваа прилика ќе сакам да нагласам дека сите овие тези се без основа, се неосновани, затоа што ние како албанци сме се покажале себе си пред нашите братучеди македонци. Со овие тези секогаш се тежнее да се алудира на реваншизам од страна на албанците кон македонците. Ова нема да се случи затоа што од една едноставна причин,. затоа што реваншисмот не е карактеристика на албанците. Како што излееда и Предлог-законот за основање на некои општини во Западна Македонија како што е Јагуновци и Маврови Анови биле токму стработ или убедувањето дека ако си жител на една општина каде мнозинството се албанци, тогаш ќе има отселување на населението, македонското население од таа општина. Јас ве повикувам да се отргнете од овие убедувања и од овие предрасуди.

Вака како што е предложено општина Јагуновце, значи во прв ред се прави штета на жителите од Вратница која што се предлага да се припои кон Јагуновце. Тие за една услуга во општина треба да одат до Јагуновце и да поминат преку Теарце,. Затоа најдоброто решение ќе беше да Вратница и Јагуновце се спојат до Теарце. Верувајте дека не сум пресметал колку проценти ќе бидат албанци или

македонци, туку како познавач, добар познавач на тој терен мислам дека овој предлог значи спојување на овие три општини ќе беше единственото добро решение за сите граѓани од тие општини.

По предлогот на Владата за новата териоријална организација на локалната самоуправа отпочнаа и првите реакции од страна на претседателите на актуелните општини, политичките партии и граѓаните. Исто така се организираат и разни референдуми. Така на 15 септември 2004 година, референдум се одвиваше и во Желино. Овој референдум се организира во 11 локални заедници на овој регион, претставени преку Советот за основање на општина Дервент со седиште во Групчин. Јас лично сум контактирал со овој Совет, со цел одблиску да се запознам со иницијативата и со причините за барање на основање на општина Дервент со седиште во Групчин.

Исто така до нас стигнале и предлози од овој совет, како и запознавање со резултатите од организираниот референдум. За тие што не знаат да нагласам дека регионот Дервент се наоѓа меѓу Тетово и Скопје и преку него поминува и Коридорот 8. Ќе ги проследам овде зборовите на тие што го оранизирале овој референдум и што го поддржале овој референдум и нивните образложенија за основање на оваа општина.

Овој регион е еден од понеразвиените региони во Република Македонија иако се наоѓа 15 километри далеку од Тетово и 25 километри далеку од Скопје. Во овој регионо има околу 12.000 жители, имаат само едно централно основно училиште и тоа со 73 паралелки, кои што се распределени во 10 периферни училишта во многу стари нереновирани објекти, со минимални услови за работа.

Иако во овој регион како што споменав поминува и коридорот 8, врските со градот Тетово и Скопје, се многу отежнати. Инфраструктурата во овие населби е уништена без водоводи и канализација, со стара електрична мрежа и со ниска волтажа. Жителите од овој регион ценат дека не се третирани добро од ниедна досегашна власт, било централна, било локална. На барањето што тие го поднеле до нас евидентирале и нивна визија за оваа инцијатива. Секогаш според нив тие ценат дека во основањето на една општина ќе биде подобро да ги артикулираат нивните потреби, истовремено и да ги решат нивните проблеми.

Во оваа прилика јас ќе апелирам до Владата и до Министерството за локална самоуправа да посветат повеќе внимание на овој регион. Динамиката на развојот на овој регион треба да биде двапати поголема од другите места, со цел нормален

развој во сите области и во сите аспекти. Со ова ќе се придонесе и во спречување на отселување на населението, затоа што во овој регион се цени дека се отселиле над 10.000 жители поради тешките услови за живот.

Во текот на досегашните дискусии во Парламентот за децентрализацијата се спомнаа и искуствата и случаите на некои држави кои што поминале ваков процес на децентрализација, како што е Словенија и Хрватска. Добро е да имаме искуства од други држави, меѓутоа треба да имаме предвид и модели и на колку нивоа е локалната самоуправа во Словенија и во Хрватска.

Словенија има систем од два нивоа на локална самоуправа со 130 и неколку општини и на региони е поделена, каде средниот број на граѓани во еден регион е 20 илјади просечно. Додека Хрватска има систем од три нивоа, со 420 општини со среден број, со просечен број 3600 граѓани. Додека кај нас е избран моделот од едно ниво и кога говориме за споредби верувам дека не може да се направи споредба меѓу Словенија и Хрватска, поради разните модели кои што се одбрани за локална самоуправа.

На крај да нагласам дека децентреализацијата е комплексен процес, меѓутоа е неопходен и треба задолжително да се развива со таква динамика да овозможи да граѓаните да разберат дека е неопходен и неиздржан и дека ефектите ќе бидат позитивни и секогаш за доброто на граѓаните.

Со нашите дискусии треба да придонесеме да овој процес не всади сомнеж и да не придонесеме да децентрализацијата се разбере како нешто каде еден народ губи, еден добива, туку да се придонесе во насока да им се разјасни на граѓаните дека со децентализацијата добиваат сите граѓани и добива Република Македонија во патот кон Европска Унија, исполнувајќи уште една обврска од Охридскиот договор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Карaџоски се пријави прв за реплика.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Адеми, значи не знам што е поголема среќа или можеби несреќа, тоа што 1996 година и сега е ВМРО опозиција или сега тоа што сега на власт е ДУИ.

Сепак народот ќе суди за тоа, можеби за вас господине Адеми е среќа што ДУИ е на власт, но за македонскиот народ не мислам дека е така.

Се до вашето доаѓање на власт господине Адеми, немавме територијална организација по етнички концепт и врз база на политички договор. Благодарение на вас и на вашата политичка партија, но да не заборавиме и на СДСМ, на Република Македонија и се заканува територијална организација која ќе придонесе за етничко иселување на одреден број, нели население од Република Македонија.

Објаснете ми господине Адеми, зошто кон Кичево се припојуваат општините Зајас, Осломеј и другите да не ги редам ако нели го почиуваме концептот 5.000 жители да биде основен и минимален за сопствена општина. Ако тоа не е во насока на правење доминантно етничко население во општината Кичево еве ве повикувам како политичка партија ДУИ со оглед дека ги слушнавте сите забелешки кои што овде најмногу се однесуваат на Кичево и на Струга, дајте направете отстапки и помогнете и на Владата па прифатете го ова што ние го искажуваме, да Кичево и Струга останат во старите граници. Така ќе сватам дека навистина сакате демократски принцип и навистина ве интересира Република Македонија како унитарна држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута господинот Адеми. Повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Господине Караџоски, народот реши на 15 септември кој ќе биде позиција, кој опозиција и вие нема потреба да се загрижувате дали ќе бидеме ние на власт, многу малку зависи од вас, туку тоа зависи во прв ред од албанскиот електорат.

И вие многу добро знаете дека ние сме победиле 80% од населението на последните избори. Господине претседател јас поради времето нема да одговорам на другите реплики, туку ќе ги сметам како збогатување на овие дискусии кои што ќе се развиваат во иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате реплика 3 минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, мислам дека вие ќе треба да си го авторизирате правото дека нема да одговарате на реплики со оглед на тоа дека одредени пратеници го злоупотребуваат тоа, таа ваша авторска ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кое мое авторско молчење го злоупотребувавте вие.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Е, така.

Или кога се нема аргументи.

Вака сега, иако господинот Адеми нема да одговара на репликите, но должност ми е да кажам, со оглед на неговиот инспиративен говор. Имаше определени забелешки дека се кревало врева за нискополитички мотиви или интереси. Па, можам да му кажам на господинот, и да е така, ама кревање врева и дигање на пушка е сосема различна работа. Тоа е едната работ.

Имаше некои тези господинот дека определени политички партии застрашувале со федерализација и всадувале омраза. А, бе, луѓе вие војната ја предизвикавте 2001 година. Поголемо заплашување од тоа, здравје. Едната теза.

А, втората теза, всадување на омраза е теза на албанската заедница која потекнува од 1991 година и расадник на таа теза е таканаречениот тетовски универзитет каде што голем број на пратеници во дискусиите за тетовскиот универзитет зборуваат дека е центра за индоктринација на младите албанци и ширење на верска омраза и омраза спрема македонците.

Е, па, јас незнам што друго треба да се каже и да се криеме зад Европската Унија, зад демократија и зад тоа дека патот кон Брисел минувам низ Охрид?!

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

“Сите патишта минуваат низ Рим”, вие ја знаете таа изрека.

Благодарам.

Повелете господине Стојаноски Блаже, имате право на реплика од 3 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас не ни сакам да ми одговара пратеникот, затоа што нема што да ми одговори, нема што да каже. Тоа го кажа во 2001 година кога пукаше во уставниот поредок на Република Македонија, а нема ниту морално ниту било какво право да ги оценува ставовите на опозицијата. Ако сака да се информира како се менуваат

ставови, може да се обрати до нивниот коалиционен партнер СДС, кој пред десет години пукаше во Мала Речица, а денес основа нов универзитет таму, што значи дека кога се зборува за интеграција..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Слушајте, јас имам голема толеранција, но ве молам, јас имам голема толеранција и давам реплики и кога не се реплики.

(Реакции во салата)

БЛАЖЕ СТОЈАНОНОСКИ:

Ова е реплика, господинот кажуваше..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Блаже Стојаноски, вашите политички ставови ги кажавте не еднаш, туку сто и еднаш. И ве молам репликите од типот, не е спомната 1994 година вие ја спомнувате и го спомнувате министерот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе,

Пратеникот зборуваше за ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За елементарна пристојност ве молам.

Повелете.

(Реакции во салата)

Јас барам реплика на ставовите. Господинот Гешаковски, министерот воопшто не беше спомнат, а вие го спомнувате.

(Реакции во салата со дофрлање од место).

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе ако може да завршам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршете, тоа беше мој коментар и пред јавноста и пред вас.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Мислам дека не треба нервози, затоа што јас кажав во однос на дискусијата на претходниот пратеник по однос на менувањето на ставовите на опозицијата што кажа  дека 1996 година опозицијата имала едни ставови по однос на бројот на општините, а денеска има други ставови. По однос на тоа прашање, за да се

информира доволно добро што значи промена на ставови, го упатив кај неговиот коалиционен партнер.

Исто така, сакам да му кажам дека во 2001 година навистина ДУИ ги лажеше тогашната таканаречена ОНА ги лажеше албанците со идеја за голема Албанија, ги доведе во ситуација да трпат навистина големи штети и тешкотии, а единствено што се случи после тоа е последицата тие да влезат во Владата и да ги имаат фотелјите што сега ги користат. Што значи дека немаат никакво право да зборуваат за интеграција на Република Македонија туку тоа може да го кажат само оние кои навистина, согласно на Уставот на Република Македонија се залагале за интегративна, унитарна Република Македонија согласно уставните одредби.

Исто така, во однос на прашањето на интеграција на Република Македонија и почитувањето на Охридскиот договор треба да се разбере една работа, затоа што ако ДУИ реално се залага за интеграција на Република Македонија, тука пред се треба да се заложи за враќање на раселените лица, затоа што целосно сеуште не функционира државата на целата своја територија како и во однос на собирањето даноци што значат финансиска основа за функционирање на секоја единица на локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Привршувајте, ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас би го прашал само во Зајас колку даноци се прибираат, за да мож да биде реален дел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, вие сте прв меѓуниверзитет еднаквите. Немојте да го злоупотребувате правото. Немојте вие дури да го браните дали се тие команданти или терористи. Во ниеден настап пред нивниот електорат тие се горди да кажат дека биле команданти, а вие ги браните ДУИ. Немојте да ни го одземате зборот на нас македонците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски ве молам, вие ми давате мене реплика.

Господине Србиновски, повелете. За мане сите граѓани се еднакви. А ова додјате ми го на интерпелацијата.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Се јавувам по втор пат за дискусија. Прво дадов една општа констатација, но морам, да не останам должен, да дадам исто така една констатација, зошто треба да настанат тие општини во тој пелагонски регион во Битола, од кои почнувајќи велам дека и општина Кукуречани да си остане, општина Могила, општина Добрушево, општина Новаци, општина Бач, Старавина, Бистрица и тн. и затоа сакам да кажам за овие општини, бидејќи една третина од вкупното земјоделско производство во Република Македонија го произведуваат овие општини. Затоа од многу важен карактер е да си останат овие општини, како самостојни општини.

Имено, спроведувањето на децентрализацијата во Република Македонија секако, во тој дел како најзначајна територијалната организација на локалната самоуправа, претставува важен сериозен елемент за општото функционирање на социо-економскиот систем на населбите и населението.

Територијалната организација направена во 60-тите години, кога се создадоа таканаречените големи градски општини, се создадоа големи и гломазни општини. Предизвикаа процеси на индустријализација и на урбанизација, да се одвиваат само во општинските односно градските центри.

Како резултат на тоа, настана голем процес на емиграција, со напуштање на селата и преселување на населението кон градовите. Ваквиот процес доведе до нарушена состојба во просторната реорганизација на населените места и до промена на демографската состојба на државата. Се создадоа големи и развиени градски индустриски центри во кои се концентрираше целокупниот економски, стопански потенцијал од една страна, а од друга страна разрушени и опустошени селски населби и региони.

Не би сакал да дискутирам многу за општата расправа. Би сакал да кажам само зошто треба да останат овие општини.

Би се задржал на општината Добрушево, сега во мал дел. Во врска со предлог законот за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија бидејќи не сме задоволни со укинувањето на општина Добрушево, во прилог ќе ги наведеме следните аргументи, со кои сакаме директно да ја потврдиме оправданоста на општината Добрушево.

Општината Добрушево зафаќа површина од 98 $км^2$ и брои 2.200 жители. Според пописот на населението во 2002 година во нејзиниот состав има 10 населени места. Инаку, се наоѓа на оддалеченост од градот Битола на околу 50-тина километри. Според нејзината географска положба, општина Добрушево во целост ги исполнува условите и натаму да функционира како самостојна единица на локалната самоуправа. Тоа го поткрепуваме со податокот дека во општина Добрушево започнат е процес за формирање на мали и средни претпријатија кои би значеле економска оправданост на општината како засебен субјект, а сигурно има голем придонес и во нејзиниот развој и живеење. До сега се формирани такви мали и средни претпријатија, околу 20-тина. Постојат, исто така, според ресурсите што оваа општина ги поседува добри услови за индустриски развој, како и за развој на сточарството и земјоделието.

Општина Добрушево има 9.320 хектари вкупно аграрна површина, од кои обработливо земјиште некаде околу 7.500 хектари, 2.049 хектари пасишта, шуми 140 хектари и тн. Сточниот фонд на општината Добрушево изнесува околу 3.200 грла крупен добиток, 10.000 грла ситен добиток и некаде околу 50.000 грла живина.

Во овој контекст да ги спомнеме и преговорите за вложување на странски капитал. Во општината конкретно станува збор за текстилен капацитет во самата општина.

Во однос на самофинансирањето на општината Добрушево го наведуваме и фактот дека околу 400 луѓе се вработени во РЕК Битола, 50-тина во ЗИК Пелагонија и работат околу 20 приватни претпријатија.

Откако постои општина Добрушево во многу сегменти имаат превземено значајни зафати во насока на подобрување на животот на населението во овој регион. Има значајни интервенции на инфраструктурните објекти, патишта, мостови, улици, водоводни мрежи, улично осветлување и тн.

Реконструирани се сите училишни згради и амбуланти, а изграден е објектот на Домот на културата во Добрушево. Сето ова, откако постои општина Добрушево, процесот на миграција село - град е целосно запрен.

Наведуваме конкретно се што е сторено во општина Добрушево. Изградени се водоводни мрежи во селата Ношпал, Бољо, Трап, Будаково, Вододебалци, а извршена е реконструкција на водовод во Радово, Трап и изграден водоводен цевовод, а во селото Будаково, тоа е веќе во изградба.

Изградени се улични осветлувања, во селата Ношпал, Моњоц, Речани, Путуруз, Трап, Будаково. Асфалтирани се улици во селата Добрушево и Ношпал. Тампорирање и опесочување на улици е извршено во селото Мусинци, Добрушево, Ношпал, Дедебалци, Црничани, Путуруз, Трап и Будаково.

Во селата Добрушево, Мусинци, Будаково и Дедебалци реконструирани се уличните згради. Стари објекти се реконструирани во селото Ношпал. Во тек е изградба на административна зграда во општината Добрушево. Изграден е Дом на културата во селото Добрушево.

Од место положбата, односно географската поставеност на населените места, кои влегуваат во општина Добрушево, сосема видливо е дека освен Добрушево, тешко би функционирал друг општински центар заради оддалеченоста. Граѓаните на општина Добруше не прифаќаат никаква алтернатива, зашто тоа би значело патување многу километри и изложување на големи трошоци и малтретирања.

Треба да се има предвид и фактот дека новите општини ќе превземат голем број надлежности, а со тоа ќе се извршуваат и голем број административни услуги на граѓаните.

Токму од тие причини, административниот центар на општината би требало да биде еднакво достапен на сите граѓани. Со новиот концепт на територијалната поделба спротивно на процесот на децентрализација на власта, всушност, се заговара процес на повторна централизација на власта.

Со вака поставениот концепт, таа се повеќе се оддалечува од граѓаните, наместо ним да им се доближува.

Во рамките на активностите за натамошно опстојување на општина Добрушево веќе се превземени активности. Остварени се контакти со граѓаните од сите населени места кои припаѓаат на општината Добрушево. Одржана е седница на

општина Добрушево со која е донесена одлука, а исто така е одржан еден референдум, и референдумот е прифатен за да остане како општина Добрушево.

Од сето ова што го наведовме од вкупното расположение на граѓаните на општина Добрушево се надеваме дека Владата на Република Македонија, жалам, меѓутоа министерот не е тука, можеби слуша и македонскиот Парламент можеби ќе бидат убедени во оправданоста на нејзиното постоење и нема да дозволат укинување на општината. Во спротивно, тоа би значело вистински крај за животот на населението на општината Добрушево. Со овој податок за општина Добрушево ќе завршам, а исто така ќе кажам и за општина Старавина, зошто треба да постои како општина Старавина, бидејќи е една од најодалечните општини од градот Битола и од Република Македонија. Откога постана оваа општина во времето од 1996 година, оваа општина по 50 години сега се припојува кон градот Битола, т.е. Мариово како подрачје. Општина Старавина како дел од него, од секогаш било предмет на планирање и секогаш било опфатено со развојните планови на Битола, Прилеп и Кавадарци. Меѓутоа, никогаш не му е дадено посебно значење и никогаш одделно не бил планиран неговиот развој.

Во 1983 година, превземена е конкретна активост, Институот за просторно планирање од Охрид, направи просторен план за развој на Мариово до 2000 година. Но за жал, од тоа никогаш не беше реализирано. Непознати се причините зошто. Времето го направи своето. Населението го напушти Мариово, а останаа само старечки семејства и поединци молејќи се на Бога да ги дочекаат последните моменти од својот живот.

Од 1996 година Старавина или ботолскиот дел на Мариово е самостојна општина. До 1996 година во регионот на битолско Мариово, во општина Старавина не е инвестиран ниту еден денар од страна на државните институции. Затоа, сликата се променува од 1996 година. Сега во овој дел на Битолско Мариово е распнат меѓу две можности. Да биде предмет на развој на инвестиции, со што би прераснал во вистински дипломатски центар, или пак со укинување на статусот општина да се направи вистински атак врз животот на ова подрачје.

До 1960 година, постоеше општина во која влегуваше делот на битолското Мариово. Со укинувањето на општината започнува процесот на миграција и масовно иселување на село - град. Така, битолско Мариово, благодарение на ваквите процеси од регионот со 6.000 жители, станува место во кое живеат едвај 500 жители. Еве што се направи во рамките на делувањето на

локалната самоуправа и нејзините надлежности. Се изгради регионален водовод Мариово, од кој со вода за пиење се снабдуваат селата Градешница, Старавина, Будимирци и Зовиќ. Се обнови далноводот од Прилеп преку Бешиште до селата Градешница, Будимирци, Старавина и Зовиќ. Поставени се над 80 бетонски бандери, кои се обезбедени од селата Орле, Маково и Рапеш. Се пробија и тампонираа локалните патишта до селата Зовиќ, Будимирци, кои дотогаш беа непроодни за патнички и моторни возила. Се проби со селата Брниќ, Грувиште. Се асфалтира локалниот пат Старавина - Градешница во должина од 3,3 км. Се асфалтира регионалниот пат Рапеш - Старавина во должина од 3 км. За жал, господине Тромбев ова го направи ВМРО-ДПМНЕ. Пробиен е пат до Манастирот “Св.Димитрија” во село Будимирци, чија должина е повеќе од 5 км. Се асфалтирани улици во селата Рапеш, Маково и Орле. Со помош на РЕК Битола се направија полски пристапни патишта во селата Орле, Маково, Рапеш. И во секое од овие села се тампонираа улици во должина од 8 км. Во сите села на општината Старавина поставено е улично осветлување. Изработен е генерален урбанистички план за населбата Старавина и изготвена е урбанистичка документација за населбата Маково. Поставен е по еден телефонски приклучок во секое село и сателитински предаватели од кои секое семејство ќе може да добие телефонски приклучок. Да напоменам овде, до 1996 година не се замислуваше за телефонски приклучок никаков. Исклучено беше сосема. Изграден е водовод во селото Зовиќ. Поставена е прочистителна станица на резервоарот за вода во селото Градешница. Изградени се водопоила во селата Рапеш, Маково и Орле. Израден е водовод во селото Буниште. Со поставувањето на предавател од Македонската радио телевизија подобрен е приемот на програмите што ги емитува првиот и вториот канал на Македонската радио телевизија. Покрај убедувањата за инфраструктурно подобрување на територијата што го опфаќа регионот на општина Старавина, како еден од основните услови за ревитализација на овој крај, преку подобрување на квалитетот на животот, обезбедена е и концесија за производство на негазирана вода, со што се отвораат можностите за вработување од тој крај. Тоа е сповеќе од јасно што би значела една таква инвестиција за општина Старавина.

Исто така, напоменуваме дека секоја година Јавното претпријатие Македонски шуми, Кајмакчалан - Битола, од територијата на општина Старавина сечи најмалку по 15.000 метри кубни трупци и најмалку по 5.000 метри огревно дрво.

Само одвојувањето на 1% од данокот на додадена вредност доволно е општината да ги оправда сите овие свои финансиски издатоци.

Мариово, општина Старавина е необична по многу нешта. Не е обична по својата дива убавина, по својата изолираност од секојдневниот метеж и гужва по своите прирорни богатства, шуми, рудници, како и по својата историја, која ја бележи првата буна на Балканот против отоманските угнетувачи во 1564 година, а по 124 години се случува и втората буна. бунтовниот мариовец секогаш е готов да се спротивстави на неправедливоста во животот бил трудољубив човек, вреден земјоделец, сточар, дрводелец, шумарски работник, рудар и домаќин. Мариово, односно територијата што ја зафаќа општина Старавина во себе вклучува многу манастири и објекти стари по неколку века. Особено во овој период на функционирање на Старавина, како центар на локална самоуправа, континуирано е водена грижа за нивното ревитализирање и спасување од можноста многу лесно да станат урнатини. Така, не само како грижа за културното наследство и традиција, со која овој дел изобилува, туку и во насока на општо заживување на овој крај направени се зафати на речиси сите објекти. Направена е електирификација на Манастирот “Свети Илија” во Градешница, изградена е настрешница конак на Манастирот “Свти Илија” во Градешница, а обезбедени се материјали за изградба на настрешници на манастирите “Свети Атанасиј” во Старавина и “Света Петка” во Маково и Бешиште.

Во 2002 година направена е најголема афирмација на општината Старавина. Со посетата на претседателот на Република Македонија, премиерот и министерот за транспорт и врски, продолжија активностите на популаризација и афирмација на регионот со посетата на претставниците на фондови, СОРОС, УСАИД и амбасадорите на Германија и САД. Германската амбасада донираше машина за чистење на снегот со вредност од 12.000 евра, а американскиот амбасадор Лоренс Батлер лично го означи почетокот на функционирањето на водоводната мрежа во селото Зовиќ, за што финансиски средства обезбеди и чија вредност изнесуваше некаде околу 30.000 евра.

Фондацијата СОРОС преку обезбедувањето на финансиски средства го овозможи одржувањето на детскиот летен камп “Итар Пејо”. Потврда дека во живописен мариовски крај е податлив и неисцрпна ризница за развој на селскиот туризам. Затоа сакам да ви кажам, неслучајно дека господинот Лоренс Батлер дојде во оваа општина и престојот на секретарот на германската амбасада во Република

Македонија со целото свое семејство во Старавина. Видливо беше воодушевувањето на овој германски дипломат и целото негово семејство од викендот поминат во Мариово и американскиот амбасадор, кој не го крие задоволството од престојот во општината Старавина, а особено во понудата на планината Ниџе, месноста Лаките. Батлер, под импресија на природните убавини и живописноста на планината и планинската куќа, со конкретен предлог да изгради дипломатска куќа за потребите на Американската амбасада и амбасадите на скандинавските земји.

Инаку, сепак, од најголемите зафати најзначајно е асфалтирањето на дел од регионалниот пат во 2002 година по должина од 8 км., од селото Рапеш до селото Градешница. Отворена можност постои со помош на Американската амбасада, заедно со амбасадорите на скандинавските земји и Германската амбасада, тој пат да биде завршен со тоа што тие ќе го финансирааат до асфалтирањето на овој регионален пат чија должина изнесува некаде 13 километри.

На теиторијата на општина Старавина постојат идеални услови за отворање на мали преработувачки капацитети за дрво, бидејќи има 33 илјади хектари шуми. Отворање мини фарми за кози, овци, крави, млекара од преработувачки капацитети, преработувачки капацитети, за месо, преработка на овошни плодови и сокови, погони за лековити билки и етерични масла, откуп на печурки и нивна преработка, изработка на ракотворби, народни носии, сувенири, ловно риболовно стопанисување и изградба на хидроелектрани.

Од страна на државните институции, во последните 50-тина години направени се големи неправди и грешки кон селата од битолскиот дел на Мариово. Дел од тие неправди се корегираа со Законот за територијална поделба од 1996 година. Сега повторно Собранието на Република Македонија и Владата, при донесувањето на новиот закон за територијална поделба, се на прагот да донесат законско решение со кое општина Старавина, не само што ќе го изгуби својот статус, туку постои опасност од замирање на животот во овој регион.

Жителите на општина Старавина и сите Мариовци во Република Македонија, да ве информирам почитувани пратеници, ги има некаде околу 50 илјади во Република Македонија, и надвор од неа и се надеваат дека Владата и Собранието на Република Македонија, вие почитувани пратеници, нема да ги повторат грешките од минатото и ќе овозможат општина Старавина да го задржи статусот на општина и да може да се живее и да развива. Со овој дел завршив со општината Старавина.

Нешто да кажам и за општина Бач, зошто треба да остане општина Бач.

Почитувани пратеници, и колку дај дофрлате јас ќе го кажам моето мислење зошто да остане.

Не задоволни од новиот предлог закон за територијална организација на Република Македонија, во кој закон се предвидува прекинување на општина Бач и припојување на следната општина Новаци, со надеж дека ќе се преземат мерки, со цел општината Бач да остане во сегашните граници.

Прв, и основен критериум, според нас, за опастанок на општината е тој дека има извонредни приходи, па сметаме дека општината има доволно средства за опстанок. На пример, постоење на 4 фабрики за минерална вода, сепарација за песок, водостопанство Битола во село Брод, приватна сепарација за песок во Брод, подрачна единица на македонски шуми, Кајмакчалан, Битола, пресметковна единица во Бач на ЗИК "Пелагонија" итн., две ловни подружници. 15 илјади овци има на зимска испаша и друго. Воедно и самата географска положба на општината е таква близината со границата на Република Грција, што е неопходно постоењето на општината.

Доколку општината Бач се припои кон соседната општина Новаци, со која нема никакви комуникации, се мисли на асфалтни патишта, па така населението на општина Бач и за најмала работа треба најпрвин да патува 35 км до Битола, а потоа уште 10 км. до Новаци, за една обична потврда. Тоа значи дека треба цел еден ден да се изгуби за најмала ситница и да се спомне фактот, доколку општината се припои кон соседната општина Новаци, овој пограничен реон ќе стане мртов, населението повторно ќе почне да се иселува, како што беше случајот пред 30-тина години. Според тоа, да не се укине, туку да се остане во своите постојани граници, со седиште во општина Бач.

Можам да кажам дека и од следните историски податоци барањето ќе го поткрепам зошто треба да остане општината Бач како општина центар, таа постои уште од 1916 година. Со пробивот на српската војска, главната команда се наоѓала токму во село Бач. Истовремено, востановиле односно тука формирале во тој период цивилна граѓанска власт со болници, администрација, народна одбрана, и сл. Односно со сите одбележја, на една општина формирале училишта, жандармерија и сл. Во склопот на општината Бач, биле следните села: Живојно, Гермијам, Брод, Совиќ, Добровениц, Сливница, Тепавци, Гнилеш, Неготино, Полог, Врањевци, Скочивир Ивени, така оваа општина функционираше се до 1944 година.

За време на окупацијата, од страна на Бугарија постоеше како општина со сите горенаведени села. И по ослободувањето исто така остана да постои и работи како општина, како општина Бач. Функционираше се до 1956 година кога настана реорганизација, така што дел од територијата на општината, се припои кон Новаци, а дел кон Битола и Бистрица. Ваквата состојба траеше се до формирањето на општината од 1996 година.

Во периодот кога функционираше општина Бач, жителите од горенаведените места се соочуваа со голем број на проблеми, така и за најмала работа беа принудени да одат до Бистрица па таму да чекаат и по повеќе часови за да ги добијат потребните документи.

Поради тешката економска состојба во државата, односно поради сиромаштијата, во овој пограничен регион дел од државата кој се смета за еден од најнеразвиените подрачја, рурален дел, голем дел од населението мигрираше во прекуокеанските земји. Добар дел од жителите се иселуваа во градот Битола, Скопје, барајќи подобри услови за живот.

Така споредј пописот во 1991 година во  општината живеат околу 1000 жители од македонска националност. Сакаме да го напоменеме фактот дека до 1996 година во овој дел на Република Македонија воопшто не беше ништо сторено и изградено. Не беа изградени ни најнеопходните инфраструктурни објекти. Немаше водовод, немаше улично осветлување, локалните батишта беа неасфалтирани. До пред десет години не беше и асфалтиран руралниот пат Битола - Скочимир. Поради ваквите состојби имаше појави на голема миграција село - град.

Со Законот за територијална поделба односно со формирањето на општина Бач во 1996 година, општината повторно почна да заживува, така почна да се чувствуваат благодетите од функционирањето на општината, најпрво започна изградбата на водовод и во село Бач, Живојно, Гермијан, Брод, Сливница што значи во тек е изградбата на водоводот во село Скочивир. Започна изградба на улично осветлување во сите населени места во општината Бач, Гермијан, Живојно, Брод, Доброваење, Скочивир и Сливица.

Локалните патишта кои беа во многу лоша состојба односно запоставени започнаа да се тампонираат, асфалтираат и главните улици на населениете места исто така се асфалтираа. Со формирањето на општината, беше инсталирана телефонска централа со голем број на телефонски линии. Бидејќи населението од општината главно се занимава со земјоделство и сточарство, се појави и потреба од

изградба на разни поила за напивање на добитокот од кои моментално има околу 1000 грла крупен добиток, околу 5000 грла ситен добиток, и поради тоа е во тек изградба на три водопоила во општината. Во општината изградени се и пуштени во употреба 3 фабрики за минерална вода. А во изградба се сеуште две такви фабрики, што значи дека општината заживува. Да напоменеме и тоа дека во последните 3-4 години, голем број на семејства се враќаат од Битола во општината поради финансиски причини и започнуваат да се занимаваат со земјоделство и сточарство.

Исто така, уште поголем е бројот на повратници кои во пролет-лето се враќаат и се занимаваат со производство на житарици и Бостан поради оволните климатски услови.

На крајот да истакнам  дека општината Бач има и површина од 255 км.2, нејзина јужна граница претставува границата со Република Грција која е членка на ЕУ. Општината Бач е вклучена во проекти кои се однесуваат на меѓу граничната соработка со Р.Грција кои допрва треба да се реализираат.

Да го споменеме и фактот дека поради непосредната близина со државната граница на Р.Грција пред формирањето на општината постоеја диви премини кои се користења за разни криминални активности и најмногу се користеа за шверцување на автомобили, се вршеа разни кражби, па жителите соочувајќи се со ваквите проблеми немаше каде да се обратат. Но, со формирањето на општината, жителите ги пријавуваа ваквите гранични инциденти па со посредство на локалната самоуправа и соработката со полицијата и армијата на Република Македонија овие проблеми беа навреме спречувани. Затоа сметаме, дека доколку се укине општината од овој дел од населението повторно би се соочил со истите проблеми, а со тоа повторно би се активирале такви криминални дејствија. Општината Бач и целокупното население кое живее во овој пограничен рурален дел општината Бач да не се укине или се припои кон некоја општина друга, туку да продолжи и понатаму да си функционира почитуван министре ме слушнавте за општина Бач.

Сега нешто сакам да кажам за општина Бистрица.  Општината Бистрица е со над 5000 жители, почитувани со новиот предлог за територијално решение за општините во Македонија, општина Бистсрица престанува  да постои како таква и се врши припојување кон општина Битола. Овој предлог ги вознемири најголемиот дел од нашите жители, кои поучени од претходното искуство со истата општина Битола, период на тотална марганизација, опустошување и иселување. Предлогот не го прифаќаат. Веднаш, после објавувањето на предлогот се формира иницијативен

одбор, кој организира состанок, во присуство на сите 19 претседатели на месни заедници кои едногласно го отфрлаат предлогот за припојување на општина Бистрица кон општина Битола. При кроењето на новата територијална карта не се земени во предвид ниту критериумите кои наводно ги воспостави Владата при формирањето на новата територијална карта, а што е најбитно не се земени во предвид ниту достигнувањето на општината, ниту перспективата, ниту можноста за самоодржување, ниту волјата на народот кој живее во оваа општина.

Земени се во предвид само теснопартиски пазарења, испирирани од фактот што на ова тло перспективата на СДСМ е очајна, бидејќи општина Бистрица во изминатиот период од три години има неколку кратно побрз развој на сите полиња споредувана со општина Битола. Знаете ли зошто така зборувам? Затоа што во општина Бистрица градоначалник е од ВМРО-ДПМНЕ, а во општина Битола градоначалникот е од СДСМ. Затоа општина како општина Бистрица е понапреда.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, колега да не претеруваме во дијалогот. . .

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Затоа сметаме дека предлогот е брутален акт врз нашата на ова тло. Во таа насока општина Бистрица е населена со повеќе од 5 илјади жители како рурална општина се спојува со урбан центар. Не се зема во предвид стопанскиот потенцијал на општината, која може да се самофинансира, и се прашуваме, не земаат ли во општината Битола за да не финансираат.

Почитуван министре, значи Бистрица се зема во Битола за да се финансира. Не е точно. Мислат ли со сила да не држат таму каде праксата покажа дека не ни е местото. Ќе се задржам сега за некои инфраструктурни активности во општина Бистрица. Ако го елаборирам ова цело, мислам дека малце е 6 саатот.

Но, ќе бидам пократок за да му дозволиме и на некој друг.

Општината ќе почнам со селата во самата општина, Крстор направена е санација на водоводниот систем за вода, промена на дистрибутивната мрежа во селото, реконсрукција на резервоарот за вода, асфалтирање на сите улици во селото, помош при конструкција на црквата, манастирот итн. Ова се спомнува само за селото Крстор од таа општина.

Селото Левени има направено санација на раезервоарот за вода, реконструкција на црква и манастирите, асвалтирање на локални улици, приклучување на главниот систем за водоснабдување. Во селото Бистрица

асфалтирање на локали улици, асфалтирање на спортски полигон, помош на цркви и манастири, изведба на нов систем за водоснабдување со станица за одводнување и друго.

Во селото Канина, отворање на школо, нов водоводен систем, асфалтирање на улици, помош при консрукција на црквата, санација на резервоар за вода и друго. Во селото Породин. Поправка и смена на водоводни пумпи, санација на здравстсвен дом, асфалтирање на улици, одводнување деловна санација на школото, месната заедница, изградба на споменик, спомен парк и друго.

Во селото Велушино направен етномузеј, помош во реконструкција на најстарата црква на Балканот, асфалтирање на целата патна мрежа, санација на резервоар. Во селото Лажец, целосна санација на школо, нов асвалтиран пат, патна мрежа и друго. Во селото Острец нов асфалтиран пат, патна мрежа и друго. Во селото Острец, нов водовод одводнување итн. Гранишница, нова амбуланта направено, санација на школо, водовод во селото и друго. Во селото Кишова, делумна санација на пат, со помош на џамија, асфалтирање во село и друго. Кременица, нов водовод, отворено ново школо, одводнување, нова амбуланта, помош на црква и друго. Во селото Меџитлија, помош за џамијата, нов водовод, одводнување итн. Значи ако е градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ води рачуниверзитет и за овие етнички албанци. Егри - нов водовод, ново школо, тампонирање на улици во село, спортско-рекреативен полигон, итн. ова село Егри е многу значајно за Република Македонија, затоа што е најголем производител на шеќерна репка во Република Македонија како село. Село Жабљани, ново школо, нов водовод, тампонирање на улици во село, помош за црква. Оптичари, нов водовод, делумна санација за школо, помош за црква итн. Во селото Кравари, направено ново школо, нова библиотека, нова пешачка патека, осветлување на магистрален пат, помош за црква, комплетно одводнување итн. што се не е направено.

Општина Бистрица, има изведено најдобро улично осветлување, споредбено со било која општина во Македонија. Ако не верува некој секој нека повели и нека види таму. Општина Бистрица финансира 7 спортски клубови и реконструира игралишта и спортски терени. Општина Бистрица, соработува со сите граѓански организации и здруженија, во општината но и пошироко. Во припрема се следните проекти. Поврзување на регионален систем, за водснабдување на Кравари и Лажец, асвалтирање на пристапен пат до Егри, асфалтирање на повеќе патишта во повеќе населени места. Изведба на повеќе паркови и детски игралишта, реконструкција на

неколкуте преостанати школи, реконструкција на повеќе дистрибутивни мрежи во селата. Ова се дел од сите наши активности во минативе три години и само да напоменеме дека сумата за реализација на овие активности за неколку 10-тици пати поголема од буџетските средства на општината а средствата се обезбедени со макотрпна работа на надлежните во општината од различни извори на финансирање, но мал дел од нив се средства од државниот буџет.

Не би сакал натаму да ве замарам, со местоположбата на општина Бистрица, најверователно ќе се јавам во наредните денови уште еднаш да дообразложам за оваа општина бидејќи има многу податоци. Затоа, јас ќе бидам против оваа прва фаза, внесена во овој закон за територијална организација бидејќи на ваков начин предлага Владата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Збор има господинот Слободан Најдовски.

Повелете колега.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Не толку реплика, бидејќи навистина ми е тешко да зборувам за општина Бистрица, бидејќи јас зборував и во 1996 година кога се носеше Законот за територијална поделба и ако се погледаат стенограмите од тогаш, една реченица која што ја реков за таа општина на тогашниот министер, кој што го бранеше законот од името на Владата, сегашниот експерт и советник на ВМРО-ДПМНЕ, ќе се оствари таа. Тоа беше министерот господинот Поповски и тоа не е пријатно тука да го споменуваме, бидејќи не е присутен, но еве кога веќе сакате ќе го спомнеме.

Со оглед на тоа што ќе си го задржам правото да дискутирам, чисто ме интересира дали господинот Србиновски, со чиста совест се залага општина Бистрица да биде посебна општина.

Второ, дали е тоа став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на партијата ВМРО-ДПМНЕ, Бистрица да биде општина. Со оглед на тоа што, иако беше речено дека има потписи од 19 претседатели на месни заедници кои одржале состанок, за ваша информација, не се 19, бидејќи биле присутни само дел од жителите на месните заедници и велам многу внимателно да се дискутира за таа

општина и внимаваме на таков начин еден дел од претседателите му се однесени дома после да се потпишуваат. Господин Србиновски точно знае на кого му се однесени и затоа велам болно е тое прашање да го отвораме на ваков начин. Слушајќи го толку, колку фали Бистрица, Бач, Старавина, инаку, јас живеам во општина Бистрица, во село Кравари. Роден сум во општина Бач во селото Добровени, господине Србиноски и слушајќи ве како ги фалите, а и некои ваши колеги кога ќе почнат да зборуваат за тие села, си мислам дека од утре ќе дојдете да живеете со нас на село. Но, гледајќи ве вака овде, сите ги фалите, ама ниеден не сакате да дојдете да живеете кај нас насело.

Молам, да ми се одговори дали сте со чиста совест за општина Бистрица да биде општина и дали е тоа став на ВМРО-ДПМНЕ и врз основа на тоа ќе можеме после да дискутираме за сите овие општини, со оглед на тоа што се уште се нема јавено за дискусија, кога ќе имаме јасни ставови, ќе можам да дискутирам. Инаку, ќе го кажам и бројот на жители кој што го изнесувате е неточен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колега.

Господинот Илија Србиновски.

Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке,

На почитуваниот колега Слободан ќе му одговорам следното.

Прво, во 1996 година ВМРО-ДПМНЕ не беше во Парламент, беше во опозиција. Сега, многу кратко и јасно пошто ве прашува дали тоа е став на партијата, ние како ВМРО-ДПМНЕ кажавме дека се залагаме за сите 123 општини, да останат во Република Македонија како постоечки општини. А, Слободан нека си провери самиот дали по месните заедници се потврдени тие работи или не се, а ова е став на тие граѓани кои живеат таму во општина Бистрица и сакаат да биде општина Бистрица.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, дами и господа пратеници,

Денеска е четврти ден како што дебатираме за Предлог законот за новата територијална организација во Република Македонија. Пред нас, почитувани пратеници, го имаме владиниот предлог, врз член 16 на Уставот на Република Македонија. Ние како републички Парламент треба да го усвоиме овој закон како дел на пакетот закони за децентрализација.

Во врска со усвојувањето на овој закон и јас имам свои ставови, со што мислам дека ќе дадам свој придонес во врска со оваа проблематика, за што се заинтересирани сите граѓани на Република Македонија. Целосно свесен за судбината дека станува збор за многу чувствителна процедура, волјата во сферата на децентрализацијата е многу чувствителна и има многу реакции во однос на Предлогот за новата територијална поделба односно за новата локална самоуправа. Но, причините или потребата за усвојување на овој закон се многу оправдани од самиот факт што со самото усвојување на Законот во 2002 година за локална самоуправа е зголемен бројот на надлежностите на општините. Затоа, се поставува потребата од нова територијална организација, за да се создаде нов амбиент за потребите на граѓаните и на интересите на граѓаните во нивните општини. Освен другите причини за кои што мислам дека сите ние и на нас ни се добро познати, посебно треба да го спомнам фактот дека со усвојувањето на овој закон, се исполнува уште една обврска која што произлегува од Охридскиот договор.

Имајќи ги предвид овие факти што ги спомнав претходно, изненаден сум како е можно некој колеги во своите дискусии во врска со ова многу сериозно прашање, кое што во основа се однесува на реформи, на реални процеси во однос на територијална организација пласираат идеи пред јавноста дека станува збор за поделба на Република Македонија, всушност, за нејзина федерализација. Дилемите што се поставуваат треба да се засноваат на многу посилни историски факти кога станува збор, да речеме, Кичево и да речеме Струга. Бидејќи, многу побитни се природните аргументи, руралните општини кои што беа одделени од Кичево во 1956 година, треба повторно да се вратат во рамките на градот. Аргументите што произлегоа од територијална организација донесена 1996 година, освен природните ресурси, треба да се заснова и на други причини што се однесуваат во однос на законот за локална самоуправа. На крајот на краиштата, Струга е специфична, како

проблем, како прашање. Струга и Охрид бараат да имаат посебен третман и од фактот дека туристичкиот развој не познава граници, не познава ограничување на простор. Процесот на територијалната организација, кој не е во практика на надлежноста и на реформистичкиот развој и во други развиени држави, кои што се многу поразвиени од Македонија, проблемот на бројот на општините, на пример, во Данска. Или пак, еден друг сегмент во однос на парламентарниот мандат во Франција врз основа на развојните критериуми, се основаат нови општини.

Почитувани колеги, процесот на децентрализација на локалната власт и територијална организација, не треба да биде политички интерес, туку да има основа на развојот на општините, а тоа ќе биде во интерес на граѓаните. Загрижувањата во однос на Кичево и на Струга што ни се појавуваат овдека се нереални, бидејќи и тие како урбани центри многу лесно ќе ги извршуваат своите надлежности во сите области од живеењето што се врз основа на законот за локална самоуправа. Ова намерно го спомнав, за да се направи една паралела меѓу оваа категорија на окрупнување на општините, да речеме, се обединуваат две рурални општини со околу 15 илјади жители, што ќе биде многу, многу тешко за нејзиниот развој во однос на еден урбан центар.

Затоа, немам дилеми да гласам за предлогот на Владата што се однесува до урбаните центри, но треба да најдеме попрактични форми за формирање на рурални општини. Моите погледи се дека тие не треба да имаат големи оптоварувања, но треба да имаат реални услови и реални критериуми што се предвидени во овој закон, а тоа се демографските услови, административни услуги, квалитативни, ресурси на самофинансирање, развојни, економски услови врз основа на економски ресурси. Административни објекти за нормално функционирање, инфраструктура и географските и природните предности. Тогаш, многу посериозно можеме да застанеме во дискутирањето на ова прашање во однос на еден дополнителен предлог и мислам дека ќе се создадат навистина многу поинакви услови за една споредба на овие рурални општини со тие урбани центри. Кога станува збор за руралните центри, со дополнување на предлогот, малите општини кои што не ги исполнуваат претходните критериуми треба да се доближат или да се обединат со поголеми општини, се разбира, имајќи ги предвид, пред се, развојните критериуми и треба да се создаде можност со овој закон и натаму да останат во рамките на актуелните, моменталните граници.

Имајќи ги предвид сите овие факти, ангажирањето на Македонија за интегрирање во Европската унија, реализацијата на Охридскиот рамковен договор, економска стабилност и политичка стабилност на државата, со законот за децентрализација на локалната самоуправа, Законот за територијална организација, Законот за организирање на град Скопје, Закон за фискална политика на општините, ќе заокружиме уште едно поглавје на Охридскиот договор, така што пред меѓународниот фактор ќе се покажеме како сериозен партнер.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арифи.

На ред е пратеникот Марјан Ѓорчев, а имаме уште 25 минути, дали ќе бидат доволни.

Повелете господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани дами и господа пратеници,

Предлогот на закон за територијално разграничување на општините во Република Македонија, според мене, е закон од исклучителна важност, кој што го детерминира одржливиот економски, социјален и политички развој на Република Македонија. Најнапред, јас ќе се обидам да дадам свое видување на пристапот на предлагачот на овој закон во насока на тоа што, покрај тоа што овој закон претставува во основа територијално разграничување на општинските граници и утврдувањето на бројот, големината и основните карактеристики на општините дека тој во основа претставува децентрализација и дерегулација на административно ниво на општествено-економскиот живот односно на административното уредување на општествено-економскиот живот во Република Македонија. Ценам дека во овој дел, предлагачот на законот, имајќи ги предвид уставните амандмани и одредени уставни амандмани, кои што фактички претставуваат отелотворување на Рамковниот договор, исклучиво во техничка димензија во подготовките на овој закон, ги промовира децентрализацијата и дерегулацијата, додека суштинската димензија на овој закон се допира мошне малку. Тоа е така, затоа што по она што го имаме како Предлог закон произлегува дека децентрализацијата и дерегулацијата е стратегиски интерес на власта, што не е можно, таа е централна власт, а по

дефиниција треба да се бори за децентрализација, а не е стратегиско прашање на граѓаните на Република Македонија. Апсолутно погрешна теза според мене и оттука суштинската димензија на овој закон отсуствува веќе во она што се вели во основното негово објаснување дека со овој закон се овозможува децентрализација и дерегулација.

Зошто велам дека се работи само за техничка димензија при подготовката на овој закон, не навлегувајќи во обидите на предлагачот на законот да ја образложи оваа техничка димензија, кој што предизвика симпатии кај граѓаните на Република Македонија, објаснувањата кои што засегаат многубројни критериуми. Еве од кои причини.

Прво, во делот на она што претставува интерес на граѓаните на Република Македонија, а тоа е според анкетата на УНДП во првата половина од 2003 година 27,5% граѓани на Република Македонија сметаат дека апсолутно е неприфатлива новата територијална поделба, а 35,4% сметаат дека е таа непожелна и нецелосно прифатлива. Значи, 51,2% граѓани на Република Македонија сметаат дека новата територијална поделба, новото територијално разграничување е или непотребно или непожелно и нецелосно прифатливо за граѓаните на Република Македонија. Оттука, произлегува тезата што јас сега ја промовирам тука на оваа говорница во Парламентот дека имаме спротивставени интереси на граѓаните на Република Македонија, барем според искажаните анкети и власта во Република Македонија, која што во одреден момент ја практикуваат одделни политички субјекти. Ако политичките субјекти се повикани за техничката димензија на спроведувањето и имплементацијата на одредени одредби од Рамковниот договор и имплементацијата на самите амандмани во законска проекција, тоа е во ред. Меѓутоа, отсуствува, уште еднаш ќе повторам, суштинската димензија на овој закон, а суштинската димензија локалната самоуправа да ги задоволи подобро, на похуман начин, на поефикасен, на порационален начин потребите на граѓаните на Република Македонија, а не да задоволи само бројка во она што значи исполнувањето, на она што претставува обврска на оние кои што ја практикуваат власта и тоа да го спроведат во вид на законска норма или предлог, кој што ние тука во Парламентот ќе го усвоиме.

На таков начин, при услови на спротивставени интереси на граѓаните на Република Македонија и Предлогот на законот од страна на власта, а тоа се изразува со многубројни референдуми ширум државата, ако се одземе политичката конотација, а и треба да се одземе, тоа искрено изразување, би рекол, на желбата

на граѓаните, затоа што резултатите од референдумите се многу јасни, искрено изразување на желбите на граѓаните значи за поголем број на општини. Оттука, произлегува дека ние во Република Македонија со овој, би рекол, Предлог на закон за територијално разграничување на локалната самоуправа, добиваме нов модел во ова четврто ниво на власт да имаме управување со демократијата, а тоа веќе отвора морални дилеми, кои морални дилеми се гледаат во тоа што веќе во овие анкети, сега имаме локални избори во оваа година, која е морална дилема кај граѓаните на Република Македонија? Над 50% или не сакаат да гласаат за ниедна политичка партија, или пак воопшто не сакаат да излезат на гласање. Тоа покажува дека граѓаните веќе не ги интересира на каков начин ние тука во Парламентот ги гледаме законите или како тие се предлагаат или како ние како политички субјекти за нив дискутираме, туку нив ги интересира на секој начин да ја ограничат власта колку е тоа можно, како е тоа можно и на било кое ниво што помалку да располага со власт. Тоа е основата на она што претставува и најизразено е во делот на локалната самоуправа односно во делот на општините.

Зошто е таква реакцијата на граѓаните на Република Македонија и најмалку е изразена кога се во прашање општините? Затоа што општината е постар облик на меѓучовечка комуникација, отколку што е државата. Значи, таа по дефиниција како постар облик на меѓучовечка комуникација реагира, би рекол импулсивно, преку референдумите, собирите на граѓани и граѓански иницијативи.

Понатаму, општината не може да биде административна креација на експерти или на претставници на политички партии, па дури и на најповиканите од извршната власт, кои се повикани во одделни ресори тоа да го брана. Туку, напротив, таа треба да биде творба на природните услови, а природните услови во Република Македонија се економско-географската димензија, потоа достигнатиот степен на стопански раст, на стопански развој, достигнатата социјална структура во општините, демографските фактори итн, значи објективните фактори, а не политичките фактори. Значи, ова не е, уште еднаш ќе кажам, како што зборував за декларацијата, ова не е иманентно политички чин, ова е чисто природен чин, затоа што општината не може да биде административна креација на власта. Општината мора да биде креација на граѓаните односно израз на желба на граѓаните, таква општина да постои или да не постои. Тоа е највисокото демократско право, затоа што општината пак во основа претставува директна непосредна врска на граѓаните со власта, каде што граѓаните на најдиректен начин ја практикуваат демократијата, а

демоктаритија се практикува преку собир на граѓаните, се практикува преку референдум, се практикува преку граѓанска иницијатива.

Ние видовме какви проблеми имаме, дегресија ќе направам со државниот универзитет во Тетово, да објасниме дека таа граѓанска иницијатива е легална, или нелегална, или ваква или таква, ама не можеме да ја оспориме. Значи, непосредно формата демократија и тука во Парламентот изгласавме Закон кој што ние како опозиција не се согласувавме, меѓутоа се изгласа, а во зародишот е непосредна демократија, непосредна граѓанска иницијатива која што ја покренале македонци од албанска етничка заедница. Значи, неспорна е таа формална демократија. Мораме да сфатиме дека тука граѓаните се борат за своите изборни права. Се борат за својата индивидуална станбена зграда, за својот двор, за својата пешачка патека. Се борат за лежечки полицаец, се борат за гробиштата, се борат за уредување на водоводна мрежа или за канализациона мрежа. Во Скопје за атмосферска канализација која што ја нема, за пречистителни станици. Тука граѓаните се борат изворно за она што претставува 90% од нивното секојдневие и не им е многу гајле за нас тука, претставниците на политичките партии. Не им е гајле верувајте, затоа што ние најмалку мислиме за нивниот двор, дали има водоводна мрежа, дали ќе имаат лежечки полицаец. Нема. Едноставно тие ни искажуваат сега протест со тоа што излегуваат на референдум, со тоа што се спротивставуваат на овој предлог на закон на власта, затоа што власта не ги консултирала доволно.

Во принцип ние тука промовиравме после 2001 година консенсуална демократија, во овој Парламент на Република Македонија. Консенсуална демократија не значи само договор помеѓу политички субјекти кои што се на власт, туку и договор со опозицијата, договор со граѓаните, договор со невладините организации. Тоа подразбира процес од 3,4,5 години, а ние тука сакаме во период од само неполна година одкако УНДП ни укажа дека граѓаните над 50% не ја прифаќаат новата територијална поделба наеднаш да ги убедиме граѓаните дека ние отпочнуваме со тоа и заради нашите поени како политичари да докажеме дека оваа територијална поделба е таква каква што треба да биде, дека таа е нужна, дека таа е одбранлива со објективни критериуми и тоа значи дека ќе ја браниме таа позиција. Не, почитувани пратеници таа позиција е небранлива, затоа што тие изворни прашања односно изворните потреби на граѓаните бараат задоволување. Ние пред две-три недели го имавме законот за финансирање на општините. Што утврдивме со тој закон? Утврдивме дека предлозите се недоволни. 1% од ДДВ, 3,1% од

персоналниот данок на доход, донациите, самопридонесите се форми кои што нема да ги зголемат сегашните милијарда денари јавна потрошувачка во општините да порасне не 30% од европската потрошувачка, колку што е во Европската унија, барем 10%, ама 10% од буџетот значи шест милијарди. Во основа за да ги задоволиме потребите на граѓаните, за да обезбедиме поквалитетно уредување на нивните потреби, похумано, порационално, поефикасно треба да најдеме пари, а ние не ги наоѓаме парите и велиме ќе го скратиме бројот на општините, ќе ги урбанизираме, ќе ги рурализираме, а во основа не им даваме никаква надеж на граѓаните. Со милијарда ипол денари, вкупно колку што ќе оддели државата нема да обезбедиме поквалитетно решавање, сервисирање на потребите на граѓаните на локално ниво, подобар комунален ред, да нема купишта од пластика, депонии во секое урбано и населено место. Да нема купишта на ѓубре околу кантите за ѓубре. Тоа не е решение и тука власта е во заблуда. Со картотека од закони не се оди во Европа. Со промена на свеста, да нема ѓубришта, да има пешачки патеки, патеки за велосипеди, тоа е Европа, а не е Европа ќе донесеме сега закон за нова територијална поделба, ќе го изгласаме тука, или ќе го надгласаме, како милувате да правите во овие месеци што изминаа и на таков начин ние ќе се доближиме до Европа. Ние со тоа едноставно се оддалечуваме. Овде имаме судир со граѓаните на Република Македонија. Нивното величество, граѓанинот во овој Парламент е појак од власта, затоа што тие ни кажуваат преку непосредната демократија не го сакаме овој закон, против овој закон сме, си ги сакаме нашите општини.

Исто така во делот на бројот, големината и структурата, основните карактеристики на општините имам сериозни забелешки, затоа што се оди на едно катастрофално намалување на бројот на општините во Република Македонија, а само пред неколку недели министерката за надворешни работи госпоѓа Митрева промовира дека Словенија ни е нас земја која што ќе ни биде топ лидер или поддржувач на нашето зачленување во Европската унија.

Ако ни е Словенија топ лидер би требало во најмала рака, барем во овој дел на непосредна демократија да ја пресликаме Словенија затоа што имаме иста географска големина, имаме ист број на население, имаме иста географска конфигурација, високи планини, тесни речни долини, мали низини и ние мораме да ја следиме Словенија барем во делот на непосредната демократија, затоа што Словенија има 192 општини. Словенија размислува за второ ниво на власта. Размислува за региони а ние сакаме сега од 123 општини, во закон кој што го

донесовте во Парламентот на Република Македонија 1996 година, кога ВМРО-ДПМНЕ беше вонпарламентарна опозиција, ама учествувавме во изгласувањето на овој закон. Тие 123 општини ние ги браневме и тогаш заедно со министерот за правда, господинот Ѓорѓи Спасов.

(Реакција на пратениците од опозицијата).

Да, да, точно, јас учествував во разговорите и можам соодветно да одговорам на тоа затоа што имавме забелешки, меѓутоа конкретно во оваа конотација тие 123 општини овозможија независна суверена и самостојна Република Македонија да чекори по патот на непосредната демократија. Она што беше пред 1990 година. Значи пред 1996 година ние имавме систем на совети и градоначалници кои произлегуваа од поранешниот политички систем. Прв пат Република Македонија овозможи општинска власт, градоначалник и општински совети со законот од 1996 година. Јас за тој закон говорам како поранешен градоначалник и тука сум повикан да го бранам. Го практикував тој закон и кажувам дека тој број на општини не само што е доволен за Република Македонија, потребно е и да се зголеми од проста причина што 65% од територијата на Република Македонија е неразвиено подрачје, на кое што живеат 35% од македонското население. Само во 35% од македонската територија претставува развиено подрачје и таму живеат 65% од жителите а македонската територија. Значи, ние тука треба да имаме сенс и према бројот и према големината на општините. Ако е таква нашата географска конфигурација, демографска структура на население тогаш ние не можеме да кажеме дека ние ќе имаме 30 урбани општини и 28 рурални општини. Напротив спротивно. Имавме расправа на Природно математичкиот факултет, таму се работи со егзактни параметри, кажаа професорите од Природно математички факултет дека оптимална бројка е 144 општини во Република Македонија. Јас велам не 144, 150, 100 рурални 50 урбани општини. Тоа е реална бројка според процентот на она што претставува неразвиено подрачјње во Република Македонија и развиено подрачје во Република Македонија. Верувајте имаме сериозни проблеми. Имаме проблеми затоа што општинската власт го одразува степенот на демократијата. Ако ние сега се поведеме по тоа да не го почитуваме географскиот, демографскиот, социјалниот развој, економскиот развој во Република Македонија, одиме чисто од политички мотиви, тогаш ние ќе се соочиме со процесот на демократијата во Република Македонија, со процесот на одлучување кој што треба да го спуштиме на најнепосредно, директно ниво каде што граѓанинот непосредно одлучува за тоа.

Од тие причини сметам дека судбината на развојот на општините во Република Македонија лежи во руралните општини. Таму е судбината на економскиот развој, таму е судбината на социјалниот развој, таму е судбината и можноста на тие 400 илјади невработени да ги вратиме назад со реимиграција. Ние во урбаните центри не ќе можеме да ја решиме невработеноста, Ќе можеме да ја решиме со лековити билки, со отворање на погони на Алкалоид или на Лек, и ќе можеме со шумски плодови, ќе можеме со фабрики кои што ќе бидат примарна преработка на дрво, ќе можеме со користење на водите, со користење на шумите, на сите овие нивоа за кои што јас говорев како општинска сопственост да бидат дадени на користење на општините во Република Македонија. Таков пристап може да овозможи регионален, рамномерен економски развој на Република Македонија и економски бенефит на граѓаните кој што ќе овозможи навистина тие да опстанат на своите вековни огништа, а тие што ги напуштиле, а сега се без работа во центрите за евиденција во градовите да сакаат да се вратат назад или да отворат бизнис во мало претпријатие кое што ќе биде надполона на големите системи.

Во Алкалоид Скопје со години јас лично сум разговарал за можностите од 20-тина дисперзирани погони за лековити билки ширум Македонија каде што ќе можат стотици луѓе да се вработат на Кожув, Мариово, Мијачкиот крај, Осоговските планини, Тетовскиот крај на Шара независно од етничката припадност на граѓаните кои живеат во тие средини. Едноставно ние мораме да ја гледаме и таа димензија. Не само политичката, не само нашата волја или нашиот степен на управување со демократија, туку напротив сосема поинаку. Имаме реперни точки, имаме потреба на граѓаните, имаме европски стандарди, имаме она што сме денес. Вака ако го донесеме овој закон или го поминеме овој закон со ваков број на општини, на вакво ниво на задоволување на потребите, со вакво учество на локалната самоуправа во јавната потрошувачка, тогаш не не можеме да се надеваме дека граѓанинот нас ќе ни дава доверба во смисла на наши натамошни напори и убедувања да им докажеме дека ние се бориме за поквалитетен живот, за похуман живот, за порационален живот, за поефикасен живот на сите во Република Македонија.

Значи, во основа се работи за елементарни правила и ние нив мора да ги почитуваме. Уште еднаш ќе кажам. Никој не може да го поништи правото на референдум на граѓаните. И ако го поништи тоа пак ќе се јави. Ќе се јави незадоволство, ќе се јави протест, ќе има лоши одгласи, лошо ехо за Република Македонија во Европската унија. Од тука уште еднаш ќе повторам за многу работи

ние можеме да учиме од Словенија. По примерот на локалната самоуправа можеме најмногу да научиме затоа што тие многу поквалитетно го решија, обезбедија рамномерен регионален развој, обезбедија она што претставува потребно ниво на задоволување на потребите на граѓаните на Словенија и мислам дека тука можеме да ги црпиме искуствата и претставниците на извршната власт можат многу компетентно, мошне солидно, не во пресликување на законите, туку во пресликување на она што претставува есенција на идејата како Словениа тоа го решила така и Република Македонија  може тоа да го реши заради нашата иста географска конфигурација, заради истата големина и заради истоветниот број население.

Едноставно на крајот би заклучил дека ова е прва фаза на законот, се надевам дека концепцијата што јас ја изнесов за поголем број на општини од 123 во некој соодност што сметам дека треба да ги почитува географските  демографски, природни услови во Република Македонија  објективните, а не политичките критериуми треба да преовладуваат кај луѓето кои што го подготвуваат овој закон и во втората фаза да добиеме закон за територијално разграничување на општините во Република Македонија кој што навистина ќе ги одрази нивните потреби, реални потреби, а не нивните или нашите заедно политички потреби. Само на таков начин ние ќе можеме да сметаме дека тоа што го правиме тука ќе биде прифатено и од претставниците на Европската унија за кои што се договоривме дека го правиме овој закон и меѓу другото заради тоа што мораме овој закон да го донесеме. Но за многу закони ќе кажам, дегресија ќе направам и за овој, многу е важно ние да почнеме со процедура. Ако утврдиме дека грешиме човечки е да направиме отстапка, да разбереме дека тој процес е долготраен, дека ние во Република Македонија можеме со таков закон да предизвикаме проблеми и да отстапиме дали со временска димензија, дали со функционална димензија, дали во она што претставува ново утврдување на бројот, големината и карактеристиката на општината да дојдеме до вистинско решение за граѓаните на Република Македонија. Тука нема ништо срамно, има многу позитивно. Ќе покажеме дека имаме слух за демократијата, ги слушаме граѓаните и овој закон според мене во тој однос треба да претрпи радикални промени - да ги слуша граѓаните и да разбере дека потребата за општината како постар облик на меѓучовечка комуникација од она што претставува државата е многу важно. Во овој момент мораме да ги слушаме граѓаните. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи има уште пет минути до 18 часот, а следниот говорник најави дека ќе биде подолг, предлагам тука да ја завршиме денешната сесија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот по истата точка, по истото прашање, а првите тројца пратеници се господинот Орданчо Тасев, госпоѓа Силвана Бонева и господинот Владо Паунков.

Се гледаме утре во 11,00 ачасот.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот).